Д-р Ристо Ивановски

ИЛИЈАДА-ФАЛСИФИКАТ

Битола, Р.Македонија
2013 година

Д-р Ристо Ивановски, ИЛИЈАДА- ФАЛСИФИКАТ

ИВАНОВСКИ, Ристо
Илијада- фалсификат / Ристо Ивановски.
- Битола : Ивановски Р., 2013. - 130 стр; 29 см.

а) Историја на Европјаните

ПРЕДГОВОР

Јас, Ристо Ивановски, како Битолчанец- Баирчанец, ништо не можев да научам за македонската историја, затоашто нас не ни беше дозволено за неа да учиме.

Следи јас за Илинденско востание да го запрашувам еден наш помлад Илинденец со потекло од с.Смилево-тој беше мој сосед од нашата маала Арапска чешма.

Во баирското осмогодишно училиште „Тодор Ангеловски“ ние имавме учител по историја. Тој ни велеше, „оваа не е македонска историја“. Македонска историја била само Солунските Браќа и нивните учители. Тој не предупредуваше, секој оној кој за нив нема да знае, тој нема да премини- како него имало многу патриоти.

Историчарите на Н.Р. Македонија припремиле книга за македонски револуционери. Меѓутоа, таа била попречувана да излезе од печат. Конечно таа од печат излезе. Учителот на рече дека секој неа мора да ја купи. Ние ја купивме- таа беше преполна со личности. Ние бевме изненадени дека,за грев, ние ништо не сме учеле.

Учев две години во дванаесеттата класа во војното Морнаро-техничко поморско училиште во Пула- Хрватска. Бев изненаден, дека учениците од другите републики многу си знаеле за својата национална историја, но не само ние Македончињата. Кога некој ќе не запрашаше за македонската историја, ние ништо за неа не знаевме оти ја учевме само српската. Следи ние одговаравме со собирање рамења.

Како незадоволен Македонец се вратив во својата Битола. Завршив средно Земјоделско училиште- Битола, со име Борис Кидрич, а не на македонска личност.

Како сточар продолжив Земјоделски факултет- Скопје. Со домашните животни увидов дека Европа била населена со Балканци само со балкански домашни животни. Па следи Европјаните биле само Балканци- Словените биле/се само лага.

Во Скопје професор ми беше братот на Тодор Ангеловски. Тој ме засака и редовно го запрашував за неговиот брат. Исто така, професор ми беше Велешанец-другар на Кочо Рацин. За него стално говоревме.За мене,К.Рацин бил убие од 1-2 м.

Како основец од целото одделение имав најдобар состав за Тутуноберачите.

Како најдобар студент, по најтешките предмети, бев испратен во Германија, а професорот на Факултетот со директорот на Институтот во Германија биле пријатели. Директорот, кој потоа беше наименуван како претседател, а и професор во Универзитетот за земјоделски науки- Виена, многи ја сакаше Македонија. Кога тој нешто ќе ме прашаше за македонската историја јаз знаев само она што сум го учел-друго ништо. Следи мој одговор беше само со собирање на рамења- ништо повеќе.

Секоја недела имаше столбец во германските весници дека Бугарите не ги признаваат Македонците- овие биле Бугари. Еден ден претседателот-професорот ме запраша: „Колега Ристо дали во Бугарија има Бугари“. Јас си велам, што му текна и на овој човек, со нас да си игра мајтап. Тој го повтори прашањето. Јас одговорив како Македонец- со собирање на рамењата. Тогаш тој ми рече- „Колега Ристо убаво ме разбра. Ако нешто се негира, се негира само со молчење. А ова што го прават Бугарите не е негирање, туку популаризирање. Па колега, Ристо, Вас Македонците никој не ве познаваше. Благодарејќи на Бугарите Вие станавме најпопуларни. Ова говори, во Бугарија нема Бугари, туку Бугарите биле само Македонци“.

Бидејќи во Земјоделски факултет- Скопје учевме многу малку, јас бев принуден да се доусовршам за сточарство со генетика, исхрана... основа за историја.

За да се прекини да се одговара само со собирање на рамења,се продолжува:

ИЗВОРИ И ИСТОЧНИЦИ

Милан Будимир,[1] во насловот Извори и источници, пиши: „Ме прашуваат зошто кажувам ‘балкански источници’, а не ‘балкански извори’, и мислат дека изразот ‘источници’ застарел и прилично непознат, те дека затоа би било подобро да кажам ‘извори’. Ама, има разлика измеѓу тие два термини. Историчарите, и кај нас и на страна, ја собираат така виканата историска граѓа, која обично објавува под насловот извори (fontes). Така имаме извори и за нашата историја, како и за поедини историски гранки. Тоа обично се мисли на сѐ она што е напишано за некој настан, оти- како кажуваат претставниците на правно- историската школа- што не е ни хартија, го нема ни на светот (Quod non est in charta, non est in mundo).

Со среќа, сите историчари не кажуваат така. Михаил Ростоцев, кој- како што признаваат и Германите: - со своите трудови од областа на историјата го надминал и самиот Теодор Момзен, разликува повеќе видови историски извори. За него на прво место се споменици на материјалната култура (како граѓевини, патишта итн.), потоа епиграфски споменици и нумизматични легенди, а тек тогаш извори и фрагменти од самите антички историчари. На овој трипартитен зборник на историски извори би додал уште еден, кој не го споменува ни Ростоцев ни останатите историчари: мислам на непишани извори кои ни пружаат остатоци на културните речници, заправо на збирка на зборови кои упорно патуваат во епохата и од еден народ на друг. Овие непомитливи сведоци пружаат мошне важни искази за културно-историските процеси, дури и оние од давните времиња, па нивната вредност не смее никако да се занемари. За нивното правилно толкување е потребна поуздана историска лингвистика.

Германскиот професор, др Мартин Лутер, дигнал првите децении на XVI в. буна против римско- католичката латинштина и хегемонија, и тоа заправо во време кога од Балканот и од Белград османлиските освојувачи се движеле на запад и централна Европа.Лутер тогаш на своите ученици им довикнал ‘Ad fontes !’, мислејќи дека латински Рим добива снага од грчките извори на Балканот, каде, сосема правилно, се барал почетокот на европската култура. Лутеровиот повик ‘На извори !’ би можел ипак да се преведе и со синонимот ‘На источници !’, иако Лутер и неговите последници мислеле во прв ред на православните народи, балканските и источно европските, кои намерувале да ги придобијат за сојузници во својот поход против римскиот самодржец. Па ипак, сматраме дека балканските источници и за протестантските Европјани, нешто помалку но за православните, играле пресудна улога во новиот хуманизам на Вилхем Хумболт, Ернест Ренан и на ним сродни подвижувачи кои воспоставиле слобода на личноста, непозната на стариот Исток и во католичка Европа.

Во оваа книга не ќе биде говор за историските извори, малку- повеќе познати на секој стручњак, оти нивното кажување има одредена и временска ограничена вредност. Источниците, меѓутоа, се извори на повисок ред, чија докажана моќ така да се рече е непресушна и чие сведочење уште стално го слушаме, па и го проверуваме. Такви источници има на Балкано најповеќе. Ќе се трудиме, на главните да укажиме и да ги сослушаме“.

Следи Балканот бил најстар-изворен, па од него се населувала цела Европа.

---

[1] Милан Будимир, Са Балканских источника, Српска књижевна задруга, Белград, 1969- Интернет.

„Најблиски примери во тој правец се најдуваат во културниот речник, а поготово во техничката терминологија. Ние такви источници секој ден користиме, иако не им даваме секогаш иста вредност и иста содржина. Најобичен пример е изразот школа, кој го најдуваме во сите европски јазици (во тие спаѓа и унгарски, кој е угрофински, а не индоевропски дијалект). Зборот школа тргнал од јужниот Балкан на своето културно патување пред повеќе од дваесет векови и оставил трага сè до ден денешен. Со овој источник на старобалканската култура тргнале на сите четири страни на светот и други термини од таа школа, како граматика, математика, физика, музика (во Шпанија се кажува, сосема правилно (мусика), катедра, библиотека, потоа драма, трагедија, комедија, стих, лирика, еп, елегија, тон, симфонија, хармонија.

Некои сведоци од овие источници дошле во европски речник посредно по пат, преку латинските посредници: архитект, метрика, поети.

Овие се само непосредни сведоци, кои многу не го измениле својот првобитен облик, ама нашиот збор потес, кој го бележи Вук, не е ништо друго туку грчкиот υποθεσις. Така пастирскиот термин ливада всушност грчки акузатив λιβαδα, а авлија грчко αυλη, кое од грчкиот источник го добивме преку турскиот посредник. Истиот посредник ни го дал и канун, кој одговара на класичниот термин канон“.

Ништо немало грчко, ниту турско, оти двете биле варварски=пелазгиски, кои немаат ништо со јазикот на темните раси: Црнци, Индијци и Монголи.

„Разноликото дејство на старобалканските источници се огледа и во изградување на она што се вика европски менталитет. На тоа укажал на овој век францускиот лингвист А. Меје. Во таа категорија спаѓаат преведените изрази појмити и сфатити, према грчкото καταλαμβανω, чиј превод гласи comprehendo, исто како и совест- συνεδεσις- conscientia- гер. Gewissen- унг. Öntudas. Уште попоучна е лексичката група која ја чини κρατος- држава, κρατειν- држење, αυτοκρατωρ- самодржец, δημοκρατια- res publica- народна држава. За ред треба да се спомени дека Европа од грчките Балканци го презела и терминот полиција- πολιτεια. Старите хрватски филозофи го превеле терминот граматика, па кажувале словница. Еднакво постапиле со терминот философија, па така философни факултет го назвале мудросни“.

Грчки народ никогаш немало, а тн.грчки јазик коине бил само Александријски Птоломејов јазик, кој бил дворасен јазик на Белци (Пелазги) и Црнци (Семити).

„Во тој правец најдалеку отишол Бохуслав Шулек, кој хемискиот термин хидрогенхипероксид го превел со водикопријекиселиш и уште повеќе во тој смисол. Од вакви преводи останале само уште некои примерци, кои не ќе биде лесно да се напуштат, ама и такви сведоци, се разбира, не се на одмет.

Стопанскиот термин, наша стока и бугарски добиток не се ништо друго туку буквален превод на грчкиот оригинал κτηνοω (стечено). Тоа значи дека грчкиот источник го зафатил и економскиот речник на балканските народи, во прв ред вазда на покретните пастири, кои се движат измеѓу планинските пасишта и приморските зимовници. На нивна врска со грчките сточари укажува не само терминот ливада, туку и дипла и двојници, а веројатно и фрула.

Старобалканската медицина, исто како и школа, тргнала на културни патувања во разни правци. Така многу ботанички називи со кои се служат и нешколовани луѓе е буквален превод на грчкиот оригинал: сонцеглед- hēliótropos (унгарски napraforgó), невен- amarantos. Од друга страна, крупен термин од црковната терми-

нологија παππας (отец) и παπος (дедо), дадено е неколку варијанти: поп, турски папаз, лат. papas- папа, словенечки папеж и, преведено, дедо во средновековна Босна и уште денес во југоисточна Србија. (Папа, а=о, попо, Р.И.)

Солунските браќа-Кирил и Методиј- и нивните ученици изградиле, како што се знае, најстар некласичен книжевен јазик, со векови порано отколку западните Европјани, кои и после Мартин Лутер биле под доминација на латинските копии на балканскиот источник. Тоа е старословенски јазик со кој нашата книжевност имала работа и после Вуковата буна. Од тој фонд потекнува изразот дејанија, што е превод на грчкиот термин πραξις. Меѓутоа, постој и народен превод на тој ист термин, кој гласи чини- 'магија'. Од грчкиот источник потекнува и латинскиот превод factura и facticius-фетиш.Во иста област спаѓаат изразите хлеб насушен, односно крух секојдневни, како што тој гласи тој израз кај западно-балканските католици. Обата преводи се погрешни, оти преведувачите не го разбирале грчкиот источник, кој гласи αρτος επιουσιος. Не се работи тука за некој надматеријален хлеб, како тоа го сфатиле манихејците и богомилите (манихејски превод е pānis supersubstantialis, кој претпоставувал христијанска метафизика со висок ранг), а уште помалку за секојдневно редовно следување, за кое говори латинскиот превод pānis quotidiānus: примитовниот христијанин треба да се моли само за она следување на хлеб кое му е одредено за настапувајќиот ден. Овој начин на превод е зачуван само едино Маријамското евангелие: само таму речено настојашчаго дње". (хлеб - х = леб, Р.И.)

Солунските Браќа од коине ги остраниле семитските зборови и го создале тн.старословенски јазик- тој ја има варварската=пелазгиската=тн.словенска основа.

„И уште два примери на неразбирање на грчкиот оригинал. Првиот се однесува на ѓавол, кој е забележан како 'опаѓач на родот човечки' (лат. calumniātor generis humāni), како нечастивиот ги поткажувал првите луѓе. Постарите преведувачи, почнувајќи од Јероним, исто како и поновите, го сматрале грчкиот јазик на Светото писмо изразит класичен, па се држеле на речникот Платонов и Ксенофонтов, не знаејќи дека се работи за хеленистички општ дијалект, викан κοινη. Во тој дијалект διαβολος- ѓавол значи варалица. Друг е случај уште поинтерсен: православните христијани многу држат до својот епитет, мада грчкиот оригинал ορθοδοξια не значи православие, нити има ма каква врска со било која слава, туку значи напросто правилно мислење и расудување.

Овие примери покажуваат дека балканските источници треба уште да се студираат, оти е уште доста; нејасни и несослушани сведоци, кои се многу постари и од Солунските браќа. Италијанскот антрополг Ќ. Серѓи, специјалист за медитеранската култура, сматра дека се во врска измеѓу Словените и Средоземјето многу постари од доаѓањето на првите Словени на Балканот. Се знае дека најстари грчки колонии на црнопгорскиот северен брег се основани на почетокот на VII век ст. е., значи за петнаесет векови порано откако се доселиле првите Словени. Ама, францускиот археолог Ш. Пикар мисли дека трговците од минојскиот Крит доаѓале во долен Дунав уште многу порано. Тоа би значело дека културната симбиоза на нашите словенски предци од Средоземјето и старобалканските области започнало на средината на вториот милениум".

Па имало преселби од југот, а Словените биле Склавини само од V век н.е.

„Во тој поглед е поинтересен и изузетно илустриран крупниот термин град, кој не е само лингвистички сведок, туку и оној кој говори за материјалната култура

во смисла на М. Ростоцев. Терминот град, како назив на стално утврдена населба, е ограничена исклучиво на словенски речник, оти му нема трага во останатите индоевропски дијалекти. Додуше, го има на античкиот централен Балкан, кон Пелопонес и на Крит, а можда и во областа на апенинските Етрурци кои од крајот на IX век ст. е. се доселиле од источниот Балкан. Ако ја прифатиме таа врска, лексички и културно, тогаш балканскиот источник во овој случај е зачуван најстар сведок, кој многу подоцна се јавува и во Померанија, каде имаме топоним Naugard (Нов град) и Stargard (Стар град). Дека овој необичен важен термин специфичност на словенскиот речник, се гледа по неговата апофонска варијанта жрд- греда, која докажува дека таа населба е древен тип, нешто како руската деревња, а не медитерански тип, кој е од камен.

Да го сослушаме уште еден сведок кој истовремено говори и за материјалната и за духовната култура. Тоа е музичкиот инструмент викан сопиле или сопилка, е зачуван не само кај Јужните Словени, туку и кај останатите Словени; Словените, движејќи се и со Моравско- вардарската долина према Солун, најголем економски центар на ромејскиот или византијскиот Балкан, се нашле и сместиле во населбите на античките Бруги и Дарданци. Обете овие негрчки племиња, кои преминувале од Балканот и во Анадолија, биле познати веќе старогрчките племиња како изузетно музикални. Како во етрурскиот речник фрулаш се вика śuplu, откаде е позајмено и латинското subolo, а во ономастиконот на старите Бруги имаме sipulos, е мошне веројатно дека е збор за истиот инструмент за кои знаеле и старите Словени и старите Балканци. За старобалканската музика, без кое не може да се замисли ни Орфеј ни офиризам, оваа подударност, иако лексичка, ама и материјална природа, укажува, макар и фрагментарно, на оние источнаци кои се заеднички и на античката и најстарата словенска култура“. (Бруги=Бриги, Р.И.)

Бидејќи за преселби на Словени нема ниеден материјален доказ/наод, тие биле/се лага. Па јазикот на народот бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски.

„Ова е оној вид на источници кои обфаќаат временски простор од близу до четириесет векови, па ипак и главни претставници на римската цивилизација, Кикерон и Вергилиј, се борат измеѓу два екстрема: сега Балканот им е главен и едини протомајстор, било нивните деца да учат грчки или етрурски како културен јазик, а сега тие балкански Грци им се само ‘Грчиња’, кои можат да им служат како гувернанти за римската господа со помлада и постара возраст ! Кикерон, адвокат и скороевиќ (homo novus), кажува за своите философски дела, без кои не може да се замисли културниот речник на цивилизираниот Запад,дека се само преписи (απογραφα) на балканските источници и грчки оригинали. Со овој ист Кикерон го изразил неговиот професор по реторика, Аполониј, своето дивење што успеал да го земе од Грците и она што римските легии оставиле- култура и мисла. Побожниот песник (pius vates) Вергилиј, без кој ни најчуениот човек на своето време, Данте, не може да оди во мрачниот вилает, стално ги грди Хоморовите Ахајци што покушале да го оневозможат вечното царство на балканските Дарданци, основачи на Троја. Јулије Кајсар и неговиот законски посинок Октавијан викан Август потекнуваат од тие старобалкански Дарданци. Обајцата ги сматраат главни неимари на она што се вика Imperium Romanum, ама при тоа се заборава дека заправо тој Гај Јулије со своето потекло е поврзан не само за централен Балкан, каде се Бругите и Дарданците, туку и за своите подоцнежни наследници, Диокецијан, Константин Велики и Јустинијан,

кои исто така им припаѓаат на централниот Балкан, област која во VI в. н. е. ја населиле нашите претци и, што е нарочито важно, област која до ден денешен, уште од почетокот на средниот век, во знатна мера ја измениле својата своите словенски староседелци“. (Јулиј од Илиј- у=и, Р.И.)

Се потврдува дека Римската Империја ја воделе Балканци, чиј народен јазик бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик, со службен латински јазик, а христијански јазик Александријски Птоломејов јазик коине- од 300 година п.н.е.

„Пред него што тргнеме понатаму, мораме да кажеме неколки зборови за изразите извор и изворник, праизвор и источник. Место латинското туѓице оригинал, често се служиме со преведениот термин изворник, па е потребно да се објасни меѓусебниот однос на овие изрази. Таа потреба се наметнува уште пооштро кога се сетиме на терминот праизвор, кој, всушност, е преведен германски Urquell, и кој би требало да го обележува најстарото место на постанокот на некое културен феномен, заправо неговото место на родување.

Меѓутоа, во тој поглед научните работници не се повеќе полни со поуздувања како пред пола век. Досега, имено, се мислело дека најстар homo faber, човек кој произведува, не е постар од пет стотини векови; сега во источна Африка е пронајдено, како што се мисли, колевка на најстар човек, стара бар два милиони години. Така овој човек во доба на најстарата хелиолитска цивилизација, која секако припаѓала на екваторијалните области, би бил вистински и изворник и источник, така да се рече најизворен праисточник. Доскоро, понатаму, се мислело дека Мохенџо Даро во северозападна Индија е претставник на најстарата цивилизација и културен источник не само за Месопотамија туку и за Нилската долина“.

Во леденото доба Белците опстојувале во Левантот, кој се налеал со морска вода, а тој бил центар на збивањата за белата раса. Следи да се говори Средоземје.

„Ако го прифатиме такви гледишта, значи да ја прифатиме истовремено и општата теорија на миграција и да ја отфрлиме теоријата на полигенеза.Кога е збор за лингвистички сведоци и споменици на минатото, тогаш воедно значи да ја прифатиме моногенезата на А. Тромебетиј кој ја застапувал, на свој начин, единство на сите јазици и сите идоми, без обsир на место и време на некој лингвистички феномен. Така патот ни се чини уште стално прилично безнадежен, оти во тој случај ништо не се дава да се одреди, ни временски ни географски; затоа се држиме на историскиот метод кој, кога е збор за лингвистичките документи, да се проверува компаративно, на основ на фонетскиот закон.

Нема сумливост, Балканот, веќе по својата положба, и во давно време, бил поврзан и за приморските области на источното Средоземје. Затоа и самиот татко на историјата, Херодот, објаснувал понекоја појава од балканскиот југ поврзана и со влијанија од западна Азија и североисточна Африка. Нарочито во тој смисол потезаните семитски јазици, чии траги се откриени не само на Крит туку и на балканското копно. Од семитската Фојникија доаѓа Кадмо и стигнува сè до западнобалканското приморје. Од друга страна, култот на семитската Кабира не се јавува само во Бојотија, туку и на источнобалканското примпрје. Денес, меѓутоа, оваа семитска теза многу изгубила од својата убедливост, макар во најново време јазикот на критските натписи, викани ‘линеарно А’, од средина на вториот милениум ст. е., се сматра близок на семитскиот тип. Овде не можеме, затоа, да се впуштаме во епохата на преминојскиот Крит и прехомерова Троја, од прост разлог што постои огро-

мна разлика измеѓу старобалканскиот и оној анадолски менталитет. На тоа укажал Ф. Јакоби; разликата е во тоа што анадолскиот човек нагнува на теократија и теологија, додека Балканецот, судејќи према Хомеровите песни, во тој поглед имал многу послободен став и не знаел за пресудно влијание на свештенствата“.

Во Египет и Месопотамија живееле две раси: Белци (Пелазаги) и Црнци (Семити). Следи дворасен јазик да биде арамејски, во употреба и во Феникија, а Феникијците биле Пелазги со пелазгиски (тн.Олописки) богови. Бидејќи новоперсиски бил вулгарен арамејски, тој бил близок на коине, како и на арапскиот јазик итн.

„Од тие разлози ние слободно можеме изворникот од Балканот да го цениме по она што им дале на потоњите народи, во многу поголема мера отколку по она што старите Балканци примиле од источните народи.

Помалку е познато учењето на археологот К. Шухарт и антропологот Ќ. Серѓија, кои ја застапувале тезата потполно спротивна на онаа старата- дека светлоста доаѓа од истокот (Ex Oriente lux)“.

За да има висок развиток Истокот тој морал да се развива многу милениуми-многу миленумски развиток бил во Левантот,па се дошло до таков степен развиток.

„Оние сматрале дека колевката на староевропската култура треба да се трага не на истокот, туку на запад, на Иберскиот полуостров, каде некои го трагаат и потеклото на семитските племиња. Оваа теза е прилично усамена и не може да се објасни најстарите балканско-анадолски врски, стари бар педесет векови, како што тоа ни го покажува системот на индоевропските броеви. Од тој разлог Германецот Ј. Шмит и, после него, советски лингвист Н. Ј. Мар постојбината на најстарите Индоевропјани ја трагале во Закавказје, во која чешкиот археолог и асиролог Б. Хрозни ги сместува и најстарите Семити. На крајот, не смееме да ги пуштиме од вид оние стручњаци чии мислења дека најстарите индоевропски и семитски дијалекти, поради многу подударности, морале да се развиваат во некоја тесна одредена заедничка област“.

На целиот континент Европа никаде и никогаш не живееле Црнци (Семити).

„Ама да се вратиме на нашиот Балкан и неговите планини од кои потекнуваат толку источници на сите четири страни на светот. Ни класичните народи, ни потоњите учени Европјани немале потполно јасна претстава за централните области на Балканот; им била позната воглавно само неговата приморска периферија. За самиот центар се мислило дека е покриен со непрекидни прашуми и искитен со стрми и високи планини. Ваква мислења владееле меѓу стручњаците сè до првата половина на минатиот век. Античкте географи сматрале дека во централниот Балкан се дигаат така страшни висини, дека од нив можат да се видат сите морија кои го окружуваат Балканот. Македонскиот крал Филип V учествувал лично во една експедиција која се искачила на врвот на таа највисока балканска планина. Оттаму се гледала така да се рече цела екумена. Ваквата претстава е условена на две претпоставки.

Грчката митолошка географија знаела за два Атласи- еден на јужниот Балкан, на Пелопонес, а вториот во средното Подунавје.Функцијата на тие Атласи, кои подоцна, со проширување на географскиот видокруг, преселени на крајниот запад, према Атлантик и тобожната Атлантида, било мошне просто: тие служеле како соха небеска. Овој израз го читаме во Вуковиот Речник, откаде сознаваме дека и Дурмитор ја имал истата функција. Покрај Дурмитор, нашиот народ раскажува дека се

и Ртањ и некоја прилично непозната планина, Смиљана, имала иста функција, како што некое време во антиката и Етна на Сицилија ја исполнувала таа изузетно одговорна должност. Таа должност се состоела во тоа што врвовите на овие планини го подупирале небескиот свод, замислен обично како од камен или метал, изнад кој е небески океан. Без таа подршка, небесата на сите одреди би се сручила на земјата и нејзините жители. Таа небеска соха можела да биде во центарот или на периферијата на екумената: ако се во центарот, како старобалкански Атласи и нашите Дурмитори, тие мораат да бидат необично високи, оти во центарот на небескиот свод е најдалеку од земјата. Оние другите сохи небески, обично едната на исток а другата на запад, можат да бидат и пониски, оти небесите тука очигледно се примакнуваат на земјата. Претставата за централната соха е попороста и, по своја прилика, постара. Таа, имено, по мислење на етнологот, можела да постане само аналогно конструкција на номадскиот шатор, кој во средината има своја соха. Иста аналогија послужила да створи претстава за веригите миродржни, за кои знаат и песникот на Илијада и песникот на Луче микрокозм“.

Преселбите биле само од југ кон север, со генетско- географска оддалечност само од југот кон северот, никако обратно.Значи,Атлас=Атлас: Атлас=а тлас=талас.

„Втората претпоставка произлегува од првата. Жителите на таквите Атласи или Дурмитори не можат да бидат обични смртници, туку само битија на повисок ред. За планината Смиљана се кажува дека на неа живеат светци. Таква претстава е забележана пред некои подесет векови во Месопотамија, каде, како што кажува Б. Хрозни, владеело уверување дека на далечниот север постој мошне висока планина на која бораваат боговите. За медитеранските Грци, нарочито оние во митското архаично доба, целиот Балкан, со своите планини, бил далечен север, па така и тесалиски (македонски, Р.И.) Олимп постанал боженска планина и врзиште на боговите. Дури и самиот Аристотел, покрај сите свои големи учености, верувал во постоење на некои страшно висохи сохи небески на север, зад кои сонцето ја проведува ноќта и се одмара од тешкиот пат, па затоа јужно од таа планина на ноќта е мрак. Оттаму и митот за Хиперборејците, кои живеат северно од таа планина, среќни и пресреќни во друштво Аполоново. (Аристотел=Арис[Арес] тот[Тот] ил, Р.И.)

Сè нам тоа ни укажува дека се источници од Балканот, од тие планини на горостаса, веќе од најстарите времиња учествувале во изградување на примитивниот европски менталитет. Иако мора да се смета со влијанија од источната страна, од простиот разлог што месопотамските сведоштва порано забележале но старобалканските, ипак, од гледиште европско, не можеме на кој начин да заобиколиме, а камо ли да ја прескокниме балканската соха небеска, која тука ја поставила во давни времиња и каде уште и денес се најдува“.

Херодот пиши за Бриги и Македонци- Бригите биле постари од Египтјаните.

„Овие неколку прилози треба нешто повеќе да кажат за светлоста која од балканските источници доаѓа не само на европските туку и на другите народи: со овие нешто непосредно, а многу повеќе посредно- преку Европјаните ! Услов за такви дејства на балканските источници створиле во прв ред само Балканци, како што се Питагора и Аристотел, Хомер и атичката трагедија, прикажувани веќе пред нашата ера во централна Азија, ама пред сите Аристотеловиот ученик Александар Велики и останатите козмократори со балканско потекло: Јулије Кајсар, Октавијан Август, Диоклецијан, Константин Велики и Јустинијан. Тешко е и да се помисли

дека е случајна појава на толку козмократори од балканските планини. Античкиот свет, освен староиранскиот Дариј, не видел ‘господар на светот’ кој не бил од Балканот, иако заправо во стариот Иран постоело верување во некој светски цар и спасител.

Источниците од Балканот веќе од VII в. ст. е. преку скитските освојувачи примале понешто освежување од иранските височини. Така, нпр., се мисли дека учењето за бесмртноста- па према тоа и срж на Платоновиот идеализам- дошло до Атина преку орфичко- питагориските посредници. Ама има етнопсихолози кои доста успешно го застапуваат гледиштето дека такво сфаќање е со полигенетски карактер и дека треба да му се трага потеклото во стихови. Меѓутоа, за источниците од Балканот многу е поважно оној Питагора кој ги ставил сите основни знаења на математиката, особено на геометријата. Платон во тој поглед пошол по нив, додека Аристотел, е како основач на биолошките науки, вклучувајќи ги и општествено-биолошките, слабо марел за математичките формули. Не смееме да заборавиме на полихисторот и енциклопедистот Демокрит, кој пред Аристотел ги обфатил сите научни области, природни, хумани, па и уметност, и покушал со својот атомистички монизам да го одреди како праизвор и праисточник исто така за луѓето како и за боговите. Овие четири великани, освен Платон сите од северниот Балкан, удриле основа на науките кои обично се делат на природни и хумани (подобро отколку хуманистички или општествени). Сите четворица барале да го согледаат и објаснат животот на природата и животот на човекот и да го одредат односот на човекот према природата и човекот према човекот. Иако нивните посматрања, често непосредни, биле ограничени и ретко кога проверени експерименти, ипак мора да се признае дека тие ги отвориле и пуштиле тековите на главните источници од Балканот.

При тоа не смее да се заборави дека оној четврт сведок, кој на почетокот сме го додале на тројцата сведоци на историчарот М. Ростоцев- мислам на лингвистички феномени- ги користи оба онаа методи што за се, и тоа само за се, ја присвојуваат така виканите егзактни науки: метод на непосредно посматрање и метод на експеимент. Лингивистички феномени можат секојдневно непосредно да се посматраат, а лингвистички експерименти се испред експерименти во лабораторија, кои често се планирани и дириговани, додека лингвистичките експерименти готово секогаш потполно се слободни од било какво наше влијание. Користејќи ја аналогијата, ние не можеме резултатите на денешните непосредни посматрања и сегашните недириговани експерименти на лингвистичката природа да ги употребиме при објаснување на давно минати јазични феномени, дури и оние на античкиот Балкан, кој веќе тогаш се одликувал со јазична мешавина“.

На Балканот и Мала Азија живеел еден народ со варварски=пелазгиски јазик

„Постои, додуше, приговор дека хуманите или општествените науки, за разлика од егзактните науки, не можат ништо да предвидат. Ама, најстара ‘природна’ наука, која се вика метеорологија и која денес ги користи можда сите земски и небески инструменти, за овие педесет векови- откако луѓето почнале да бележат- не оставарила некои далекусежни предвидувања. Лингвистиката, меѓутоа, која всушност е комбинирана наука оти ги проучува сите три природи, она на човекот, она на општеството и онаа треттата околу нив, може когакога поуспешно да предвидува отколку самата метеорологија.

Питагора и Демокрит, Платон и Аристотел, им дале на потоњите научници во рацете оружје да ја проучат целата природа, оваа во нам и онаа околу нас. Нас не упатиле како ќе владееме со обете природи и како ќе го унапредиме нашето живеење. Аристотел кажува дека работи на тоа подобро живеење и постојат држави, науки и уметности“.

Ниеден антички автор не познавал дека некаде на старите три континенти постојат некакви Словени- нивниот тн.словенски јазик бил варварски=пелазгиски.

БАЛКАНСКИ КОРЕНИ НА ЕВРОПСКАТА ПИСМЕНОСТ

„Кога е збор за европската писменост, мора одма да се рече дека се работи за буквалната и преносната функција на изразот ‘писменост’, за техничкото пишење и уметничко пишење. Се разбира дека овој разум, на европската писменост, и премногу ја упростува стварната состојба, оти сите Европјани не се подеднакво писмени, туку од тој разлог што во исто време почнале да примаат поука и наука од балканските источници.

А само балканската писменост се развива веќе некои четириесет векови, па и на тој тесен простор сосем е неможно да се говори за еден вид писменост. Ипак, кога се има на ум само техниката на пишење, може слободно да се рече дека на самиот Балкан имаме употреба две најсовршени азбуки: една е грчка азбука, а втората е кирилица. Меѓутоа, на тој ист Балкан (мислам на Југославија) имаме повеќе азбуки кои произлегле од латиницата, а ова е- како сите знаеме- само една копија на онаа старогрчка азбука, што е пред некои дваесет и пет векови дошла најпрво до етрурските господи и трговци, па преку нив и до самите Римјани.

Денешната состојба на писменост во Европа како да не е правилно распоредена по сите краишта на овој азиски полуостров, оти на сите три негови јужни делови- на Пиринејски, Апенински и Балкански полуостров- има како што се кажува, уште неписмени луѓе. Тоа значи дека само географската близина исходиште на европската писменост не е доволна и да се употреби уште и други снаги и врлини. Па ипак е прилично неразбирливо чинител дека во самата Југославија, покрај неколку видови азбука, има, како кажуваат, готово петтина неписмени личности. Да ги споменеме тие југословенски азбуки кои сега се во употреба и да тргнеме од самата кирилица, која и географски и културно била во непосреден допир со грчкиот источник. Оваа наша кирилица се употребувала на Балканот преку единаесет векови. Постанала од големите слова на грчката азбука, ама во словенската редакција секое слово добило свое оригинално име. Оваа, иако ситна, оригинална црта на нашата кирилица, мораме да ја споменеме затоа што тоа не е случај кај латиницата, во која азбуката го задржала грчкото име ‘алфабет’, а тек подоцна го заменила со понов израз ‘абецеда’. Знаеме дека кирилицата не била едино писмо со кое Солунските браќа им дале на балканските Словени најмоќно оружје на културата и на напредокот: тие им дале и глаголица. Така во најстарите времиња на балканско-словенско земјиште се јавуваат во употреба, покрај грчкиот алфабет и латинската абецеда, уште и две словенски азбуки. Додека постанокот на кирилицата од грчката унцијала или мајускула е прилично јасен и очигледен, постанокот на самата глаголица, која некои ја сматраат постара од кирилицата, не е јасен, ниту поврзувањето на глаголицата со грчкиот курзив и со минускулите во сите поединости е прифа-

тливо. Е поуздано само тоа дека округлата глаголица е постара од утластата, веројатно затоа што е поблиска на грчките минускули; се знае и дека во самата Грција на средината на IX век, кога во својот труд го започнале Кирил и Методиј, под влијание на учениот и енергичниот патријарх Фотиј биле во употреба два облици на грчка азбука- постар, од кој секако постанала, кирилицата, и помладиот, курзивен, од кој, кажуваат, постанала облата глаголица. Таков облик на глаголица се јавува рано и далеку на север од Балканот, во Чешка и во Русија, во која го викаат и куриловица“. (и=у: Кирил=Курил; Силејман=Сулејман: ва + силеј = Василеј, Р.И.)

Во Источното Римско Царство биле во употреба два поими за област:на дворасниот јазик коине само тема, а на варварски=пелазгиски јазик само склавина.Следи темата Солун да биде опкружена со склавини со варварски=пелазгиски јазик.

„Ипак мораме да споменеме дека стручњаците во поглед на постанокот на глаголицата и нејзините поедини знаци многу се разликуваат меѓу себе. Едни во глаголицата гледаат понекое грчко слово кое е слично на кирилицата, а други трагови на руни или некои други готски слова, потоа влијание на ерменската, коптската, латинската азбука, како и влијание на Сирија и Самарија и нивните азбуки. Затоа прашањето на глаголицата се сматра уште стално непотполно решено, иако глаголаши (како ги викале римско- католичките свештеници и калуѓери) имало сè доскоро во нашите западни краишта“.

Писменоста била на Белци од Левантот,а писмо на Црните не е пронајдено.

Следи темните раси имале заедничко потекло од пред да имало континенти.

„Денес глаголицата практично е повлечена од употреба. Можда и поради тоа што политиката на римската курија имала свое посебно гледиште на тоа писмо, со кое нашите католички браќа порано во голема мера го користеле. Ама и самата кирилица како на Балканот сè повеќе повлекува од употреба вон црковните кругови. Тоа повлекување на кирилицата почнало веќе во втората половина на XVIII в. Во Романија таа била во употреба до средината на минатиот век, а под Османлиите во Босна и Херцеговина- покрај матуфица, арапска азбука подесена за српскохрватска фонетика- била во службена и јавна употреба како кај беговите, така и кај самите фратари. Тоа најубаво се гледа према сарајевскиот Цвјетник. Во употреба со кирилицата се одело дури дотаму и народната медицина содржана во ‘лекарушите’ за чисто латински зборови да се користела кирилицата. Така во Босна сè до почетокот на овој век медицинската басма, позната под стручен назив ‘Магичен квадрат’, се викала ‘шатор’, према првиот збор на таа басма која гласела sator. Иста басма нашол и ја забележал во Србија Милан Ќ. Милиќевиќ, па така може да се рече дека сè до крајот на минатиот век латински јазик на овие медицински басми се користела исклучиво кирилицата.

Кога со почетокот на осумдесеттите години осијечкиот Шваба Константин Херман, познати шеф на граѓанската обевештајна служба за целиот Балкан, ги објавил со латиница своите Народни песни на мухамедовците во Босна и Херцеговина, му направил Ватрослав Јагиќ, Хрват од Вараждин, две крупни замерки: прво, што тие песни не ги печател со кирилица, и друго, што не ги означил како српски народни песни. Овие замерки на славниот Јагиќ, повеќеструк академик и во она време прв славист во Европа, ипак не можело да го спречи Херман и другите свески на својата збирка да ги отпечати на латиница. За време на долгото владеење на австрискиот цар Франц Јосиф, се избориле босанските Срби од окупаторот статус

за црковно- школска автономија. Оригинал на тој статут е напишан на кирилица, и самиот цар го потпишал со кирилица, иако кирилица никогаш не учел; тоа го постигнал така што претходно педантен и прецизен техничар ги избоцкал на пергамент со фина игла линиите на поедини слова на неговиот автограм. Дури до 1914. австриски окупатор ги печател сите свои службени текстови и на латиница и на кирилица; се разбира дека и печатите и јавните натписи биле исто така работени. При тоа имало комедиски грешки, така Илиџе крај Сарајево е пишано со кирилица 'Илиджа', како што тоа предвидува латиницата".

На Вуковиот српски јазик се пиши ќирилица, Маќедонија, но не оригинално.

„Сѐ ова се случувало за време на 'Црно- жолтата монархија'. Овој епитет го добила Монархијата само затоа што царското знаме ги има тие две боји, туку и затоа што царот, како крал на Ерусалим, бил под влијание и на римската интернационала и бечките банкари, како претставници на жолтата интернационала. Така во Загреб излегле на кирилица четири листа: Србобран, Привредник, Врач-погоѓач и Српско коло, во Задар, Дубровник, Бања Лука и Тузла по еден, а во Мостар два- Зора и Српски вјесник. Во Сарајево излегувале дури некои седум- осум листови, сите печатени на кирилица. Кога во Сарајево ги прашав некои свои ученици на Филозофскиот факултет за узрокот на кирилската рецензија, ми рекоја дека кирилицата повеќе не се сматра во толкава мера напредна како латиницата. На тоа сум им заприметил дека ова свое откритие мораат што пред да му го јават на Москва, чија кирилица недавно поминала пат од 360 милиони километри и стигнала на ѕвездата Даница".

Историски е познат Рим како фалсификатор со писмата, како и многу друго.

„Се разбира дека кирилицата не е најсовршено писмо, ама е поедноставно од латинската азбука (без обѕир на незгодата со двојаката функција на гласот р) затоашто во нашата кирилица секое слово има една едина фонетска вредност. Ова не е ситна особина, туку мошне крупен и далекусежен чинител. Има веќе неколку децении како добронамерните стручњаци се мачат околу тоа да скројат и смислат еден вештачки меѓународен јазик кој би ги зближил луѓето, во прев ред оние пописмени и пошколовани; во таа работа е незгода и голема мака во тоа што името Cicero Англичаните го изговоруваат како 'Сајсероу', Французи 'Сисеро', Италијани 'Ќиќероне', а Германите 'Цицеро'. Сите четири овие изговори се потполно погрешни, оти овој познат Римјанин се викал само Кикеро. Така сего го изговоруваат и на факултетите во САД. Штоповеќе, пред неколку години на меѓународниот конгрес латинистите во Страсбург како претставник на римската курија бил и еден постар кардинал, кој без икакво колебање мирно го изговорил името Кикеро. Овде сме дошле до познатиот правописен проблем која задава доста мака на сите напредни Југословени, без обѕир на кирилица и латиница. Тој проблем гласи: како треба да се пишат странските имиња. Дали онака како тоа се пиши на кирилица, те. со фонетски правопис, или онака како тоа го чинат нашите латиничари- со правопис на секој поедин оригинал ? Правилно решење на овој проблем е од голема важност не само за југословенската туку и за сите останати Европјани, а поготово за секое покушување било кој вештачки, односно помошен меѓународен јазик.

Ипак не би смеело да се каже дека кирилицата есте единоспасувачки одговор на прашање кој вид азбука може да се предложи и да се прифати како универзална азбука, било за интерлингва, било за некој друг помошен јазик, кој по своја

прилка ќе се појави. Секако српската кирилица е попрактична од руската и бугарската, ама и таа има свои недостаток, и тоа на такви кои потсетуваат на недостатокот било на хрватската, било на која друга европска латиница. И српската кирилица има некои десеттина знаци кои се посложен тип и од тоа гледишта непрактични, како што тоа е случај со сложените знакови во многу латиници. Еве ги тие сложени знакови во српската кирилица: ђ, џ, љ, њ, п, т, ц, ш, ћ. Затоа не е никакво чудо што и денес кај нас се јавуваат предлози кои одат за тоа да се упрости српската кирилица и дека дури од нашата латиница и нашата кирилица изгради една единствена азбука, попроста, без комбиновани знаци. Во секој случај, оваа наша кирилица, каква што е сега, не би била сосема подесна за општа азбука, иако Вуковиот принцип чиста фонетска азбука, едина и единствена, останува и понатаму во полна снага. (Тука заправо е збор за два принципи: Пиши како што говориш и Читај како што е напишано.)“.

Бидејќи рускиот и српскиот јазик биле македонски тн.старословенски јазик, Русите и Србите биле македонски народи. Па исто било и со кирилицата. Јазикот Вук Караџиќ го латинизирал, дури и германизирал. Следи со рускиот јазик се создал нов македонски народ, а со српскиот уште понов македонски народ. Бидејќи еладскиот јазик бил реформиран македонски јазик коине, Еладците биле одродени. И затоа ќе мора да се почне да се обединуваат народите со тн.старословенски јазик.

„Меѓутоа, на Балканот има уште една азбука која се држи првенствено на фонетскиот принцип. Тоа е грчката азбука, на која ѝ пречат два недостатоци: архаичен традиционализам и комбиновани знаци, како нпр. **мп** за наше **б**, потоа **нт** за наше **д**, и, што е уште полошо, неколку знаци- прости и сложени- за гласот **и**. Иако денешната грчка азбука, како и нашата кирилица, ја транскрибираат со страна латиница пишаните имиња на свој доста компликуван начин, ипак таа во помала мера е од нашата кирилица подесна да послужи како основа за универерзална азбука. За тоа ќе треба од оваа кирилица, на основ на Вуковите принципи и држејќи се на утврдената ортографска фонетика, да се создаде совршена кирилица, поготово кога неа ѝ се исти корени како и на европските и воневропските латиници.

На тој начин европската писменост, која се изградува веќе четириесет векови, би можело да се постави на научна основа. На тој захтев сметаат не само националните и шофинистичките традоции туку и материјалните разлози, книжарски и печатарски. Тука не помогнала ни заоставштината на Бернард Шо, кој, кажуваат, сета своја заработка му ја завештал на оној Англичанец кој од сегашната англиска азбука би создал подобра, пристапна на сите Англичани без разлика, а не само на оние кои го посетувале оскфордскиот колеџ. Во својот Требник за револуционерите, кој ја напишал како член на Фабијанското друштво, Шо како десетто и главно правило го поставил овој принцип: ‘главно правило гласи да нема никакви правила’. Сите науки, па се разбира, и социјалистичките, одат по тоа да се направи некој ред, не само во европското општество туку и во европските глави, па, према тоа, и писменоста да се вразуми и усоврши.

Можда не е пука случајност што Вуковата кирилица, со својата јасна и напредна основа, се појавила управо на нашиот Балкан, откаде тргнало описменувањето на Европјаните. Ама ни старите Хелени, или- како што илирските и латинските соседи викале- Грци, одма не стигнале до една и едноставна азбука која нам ни е позната од школата и која послужила како исходиште за сите латиници. Дури ни

денешните Грци, за љубов на традиционалните предрасуди, да би го сочувале и покажале континуитетот од Перикловата Грција наваму, не можат никако да се ослободат од непотребните знаци во азбуката, кои го ометуваат правилното читање и разбирање. Така и првите ученици на старите Грци, Римјаните, од етрурските господи и трговци го презеле алфабетот, веројатно од оние грчки колонисти чија азбука го сочувала јонско- атичкото 'ето' во стариот облик и во старата функција, како глас **х**. Поради овие и слични разлики во локалните грчки алфабети, и поради другчија артикулуација на етрурскиот фонетски систем, настанале извесни разлики измеѓу грчките архетипови и латинските копии. Поради историските промени во изговорот на поедини грчки слова, дошло кириличкото **в** на третто место, од 'алфабет' постанал 'алфавит'. Од друга страна поново, слушаме и за 'абецеда', во која согласникот **ц**, заправо **к**, треба да одговара на грчката 'гама'. Оваа промена може да се објасни само со помош етрурскиот посредник измеѓу Грците и Римјаните. Некои стручњаци мислат дека етрурските трговци, кои стигнувале дури до Балтикот, дале повод за постанок на северногерманските руни. Тоа би значело дека описменувањето на Европјаните тргнало од балканскиот југ преку море кон запад, во Италија, а оттука понатаму на север".

Како што Русите биле заведени да се отфрли тн.старословенски јазик, и Вук Караџиќ бил заведен од берлинско- виенската школа тој да го отфрли македонскиот јазик, со што се раскинало заедничкоста и место да има еден народ,покрај руски, се создал и српски народ.Дури Вук Караџиќ го отфрлил темиот вокал, кој постои во француските јазици, португалскиот итн., како и самата азбука ја усложнил. Во времето кога германската школа ги обединувала Германите со германскиот јазик, Вук Караџиќ го напоравил спротивното- тн.словенски народи и еден германски народ.

„Ама грчки натписи се јавуваат и во јонските колонии на северното приморје на Црно море веќе во VII в., така да описменувањето на источните Европјани можело да се оствари знатно порано отколку на западните Европјани, меѓу кои, како е речено, уште Јулије Кајсар затекнал исклучиво натписи на грчки јазик. Така Галија, а секако и Ибериското полуострово, дошло во сфера на римската латиница тек пред крај на старата ера. (Па со „римската латиница тек пред крај на старата ера", Р.И.)

Латинскиот термин како littera (слово) и liber (книга) не ни се потполно објаснети.За првиот термин веројатно е со потекло од оние исти грчки зборови од кои е нашето и турското тефтер- διφθερα, додека liber по своја прилика е резултат на дисимилација на лабијалниот ред од постариот βυβλος, како се викал центарот за трговија на папирусот во Сирија. Не ни е познат ни изразот titulus (натпис), додека писмените Германи поодавно го замениле германското vrite со латинското scribo (schreiben). И во овој случај нашите словенски претци заземаат не само посебен туку и потполно самостоен став, наспроти останатите Европјани. Терминот писати ипак не е својствен исклучиво на Словените оти се јавува во иста форма кај старите Иранци и во централна Азија кај Тохарите. Основно значење на овој термин е 'шарење', нарочито со црвена боја, како тоа го покажуваат изведените писаници.

Многу е позамршен проблемот на потеклото на општо- словенскиот термин книга,кој по своја прилика постанал од постариот облик кунига. Порано се мислело дека тој термин им дошол на Словените од Месопотамија,каде асирското kunukku значи: печат, а kuniku: печатено, и дека тој термин е пренесен преку ерменскиот knik, со исто значење. Ама во поново време како да го освојува она толкување по

кој овој термин го пренеле турско- татарските племиња од западнокитајското k'üen (свиток), додека старите слависти, како Добровски и други, ја трагале врската од источно- китајскиот king. Фасмер во својот Руско етимолошки речник одлучил за китајско потекло, образложувајќи го својот став со тоа што се преголеми географски тешкотии ако потеклото се трага во Месопотамија. Ама ни китајски архетип k'üen, ни ујгурскиот посредник не ја објаснува морфологијата на словенскиот термин, односно неговиот двосложен завршеток, на кому многу поблиску му е асирското kaniku (печатено). Ама прасловенската кунига го покажува истиот суфиксни елемент како верига, па затоа е допуштена и комбинавијата со терминот куна, поготово кога во литванскиот kiana имаме очекуван апофонски облик. Дека книгата се вика по материјалот на кој е пишано, доволен е примерот на англиски book и на германски Buch". (Buch=Бух; х=к, бук + ва = буква- пишано слово на букава, Р.И.)

Па кинг=кениг, Пекинг=пе (град) кинг (крал) бил кинески- не месопотамски.

„Уште еден друг важен термин од оваа област претставува изразот тумач, тумачити и толковати. Фасмер, како и на останатите лингвисти, е мислењето дека и терминот тумач, со кој се означува преведувач, на Словените им дошол преку турско- татарската врска од неиндоевропските Митану, кој на средината на вториот милениум и подоцна живееле во Закавказје. Во овој случај, како што се гледа, на Фасмер не му пречат географски разлози, како кај асирскиот kaniku (печатено)".

Немало словенски народи. Следи раса=народ=јазик- Белци дошле во Кина...

„Меѓутоа, западно од Митанците во античка Анадолија имаме име Turms, кој го обележува тумачот, во прв ред богот Херма. Досега необјаснето толкување го покажува истиот прв слог како толмачење, па од тоа може да се заклучи дека овде се работи за мошне архаични врски со триполските Словени со претставниците на анадолските култури кои, исто како и жителите на Месопотамија, испраќале свои трговци по долините на Дњепар и Буг по балтички килибар. А тој артикал археолозите несумливо го утврдиле во раните населби месопотамски.

Се разбира дека балканските источници се јавуваат покогакога, нарочито кога е збор за најстарите културни епохи, како посредници измеѓу Европа и Анадолија. Затоа положбата на словенските населби во понтско-карпатската област е поврзана со Анадолија со двојни врски: копнени преку Балканот и поморска преку Понтот".

Бидејќи „положбата на словенските населби во понтско-карпатската област е поврзана со Анадолија",се потврдува,тн.словенски народи се само најголема лага.

„Традиционалното сфаќање дека писменоста кај старите Словени се развивала под влијание на Готите (од кои, се мисли, Словените го презеле и називот буква) тешко може да се одржи кога пред себе имаме термин писати, кој е многу постар од сите врски измеѓу словенските и германските племиња, оти се јавува во тохарскиот и староиранскиот. Тоа значи дека старите Словени знаеле за писање и писменост секако пред четириесет векови, или можда и порано, пред но што настапила индоевропската дијаспора. Во тој смисол, те. против готските влијанија, говори и, по своја прилика од Месопотамија, позајмениот термин книга- кунига".

Германските автори пишат дека Готите биле Германи, а тн.словенски автори тн.Словени. Меѓутоа, Готите биле Татари со бугарскиот бог Асен...- само Монголи.

Бидејќи Готите поминале и низ Балканот со себе понеле Балканци=Пелазги.

Па со Готите Балканците помасовно го колонизирале- од кол- континентот.

„Оние стручњаци кои го застапуваат готското потекло на буквата и буквицата, се повикуваат на познатиот чинител од ботаничката географија дека северно од линијата Одеса- Калињинград нема букава, и дека, према тоа, Словените, доселувајќи се од северот, од Германите го сознале и го позајмиле нивниот фитоним, а со нив заедно и називот писменост. Ипак се чини дека црвената буква со своите цепки дашчици и поради својата боја доаѓала во обѕир за пишење, како што тоа е случај со грчката туѓица πηδινος (букова даска за пишење). Фасмеровото испитување во областите северно од линијата на буквата покажале воглавно дека во тој простор се непознати словенски имиња, па према тоа мораме да се сложиме со мислењето на полските стручњаци кои ги утврдиле словенските населби и јужно од оваа линија, при што треба да се има на ум дека северно од линијата на буквата, нарочито на западниот дел, имало фински населби. Затоа и имињата на буквата и буквицата мораат другчие да се толкуваат: се изведени од придавката bhauqos (црвен). Ако ја прифатиме оваа формално сосема исправна етимологија, мораме да да го отфрлиме и овој остаток на оние слависти кои оделе по германските стручњаци. Споменатата придавка никако не е реконструкција, оти е документирано во старобалканската миксоглотија“. (дашчица=штичка, Р.И.)

Бидејќи „северно од линијата Одеса-Калињинград нема букава“, како и лоза, тие северни простори не биле населени. Па тн.словенски народи биле/се само лага.

Пак, тн.Словени биле Повеќебожци, а Германите Христијани. Бидејќи ваква била состојбата,Германите биле 100% одродени тн.Словени со нов германски јазик.

„Интересно е дека неправославните Словени ја држат латинската азбука, додека православните останале верни ученици на Солунските браќа. Многу наоди дека таа ситуација од гледиште на словенското братство и единство е неекономска, иако се мисли дека на словенските латиничари им е попристапна западната култура, отколку оние кои се служат со кирилицата. Ама второто Вуково правило, ‘Читај како што е напишано’, јасно говори колку кирилицата измакнала во поглед на економичноста и практичноста испред латиницата, па и во поглед на демократичноста. Затоа е оправдана надежта која учените лингвисти ја изразиле на својот Женевски конгрес- дека мора да се изгради една таква азбука, попристапна на сите јазици и со фонетика, која ќе ги зближи народите и поединците“.

Несложноста за обединување на тн.Словени за азбуката останала и до денес.

„Се знае дека Брлиќевиот повик упатен на католичките ‘Илири’, како тој ги вика Хрватите, каде им предалга вместо латиницата да ја прифатат Вуковата кирилица, немал никакви практилни последици. Напротив, кирилицата веќе за време на кралската Југославија продолжила и го забрзала повлекувањето испред латиницата. Штоповеќе, левиот демократ Јован Скерлиќ, професор на новата српска книжевност на белградскиот универзитет, предлагал како некој вид трампа или компромис меѓу српските и хрватските книжевници: Србите да ја прифатат латиницата а Хрватите екавската штокавштина. Така по оваа професорова идеја би можела да ги задоволи обете страни.

Хрватите, се знае, веќе за Гај, а поготово после виенскиот договор, ја прифатиле штокавската ијекавштина како јазик на хрватската книжевност. Така пополека ја напуштале не само својата чакавска икавштина туку и кајкавската екавштина, која, како што кажува М. Крлеж, ја фрлиле како трупло низ прозор на улица. Иако географски и чајкаско-икавска исто како и кајкавскоекавска област хрватска-

та книжевност под притисок на османлискиот империјализам давно пред Вук и пред Скерлиќ губела на терен, ипак оваа гранка на хрватската книжевност цветела и во нашиот век, заблагодарувајќи на песните на Д. Домјаниќ и М. Крлеж и прозата на В. Назор, кој својата песничка кариера ја започнал на италијански јазик.

Меѓутоа, договорите меѓу Србите и Хрватите за писмото и за јазикот како уште да е подалеку од практичниот завршеток. Обете страни и премногу се натегнуваат околу ситниците на јазикословните, па дури околу точката над јота, ако се смее така да се окрсти обостраната ситничавост. Когакога дури се привидува и понекој нејасен покрет на оној теолошко- шовинистички дух, за кој пишел и говорел Васа Пелагиќ уште во минатиот век“.

Прво бил создаден руски јазик за руски народ, па српски јазик за српски православен народ кој би требало да го прифати католичкиот хрватски народ... Следи заклучок, не Руси и Срби, нити Хрвати,туку еден народ со тн.старословенски јазик.

„Академикот Исидора Секулиќ во написот ‘Анкета’ (Собрани дела XI 325) преку мера ја истакнува врлината на ‘српската азбука’, која ја сматра најубава оти нема ‘жвркови’. ‘Вук дошол и направил ред, логички и естетички. Словата со облик се негувани, округли и довршени, цртани, не жврцани, зацртани, не запарани, и затоа печатен со кирилица кирилскиот текст јаде повеќе хартија но латински, покрај сите здружени знакови за еден глас. Ама друго е кога е збор: латиница или кирилица не е на тој надворешен вид туку на Вуковиот генијален дух во нашето писмо и пишење. Ако ја земеме латиницата, сме го пребришеле од Вука апсолутно доброто и генијалното.’ Тоа бил нејзин одговор на Скерлиќ.

Е кажано, меѓутоа, напред дека ни српско-православната кирилица не е никакво чудо ни од детето ни од зелката. Укажано е на нејзините недостатоци: ‘жвркови’ има и во српската азбука, има во неа и сложени и заплетени слова. Ги повторуваме некои: **ж, ћ, ф, ц, м, п, т, џ**. Вук, знаеме, оставил едно едино **р** за два проста гласа, сонатско р (крв) и консонантско р (кров). Тоа значи дека се огрешил за својот принцип, дека секој глас мора да има свој знак и тоа само еден едини знак. Исто така секој знак да има само една фонетска вредност, а не повеќе. Противно на тоа навистина прост и совршен принцип во хрватската латиница имаме случаеви како podžupan и udžebnik, каде групата **dž** врши две сосем разни функции. Во импонзатната книга Знаменити и заслужни Хрвати 925- 1925, објавена по повод на првата илјадогодишница на хрватското кралство, ги читаме чуените имиња Stadler и Strossmayer. Штадлер ја издал Балкан во Загреб, а Штосмајер покрај останатите големи дела ја основал и Југословенската академија. Од споменатиот начин како се пишуваат нивните имиња можеме да го докучиме дека латинското S во хрватската латиница има разни фонетски вредности.

Кога се сетиме дека во нашата социјалистичка Југославија освен хрватска латиница има уште неколку латиници, за кои секој свесен школуван Југословен мора да води сметка,прашањето на писмото и писменоста во нашата ситуација постои далеку позамрсена но што изгледа во прв мах. За денешната Југославија тоа е прашање е многу позамрсено но за останатите Европјани. Денес кирилицата заблагодарувајќи на советските космонаути стигнува дури и на ‘звездата Даница’, како нашата народна песна ја вика планетата Венера, сè помалку изгледа дека католичките и грчките Илири (така Иг. Брлиќ ги вика Србите и Хрватите) ќе можат да се сложат и состават само една своја азбука или бар да се сложат паметно и драговолно во по-

глед на писмото и писменоста. Ама и кога би се сложиле, прашањето на југословенската писменост не би била потполно решена од прост разлог што тоа прашање не се однесува само на Србите и Хрватите: пола Европа и пола Азија припаѓа на кирилската сфера. Меѓутоа, без обѕир на политичката страна на тоа прашање, напредните Југословени мораат да продолжат по оној пат на кој ги упатиле уште порано напредните Срби и Хрвати“.

Се истакна: „католичките и грчките Илири (така Иг. Брлиќ ги вика Србите и Хрватите)“. Се потврдува дека никогаш немало етнички народи Срби и Хрвати, туку Србите биле само православни, а Хрватите католици. Бидејќи биле укинати сите цркви во кој службен јазик бил македонскиот тн.старословенски опстоила само Цариградската патријаршија, чии припадници биле Грци. Следи сите тн.Срби можеле да бидат само едно: Православни Грци и Муслимани Турци. Исто важело и за Вука.

„На научна основа и према Вуковите принципи мора да се утврди нова, поточно речено револуционерна азбука, прифатлива за сите јазици и за сите народи, за сите гласови и за сите ортографии. Поминало времето на Вуковиот половен и половичен пансрбизам и Старчевиќвиот тотален панкроатизам а поминува времето и за единоспасувачка латиница. Затоа треба да се започне да се создаваат услови за општодуховно братство и единство, треба да се олесни сообраќајот меѓу луѓето и народите, меѓу јазиците и книжевностите. Секој партикуларизам, дури и оној на кој служи плаштот на југословенското братство и единство, води наназад и ги уназадува сите југословенски народи. Југославија е создадена заради заедничкото живеење и треба да се одржи и унапреди заради подоброто живеење. Српската и хрватската Југославија треба да се потсети, многу пред Вуковиот и Старчевиќевиот планиран унитаризам, дека византиските историчари не можел да ги разликуваат Србите од Хрватите. Во непосредна близина некогаш дарданската Раса, најстара српска престолнина на Балканот, уште и денес постој веќе споменатата населба Рвати. Се разбира дека према тоа не доаѓа повеќе во обѕир ни Штосмајеровиот сесловенски црковен унитаризам, туку од тој разлог што и Вуковиот и Старчевиќевиот унитаризам ја држел својата антипоповска доминантна на Штосмајеровото ‘југословенство’, кое го одменало и заменило Гајевиот и Брлиќевиот илиризам, имал како крајна цел црквена унија под раководство на римскиот епископ, како тоа го истакнал самиот ѓаковачки владика во својот петти, последен говор на ватиканскиот концил 1871. год., оправдувајќи го така својот став со потреба ‘шизматичните да се вратат на својот единствен пастир’, на римскиот епископ“.

Се кажа: „византиските историчари не можел да ги разликуваат Србите од Хрватите“. Па никогаш немало етнички народи туку само црковни: Грци и Латини.

„Против овој и ваков Штосмајеров унитаризам говори јасно и речито простиот чинител што основачите на научниот социјализам заправо тој римски епископ во Комунистичкиот манифест го споменале на прво место како главен непријател на европскиот пролетеријат. Не може на ова место да се објасни чудната подударност измеѓу канонската Апокалипса од една страна и Манифестот од друга страна, што обата текста господарите на првиот Рим во христијанска редакција го одредува како главен непријател. Број 666, кој према Апокалипсата е број на тој главен непријател, е толкуван во текот на толку векови на разни начини. Толстојев Пјер Безухов како член на масонската интернационала најдува дека тој број кажува на Напалеон. Од неговата азбучна аритметика многу попроста и поубедлива пата-

ренската интерпретација на латинскот име: грчко пишаното име латеинос кажува на секое слово одреден број према редот на тоа слово во грчката азбука. Тоа значи дека ламбда претставува 30, алфа 1, тау 300, епсилон 5, јота 10, ни 50, омикрон 70 и сигма 200.

Ваквата примена на најстарите европски азбуки докажува каква чудна и натприродна функција имале поедини слова во потоњата европска писменост. Се разбира дека оваа магија со латинското име не е еден пример во тој круг на класичните и современите празноверици.

Грчките слова имале чаробна моќ и во познатата гема на која било напишано седум слова и тоа: αβρξας (абраксас). Нивниот збир, слично на операцијата во името латеинос, изнесува 365, оти алфа е 1, бета 2, ро 100, кси 60 и сигма 200. Оваа необична функција на грчките слова е пренесено природно и на латиницата, па така нашата народна медицина се служела и со тој вид терапија сè донедавно. Нашиот народ во Босна и Србија го применувал како лек магискиот квадрат- шатор, те. сатор од 25 слова, чии фрагменти се најдени готово по целото римско царство. И самата вештина на пишење и најпростата писменост во примитивната средина имала чаробна моќ, откаде народниот израз ‘божјо слово’. Така грчкиот термин γραμματεια (писарска вештина) добил во позниот латинштин облик грамација, чиј ирационален насал подлегнал на влијанието на многубројните зборови за завршеток -антија. Така промена имаме и во нашиот дублет Далмација- Далманција и операција пијеранција, ама не и варанција која е образувана према гаранција. Од обликот граманција по своја прилика постанало и наше име Дијак Грабанцијаш, кој ‘тринајсто шоло звршил’ и кој затоа заедно со ѓаволите и вештиците ги гони облаците и тумара коекаде. Бројот 13 постанал силен веќе во добата на хеленизмот, оти означува збир од 12 плус 1 (исп. 17=16+1, 21, 31, 101, 1001) а дванаестицата е свети вавилонски број, чија моќ не ги ослабела ни ден-денес ни европската писменост ни современата пракса.

Се знае дека вештачките јазици кои треба да го олеснат споразумувањето меѓу народите почиваат воглавно на латинската основа. Тоа важи и за интерлингвата на сарајевскиот професор на романската филологија Павле Митровиќ, чиј труд е попознат на Запад отколку кај нас. Оние Сарајлии кои наутро се шетаат покрај Миљацка, можат готово секој утро да го видат осумдесетгодишниот професор како граби узводно по брегот кој порано се викал Обала на Степе Степановиќ. Вредниот професор брза сабајле во Народната библиотека понатаму да ја изградува и унапредува својата интерлингва, од која досега објавил неколку свески намножени со ефтина техника пристапна на професорската пензија. Во разговор со него покушав да го убедам дека за секој помошен јазик универазлниот карактер е основен предуслов на читање на напишани или напечатени зборови. Ова исто гледиште го застапував и на Вториот меѓународен лингвистички конгрес одржан во Женева 1930. г.“

Следи по правило да се одбегнуваат само најбројните тн.словенски народи.

„Тогаш претставниците на разните издавачки куќи, во прв ред оние кои работеле на есперанто, покушувале да добијат стручна и морална подршка на лингвистите од сите пет континенти. Дискусијата се завршила на тоа што конгресот како помошен јазик го предложил шпански, а не ни есперантро ни иалу ни идо, како ни други помалку познати новолатински конструкции. Лингвистите тогаш рекле дека шпанскиот како новолатински јазик е најблиски на класичниот латински, дека има

богата книжевност и развиена стручна терминологија и дека со него говорат преку сто милиони луѓе, а поврв на сè тоа е речено тогаш дека употребата на шпанскиот не ќе предизвика никаков политички отпор. Ама и таа стручна препорака останала воглавно на хартија.

Есперанто и понатаму води борба за својата иднина, и тоа и преку своите публикации и преку југословенското радио. Меѓутоа, др Павле Митровиќ како лингвист секако е постручен од варшавскиот лекар др Заменхоф, пронајдувач на есперанто. Митровиќевата интерлингва сосема ја упростила архаичната и несовремената морфологија, и тоа не само синтактичката туку пред сè лексичката, бидејќи во интерлингвата суфиксалните елементи во поглед на функцијата се поодредени и појасна, и пред сè е отворена можноста на механичките структурни сложеници. Заправо ова последната околност претставува главен недостаток на новолатинскиот речник“.

Се говори за есперанто-сите тн.не-словенски како повеќерасни се есперанто.

„Па ипак, и ова Митровиќева интерлингва не ги задоволува оние два основни правила: Пиши како што говориш и читај како што е напишано. Латинските пишани текстови не можат никако да ги натераат школованите Европјани да ја забораваат функционалната вредност на онаа латиница која порано ја научиле дома и во школата. Затоа секоја интерлингвист во Митровиќевиот смисол, без обзир дали е Европјанин или не,ќе ја чита интерлингвината латиница како француски, англиски, германски, унгарски, чешки, полски, романски итн. Тешко дека икој ќе ја чита онака како себе си ја замислил нејзиниот автор, а тоа практично значи дека и самото име на тој нов помошен јазик не ќе има своја хомофона репродукција. Ќе настане понов некој нов вид вавилонска кула и интерлингва.

Сè тоа значи дека пред сè сите оние добронамерни стручњаци кои сакаат да помогнат на споразумевања меѓу луѓето и народите мораат најпрво да дадат една единствена азбука, без икаква етничка поливаленција, која на сите паралели и медиријани еднакво ќе се чита и изговара. Сосем е природно дека таква азбука не може да биде латиница од прост разлог што традиционалната латиница и на тесен географски простор поради својата многуструка и разнолика ангажираност е пречка за правилно разбирање. Сега во Југославија има неколку видови латиници во кои исти слова немаат истоветна функција дури ни тогаш ако тие исти слова се најдуваат во една едина реченица. Еве пример: Да го земеме презимето на големиот книжевник Виктор Иго, односно во сегашната хрватска латиница Hugoa. Таа во српскохрватски датив сингулар ќе биде пишана со латиница Hugo-u а кирилица Иго-у, можда подобро, Игу. Дативот Hugo-u, напишан со латиница има два иста слова кои сосем различно се изговоруваат, иако се најдува во зборот со сосем ситен волумен. Слично е и со приморскиот изговор туѓица која се изговара не само бифе, туку и буфет. И најшколованиот читател југословенски ако правилно ги чита и разбира Крлежините драмски дијалози, особено оние во Аретеј, мора пред сè да ги знае и обата класични јазици, потоа да ја разбере германската, француската, италијанската, англиската и когакога шпанската и унгарската латиница. Сосем е оправдана сумливоста дали постој таков школован Југословен.

Едини излез од оваа апсурдна ситуација, која не чини нималку чест на западњаците на двеасеттиот век, може да ја даде онаа азбука која е сосем блиска на латиницата, а не е латиницата. Тоа, разбира, е едино е кирилицата, во која можда би

се можело некој знак уште повеќе да се поедностави, како што тоа, нпр., е случај со сонатскиот и консонатскиот **р**. Ова се два разна гласа чија дилема Вук ја решил така што на сонатскиот **р** му додал една точка поврв на самото слово. Голема е Вуковата заслуга заправо во тоа што живиот народен говор го подигнал на степен на книжевниот јазик и така го спречил понатамошниот развиток на српскохрватската диглосија или билингвизам, од што уште страдаат некои словенски и балкански народи. Во Југославија имаме турска латиница, потоа арбанска латиница која покажува понешто влијание на англиската латиница, потоа словачка и унгарска латиница, па румунска во која новолатински слој се разликува од италијанската латиница, и најпосле словеначка и хрватсака латиница. Во хрватската латиница и после Даничиќ и без обзир на латиницата на Југословенската академија се најдува уште стално нешто посложени, поврзани слова која когакога читателите ги доведува во забуна: надживети, поджупан, покрај сарајевското Илиџе, која за време на австриската окупација службено со кирилицата се пишела Илиджа.

Неволјата кај нашите латиници е во тоа што етимолошката ортографија на нешколованиот човек мошне често му оневозможува правилно разбирање. Од таа неволја преминало нешто и на кирлицата, па православните Југословени кажуваат Кина место Чина, како тоа име правилно го изговоруваат Словаците. Словенците уште подобро го решиле тоа прашање па таа земја ја викаат Китај. Тоа име сум го научил на крајот на минатиот век во школата. Исто така е погрешно читање со англиската латиница напишаното име Јапан место Џапан или Џеп'н. Банатските Румуни ја викаат таа далечна земја Ќапонија. Сѐ ова помалку-повеќе се убедливи докази дека кирилицата ни југословенската латиница не го решиле проблемот како што треба, оти нивните текстови, нарочито во поглед на имињата, не им се пристапни на широките маси.

Ама европската писменост не ја добила само азбуката од стариот Балкан. Од истиот источник им дошле на Европјаните небројни изрази кои го сочинуваат така виканиот 'културен речник'. Повеќето дошле во оригинални облици, поретко во превод. Е неможно денес без балкански оригинал да се и замисли, а камоли да се сфатат техничките термини, дури и оние најновите, без кои не можат да се разберат ни споразумат научните работници во сите области на човечкиот дух, па дури ни уметниците.

На основ на тие подударности во европските речници утврдил францускиот лингвист А. Меје постоење на 'европски менталитет', изграден на база на класичните јазици, во кои припаѓа прво и раководечко место на балканскиот источник. Не се работи тука само за поедини зборови и фрази, туку се работи во прв ред за самиот стил. Ако е точна Бифоната изрека дека стилот всушност е самиот човек, тогаш би било претерано да се тврди дека европскиот културен човек се изградувал и развивал под влијание на балканскиот источник. Знаеме дека Бифоновите и Мејсовите земјаци го усовршиле својот стил во многи поголем степен но останатите Европјани. Француската писменост се одликува мимо сите останати со јасност која почива на хармоничната и уравнотежената реченица, односно склопот на реченицата. Во тој поглед треба да се има на ум дека балканскиот изворник е европски стил, всушност, духовен претставник на атинската демократија и нејзините книжевни создавачи Аристофан и Тукидит. Грчкиот јазик имал услов да се развива истовремено во обата правца на духовната активност, во научен и во уметнички. Изузетна спо-

собност негова, која ја наследил од своите индоевропски предци, лежи во тоа што може неограничено да склопува и слогува нови зборови, и тоа секогаш јасни и прегледни сложеници, како што не можат да се замислат во латинскиот книжевен јазик. Едино Платоновиот вулгарен говор чини изузеток во тој правец. Освен таа изузетна способност за стварање на сложени зборови, грчкиот јазик можел- заблагодарувајќи ја употребата на членот- не само прецизно да ја одреди вредноста на поедини зборови во реченицата, туку да и во најмал фонем или морфем им даде самосталност со помош на тој ист член. Поново мораме да го споменеме Плаут и неговата вулгарна латинштина, во која, под влијание на грчките, те. балканските оригинали почнува да се јавува функција на членот, која после ја презеле сите западноевропски јазици. („Платоновиот вулгарен говор“ и „грчкиот јазик“-два јазика, Р.И.)

Така и самата структура на современата европска фраза, без обзир дали е дириговна со кординација или субординација, произлегла од својот балкански изворник, кој вистински е создавач на најстарите и потоњи книжевни јазици и стилови. Еве само еден пример. Ако Француз кажува: ‘C’ est moi qui parle’, таа структура тој му ја должи на грчкиот оригинал: ‘Εγω ειμι ο λεγων’. Лутер, додуше, ги повикал своите земјаци веќе средината на XVI в. да тргнат на балканските извори, ама тек Франција нешто подоцна и научно и уметнички почнала да го напојува својот речник не само со латинска копија, како и порано, туку од самиот балкански источник. За разлика од западноевропските стилови и културни речници, Словените заедно од христијанството го презеле и грчкиот збор- се разбира, во превод на Солунските браќа и нивните ученици. Така, заблагодарувајќи на работата на овие безсмртни хуманисти, е изградуван најстариот словенски книжевен јазик, многу порано отколку што тоа можеле да го чинат западните Европјани, упатени, се разбира, на Кикероновата латинштина и Јеронимовата Вулгата. Вук можда малку претерал што тој класичен изворник го потценил војувајќи со нашите мрачњаци и црквењаци. Денес, меѓутоа, и остронаутите и космонаутите ја шират славата на балканските источници духовни во недогледна висина и во несфатлива ширина“.

ХОМЕРОВА ПЕСНА ЗА СМРТТА И ЉУБОВТА

I

„Оваа песна обично се вика Илијада, ама има стручњаци кои кажуваат дека поточно би било да се вика Ахилеида. Песникот Хоратија, кој добро ги познавал учењата на античките филолози, нарочито оние од Аристотеловата и Александријската школа, го вика песникот на Илијада, односно Ахилеида, не само Хомер туку и ‘писател за тројанската војна’. Веќе ова размимоилажење кажува доволно јасно дека со таа песна за погубувањата и љубовите не е нешто во ред. Затоа не е некакво чудо што со хомерските прашања учените Европјани се баваат веќе дваесет и пет векови. Тоа не би било нарочито страшно дека се стигнало до некое прифатливо решение. Маката е во тоа што доскоро сме мислеле дека сме нашле некое убедливо толкување на хомерската цивилизација, додека последните години микенолошките откритија не разуверие во многу ситници и крупници.

Порано се мислило дека Хомеровите песни за љубовта ги опишува јунаците од циклусот на тројанската војна, која треба да се случи околу 1200. г. ст. е. Се мислело дека тие хомерови херои навистина тие години го освоиле и разориле тврди-

от Пергам, како што се викал тројанскиот град кој го бранел влезот во Хелеспонт (денешни Дарданели) и, на тој начин, пристапот од Средоемјето во понтските области. Микенолошките студии не учат дека старогрчката држава на тоа време била некој вид бирократска монархија со строго распоредени еснафи и луѓе од имоти и работи, значи ни трага од некои јунаци и херои, иако каталозите на имињата од таа епоха се подудираат со хомерските имиња. Па ипак, како сè повеќе се оддалечуваме од вистинското решение на хомеровиот проблем.

Затоа нема смисла да се мачиме околу овие историски детали и чинители кои не се непосредни поврзани за Хомеровата песна. Ќе се ограничиме на она што за нас Балканците е најважно. Тоа во прв ред е тврдиот чинител за кој не се говори ни во една од најброените расправи за хомеровото прашање: дека овие Хомерови песни се однесуваат заправо на нас, поточно речено на нашите давни балкански предци. Балканските Срби се сместиле во центарот на Балканскиот полуостров, заземајќи ги оние населби кои им припаѓале на античките Бруги и Дарданци. Ама Дарданците уште пред тројанската војна преминале од денес нашите јужни краишта преку Хелеспонт и ги основале Троја и Илиј, додека нивните соплеменици Бруги ја зафатиле пошироката област во Анадолија од Дарданелите понатаму на исток, отприлика према денешна Анкара. Од друга страна, првите српски доселеници ја зазеле областа околу Раса, чие дарданско име гласело Арса. Тоа морало да се случи најдоцна на почетокот на VIII в. н.е. оти фонетската промена позната под името метатеза ликвида била уште тогаш на снага, па така од дарданскиот облик Арса постанало српското Рас. Тоа значи дека сите Дарданци не се иселиле од балканскиот центар во Анадол и дека, према тоа, првите Срби на Балканот во мирна симбиоза се стопиле со затачените Бруги и Дарданци. Се разбира дека едино словенското сербе со своите големи задруги имале пресудно влијание во тој историски процес. Најпосле, не смееме да заборавиме дека, покрај Бругите и Дарданците, живееле во тие краишта и венетски племиња, за кои знаел и таткото на историјата Херодот. Овие балкански Венети имаат свои имењаци не само во руските Вјатичи и во сложениците како Вацлав и Вјачеслав, туку и во јадранските Венети и понатаму на запад, сè до Атлантикот. За ова име знае и песникот на Илијада, односно Ахилеида“.

Се кажа: „Тоа значи дека сите Дарданци не се иселиле од балканскиот центар во Анадол и дека, према тоа, првите Срби на Балканот во мирна симбиоза се стопиле со затачените Бруги и Дарданци“, а Бруги=Бриги=Брижи=Бриж=Брз + јак.

Авторот говори дека денешните Срби биле „мешанци“. Меѓутоа, тој и други на него слични, не кажуваат што денешните Срби имаат тн.словенско- свемирско...

„Кога кажуваме Илијада (нагласокот е како ливада и хиљада), тогаш мислиме на Дарданцот Ила и неговиот град Илиј, а кога кажуваме Ахилеида, тогаш мислиме на дивниот Ахилеј, главниот јунак на таа иста Илијада. Античкиот писател на позното време и не со нарочито уважување, полихистор Ајлијан, кажува дека старобалканските Бруги имале своја песна за дивниот Ахилеј и неговата љубов. На страна на Бругите и Дарданците како главен јунак се споменува Хектор, кој зачудо го носи грчкото име. Тоа име се јавува во Хомерова Илијада, овој кој денес можеме да го читаме, почесто но името на лутиот Ахилеј. Затоа некои филозофи и дошле на помисла дека во некоја постара, негрчка пишана Илијада Хектор бил поважен јунак но Ахилеј. Во прилог на Ајлиновото кажување говори и интересантниот податок од друг извор дека Хектор во песната на старобалканските Бруги и носи име Дареј и

дека, према тоа, Хектор е само превод, точен, заправо буквален, од старобалкански, негрчки оригинал.

На оваа страна, неахајско влијание на Хомеровиот еп укажува не само Ајлијановото сведоштво и автентичното Хекторово име но и чудната форма; Хомеров стих. Сите стручњаци, без иземање, мислат дека тој стих е преземен од некоја постара, негрчка епика. Тој стих се вика хексаметар или херојски стих. Од него имаме некои тридесет варијанти, ама главна карактеристика на овој втор стих лежи во тоа што е составен од два нееднакви дела и, што е уште поважно, тие два дела, дактилски тетраметар и дактилски диметар- кој уште се вика и Адонидов стих- се градени на основ сосем спротивни метрички принципи: тетраметар не е ограничен ни условен со број на слогови, од кои можат да бидат до дванаесет, како диметар, кој секогаш брои пет слогови. Истиот метрички принцип, обележен со одреден број слогови, имаме и во строфите на ајолските песници Сапфе и Алкај.

Овој крупен чинител мора да се има на ум од два разлога. Од него, прво, мораме да заклучиме дека хомерскиот хексаметар имал релативно долга претисторија, и дека, према тоа, песникот на Илијада или Ахилеида е поблиску на крајот на епското стварање отколку на неговиот почеток. Во тој смисол говори и песникот Хоратиј кога кажува дека било песници и пред Хомер. На таков позен датум нашата Илијада, која треба да се вика атичка, оти во Пејсистратовата Атина доживеала своја конечна редакција, не упатуваат и лингвистички детали, како што се колебање во метрицата, необавестеност околу дигите, контракцијата на вокалите со накнадно дужење, накратко, атичка политура како најновиот слој на интердијалекатска хомерска стратиграфија, на која укажал Швајцарецот Ј. Вакернагл. (Пизистрат, Р.И.)

Швајцарските филозофи за ова половина век во Хомеровиот еп нашле уште некои неподобштини. Најстрашна е онаа по која излегува дека овој е најголем и досега недостижен песник на смртта и љубовта всушност е само малку подобар и повешт плагијатор, било да го користел епот за Мелеагр или Момнонид или Антиопид. (Антиопид...Антигон... со основа Анти=тн.Словени, Р.И.)

На тие швајварски пронајдоци ќе се вратиме подоцна. Втор разлог од кој не смееме да го испуштаме од вид диспаратниот ритам и двојаката структура на хомерскиот хексаметар е потребно ним да им одговориме со најновите унитарци од Америка, кои со електронски комјутери сакаат да го одбранат боженскиот Хомер од швајцарските деструктори.

Електроничарите со своите машини ги прорешетале и изброиле сите хомерски хексаметри, кои има петнаесет илјади, па дошле до математичко утврден заклучок дека еден едини песник ја опишал Ахилејевата срџба и сѐ она што се случувало внатре во ѕидовите и под ѕидовите на тројскиот Пергам. Меѓутоа, веќе првите два стиха на Илијада покажуваат во својот завршеток разнолика структура, оти вториот хексаметар се завршува со Адонидовиот рефрен, кој секако потекнува од некоја тужбалица. Такви хексаметри има во нашата денешна Илијада близу две треттини, а тоа нас не принудува претисторијата на Хомеровите хексаметри, па према тоа и самата Илијада, да ја посматраме другчие отколку што тоа денес е правено. Најпосле, за некоја постара, догрчка, старобалканска Илијада би можело да се говори и таа околност што Хомер во својот епски речник разликува два вида зборови: еден им припаѓа на луѓето, а вторите на боговите. Веројатно во овој втор случај се работи за хијератска догрчка поезија.

Порано филозофите и археолозите мислеле дека Хомеровата Троја и нејзиниот Пергам се разорени во XIII в. ст. е., а тоа значело дека Хекторовото погубување и Одисејовиот, заправо Посејдонов дрвен коњ ја отворил крадската капија пред крајот на XIII в. и така ја разорил Троја, која Посејдон и ја изградил.

Ама последните години американскиот археолог Ч. Блеген со понови и грижливи раскопувања на остатоците на Хомерова Троја покажал и докажал дека таа Троја, која стручњаците ја викаат Троја 6, страдала и пропаднала од земјотрес, а не од Агамемновите Ахајци. Новата Троја, која Блеген ја нарекол Троја 7а, стварно е разорена, ама не од ахајските борци, туку од старобалканските освојувачи кои учествувале во ајгајската (егејската) инвазија на Анадолија. Тоа значи уште еден поен повеќе за Ајлијановата теза за Илијада на старобалканските Бруги. За таа теза, најпосле, говори и чудната околност што ахајските борци под Хеморовата Троја гледаат родување на сонцето полни девет години поврв на морето- затоа зората е 'ружичаста' или 'ружопрсна'- а не поврв на гората. Како и во Хомерово доба по своја прилика сонцето морало да се родува на исток, а не на запад, изгледа дека е постар песник на некој дохомеров еп за ахајското освојување на медитеранските градови со тврди ѕидови, за кои примитивните Ахајци немале никаква техника, имал во вид старобалканско, а не анадолско приморје. Така филозофите го фатиле овој наш Хомер како вистинско крупна грешка во најобичните ствари. Затоа Хоратиј оправдано тврдел дека когакога задремува и честитиот Хомер.

За уште постаро датување на Илијада, односно тројанскиот циклус, е и францускиот историчар Г. Глоц, кој главната партија на Илијада ја датира во VIII век. За Глоцовата теза и за постарите датувања на поедини епски изрази и формули кои ние ги сретнуваме во Илијада говори и често поновената Хомерова фраза κλεθος αφθιτον (слава непролазна), која буквално се подудара со истата фраза во староиндијскиот еп, śravas akśitam. Сè ова значи дека во нашиот Хомер имаме мешавина на разни епохи, древни остатоци и свежи творевини, имаме борци од камен, потоа со бронзено и железно оружје (страшно за археолозите !), имаме борба измеѓу Европјаните и Азијатите, како што кажува Херодот, борба измеѓу Западниот и Источниот ветер, како би кажал Перл Бак".

Само Бригите имале дативно у, а Бригија со Филип Македонски била во Горна Македонија. Бидејќи Долна Македонија...со Елада го немале а и денес го нема дативот, отпаѓа коине да има врска со Атина- во еладскиот јазик се одбегнува генетивот. Илијада во Александрија на коине била преведена во III век п.н.е. Па Македонците со Филип Македонски се бореле со железно оружје, а Атина... со бронзено оружје. Мајката на Филипа била Бригијка, што важело и за мајката на неговиот син Александар Македонски.Тој бил Зевс (Бик), а кога го освоил Египет тој постанал Амон (Брав). Се потврдува различното генетско- географско подрачје. Во Библијата Александар бил преставен како Бриг со бригискиот бог Арес (јарес=јарец-прч)-бог на борбата. Тој како војсководец дошол во Индија, каде утврдил дека таму пред него дошол богот Дионис- Наис (Нис=Ниш). Патувањето на Белците било со говедо, како што било и за Ведите. Па овде како „староиндијскиот еп, śravas akśitam". Таму говедото постанало зебу=зеву=зевс: б=в; у-дативно со с-генетивно.

„Следи дека Хомеровата песна за смртта и љубовта, во колку неа точно ја разбрал Таткото на историјата, уште стално актуелна, оти не смееме да заборавиме дека нашите балкански Дарданци живеат во името на Дарданел, односно на Хеле-

спонт, кој- према античкото верување- го брани Ахилеј со својот другар Патрокло. Овој морски пат не бил тешко да се брани од прост разлог што Понт низ Хелеспонт, односно Дарданелите, продирала јака ладна струја према Средоземно море, кое, природно, го ометувало пристапот и преминувањето со примитивни лаги на трговците и морепловците на она време. Затоа овие морски влекачи и влекачиќи пред влегувањето во Хелеспонтот ги извлекувале своите лаѓи на копно, и ги влечеле по земјата испред тројскиот Пергам и малку подалеку на север ги спуштале во морето. Господарите на Пергам наплатувале, се разбира, такса за преминување. Оттаму силното благо во Троја, која неколку пати паѓала и понови се подигнувала. Конечно ипак околу 700. г. ст. е. лаѓите постанале покрупни и повеќе не морале пешки да патуваат испод Троја. Тогаш дивниот Ахилеј се преселил на Понт, постанал господар на Понт, додуше без другарот Патрокло, ама често во друштво на Агамемновата Ифигенија. Се сместил на едно острово пред дунавската делта и близу устието на Дњепар, ама поново во старата функција, да ги чува водените лази и пролази, кои воделе уз Дунав и Дњепар на изворите на жолтото и црвеното злато. Црвеното злато е авалски цинобарит, по цена равен на килибарот и вистинското злато, кое било во изобилие во дунавските притоки и во нашите Карпати. И од онаа страна- мислам на историскиот материјализам- посматрана, Хомеровата песна за смртта и љубовта во врска е со нашите краишта и нивната најстара историја, а не само поради Бругите и Дарданците и поради Мисите, најстари жители на Србија, за кои знае и европската историја и кое песникот на Илијада необилно високо ги ценел.

Ама овде не ние е намера Илијада да ја посматраме како историски извор, иако тоа често се чини. Илијада е повеќе отколку историски извор, таа е најстар источник од Балканот во најдобар смисол на тој збор, оти од тој источник се јавува прв пат τα ευαγγελια, добра вест за човекот за човештвото. Посматрана како хуман и уметнички источник, Илијада најпрво преку старогрчката школа, потоа преку софисти и филозофи, па после преку римските книжевници им ја испраќала на сите потоњи поколенија добрата вест за најголемата љубов, а тоа и ест љубов према човекот и према човештвото.

Песникот Хоратиј имал, меѓутоа, нешто другчие сфаќање за љубовта ! во Хомеровата Илијада, која се заснова на легендата за грабнувањето на убавата Елена. Неа Парис Меѓедовиќ[2] (тоа е вистински превод на неговото друго име Александрос) ја одвел заедно со грдното благо од топлиот медитерански југ во ладниот тројски Пергам. Можда зад оваа грчка приказна се крие некој метеоролошки мит кој може само да се наслути затоа што Елините браќа, брзите белци Кастор и Полидеук, биле вработени по морските патишта. На жалост, не се знае точно што значи името Елена, иако ни се чини сосем оправдана претпоставка дека нејзиното име може да се преведе со Светлина и Сончаница. Во тој случај би имале работа во основниот мотив на самата Илијада со некоја астрална претстава која се однесува на сукобот измеѓу мрачниот Север и ведриот југ, а не измеѓу Исток и Запад, како што мисли Херодот“. (Авторот пиши Јелена: ј-без ваков глас/знак, Р.И.)

Следи Хелени според хел, х=б, бел. Значи, белина=светлина. Таа била само од Сонцето- Хелиос=Илиос, од ил: ил врне ил грме, до Хелена-х Елена. Во прилог е и името Елисавета=ели савет, с=з.Па се говори Бог (Хелиос) мој савет=завет- совет.

---

[2] Мечка- мед чека; медвед=мед веди (вади): д=ѓ-Меѓедовиќ. Во Дунавска Србија било само со в-н-т. Народ на мечка Аркадија=аркад...=а ркад- аркада како рака;мечката ракади=ракати-убива. И рокада.

„Со среќа, самиот песник многу е појасен и поодреден. Тој несака да раскажува за некои далечни и мрачни сенки од давното минато, било ахајско било дарданско. Тој одма во првиот стих кажува дека ќе говори, уз помош на божиците, односно Музите, за страшниот гнев Пелејев Ахилеј, од кој изгинале многу Ахајци. Дека само еден едини афект, и тоа негативна природа како што е гневот, го зема како главна потка за цел еп, не е нималку необично, оти и пред и после Хомер, од Мелеатра до Бесниот Роландо и Љутица Богдана, се нашло уште јунаци кои своите лични расположенија ги претпоставувале општи ствари. Према познатата расподелба на психолошките типови, кој го дал геоморфологот и антропологот Јован Цвииќ, Хомеровиот Ахилеј го претставувал виолетен динарски тип. При оваа дијагноза треба на ум треба да се има дека Ахилеј не му се моли на олимписки Зевс, ниту на оној на планината Ида, на која привремено бил сместен Зевс да ја контролира војната ситуација под Троја и на која нејакиот Парис- Александар хранет со млеко на некоја хумана мечка. (Затоа и го превдувам името Александрос со Меѓедовиќ) Ахилеј се моли на Зевс во Додона, во западнобалканскиот Епир. Освен тоа, динарецот го зафаќа не само западниот Балкан, туку се јавува и во Анадол, сè до Сирија“.

Бидејќи Епир бил бригијски, се наведува Зевс, а Илијада била бригиска со бригиско говедо (Бик=Зевс) и бригиски коњ (Пастув=Посејдон). Исто така, бригиски бил и војниот бог Арес, кој го носел бригискиот крал Пир и бригискиот крал Ѓорѓи Кастриот. Обајцата носеле шлем со рогови на богот Арес=јарес=јарец=Прч.

„Современите филолози нашле дека мотивот на гневот како главна потка и доминанта, е позајмен, како што е веќе речено, од некоја постара песна за Мелеагр, кој на своите другари им се налутил затоа што како прв јунак при делбата не ја добил главата на калидонскиот вепар. Ама кога поладно и повнимателно се читаат хексаметрите, без тешкотии може да се воочи дека дивниот Ахилеј се лути на своите Ахајци само во првиот чин на оваа епска драма.

Хомеровата Илијада ја нарекол со тоа име францускиот хомеролог В. Берар, кој пред некои сто години на коњ ги прошетал балканските гудири и после тоа дал повеќе дела за хомеровите прашања, и тоа сè како претседател на Надворешнополитичкиот одбор во францускиот Сенат. Веќе на почетокот на вториот чин, во единаесеттото пеење на оваа единствена епска драма, го испраќа Ахилеј својот другар Патрокло од поголема близина да ја посматра ситуацијата под Троја, која за Агамемнови Ахајци постанува сè озбилно. Ова Патроклово извидување, како што е познато, се свршува на крајот на вториот чин; со тоа што тој ја облекува Ахилејевата опрема и го зема неговото оружје, гази во борбата и загинува од Хекторовите раце. Во треттиот и последен чин Ахилејевиот гнев е уперен во сосем друг правец, но што тоа било на почетокот на епската драма. Најпосле, на крајот на самата драма сè се смирува и стишува, и сè е надјачува херојската љубов Ахилејева во сите три своја вида: чулното, другарско и човечко“.

II

„Напред е речено дека В. Берар Хомеровата песна ја нарекол ‘епска драма’. Ама веќе Аристотел во својата Поетика неколку пати ја поредил трагедијата со Хомеровата Илијада, истакнувајќи при тоа повеќе разлики по сличноста. Илијада- она која денес ја читаме- покажува навистина јасни облици својствени на вистинска драма. Истакваме таква поделба на три чина: прв чин до десетто пеење, друго до седумнаесетто, а третт до последното, дваесет и четвртти. Обем на овие три чина пр-

иближно е еднаков, ама поважно е второто прашање, кое готово секогаш се поставува кога е збор за драма: тоа е она прашање на единствена работа, место и време. Во поглед на самата работа на досегашните критичари воглавно приговорувале на неактивноста на главниот јунак, кој е присутен и приметен на почетокот и на крајот на првиот чин и исто така на почетокот и на крајот на треттиот чин, додека во другиот чин никако не го гледаме на сцената.

Ахилеј, меѓутоа, не е само главен јунак на Хомеривата епска драма: тој истовремено е и главен јунак ахајски под Троја, па затоа неговото присуство или отсуство на сцената е од голема важност за композицијата на целото дело. Ипак мора да се спомени дека главниот јунак е воочлив и во вториот чин, и тоа така да се рече зад кулиса. Тој е присутен и инаку, оти неговото име често се споменува и кога го нема на сцената: на почетокот на вториот чин, во единаесетто пеење, како што веќе е речено, тој го испраќа својот побратим Патрокло да ја посматра борбата од близина. Тоа значи дека Ахилеј на свој начин учествува во настаните опишани во вториот чин, кој, воостанатото, е најдосаден оти се говори за колење, убивање и спасување на ранетите јунаци. Еднаш се говори и за Агамемнон како протагонист, секако затоа и на овој начин да се рехабилитира главниот командант ахајски, чиј углед после деветто пеење прилично е разнишан. Во тоа пеење, како што е познато, посебна делегација му ја нудела на Ахилеј како накнада за грабната Брисеида ќерката на самиот Агамемнон. Тоа би значело една љубов повеќе за главниот јунак, љубов која, додуше, е остварена тек после падот на Троја, на самиот Понт, каде се нашле Ахилеј и Ифигенија.

Единствена работа да се бара во јуначкиот еп претставува прилично безнадежно преземање. Тоа убаво се гледа во Вергилијевиот еп, каде 'побожниот Ајнен' не е ништо друго до инструмент на судбината пропишана за потоњата римска империја. А сите знаеме дека самиот Вергилиј, и никој друг, е автор на Ајнеида, додека околу авторот на Илијада уште стално водат борба со филолошки и археолошки мислења. Па ипак постојат и во оваа епска драма единствена работа, или, да бидеме уште поодредени, постој психолошко единство, основано не на гнев и сваѓање туку на љубов која ја покажува изразито на настојување кон климакс: љубов према Брисеида, потоа према побратимот Патрокло и најпосле најповеќе љубов- према човекот воопшто. Оваа смислена традиција, како веќе сме рекле, убедливо го потврдува и психолошкото единство на целата драма. За тоа единство говори, како што се знае, и место и време. Песникот нас не фрла во последните денови на борбата под Троја и само со вешти укажувања на порани настани се ствара илузија за долгогодишното војување. Затоа Бераровиот суд за епската драма мора да се прифати, оти песникот компоновал свој еп по сите прописи кои Аристотел ги поставил за трагедија.

Оваа единствена епопеја ги исполнува не само сите прописи кои ги поставил Аристотел за класичната трагедија, туку на вешт начин вофрлува и преработува, нарочото во во вториот чин, а донекаде и во првиот, пораната балада за другите Ахајци. Мора да се признае филолошката анализа дека успеала да ја пронајде баладата за Хектор, а потоа онаа за Диомед, а пред сѐ и некоја на Патроклија, во која главен јунак би бил Ахилејевиот побратим. Сите овие се составни делови обфатени до драмска динамика, која се запазува одма на почетокот на самата епопеја. Затоа оваа песна за смртта и љубовта е нешто повеќе отколку епската драма. Ние веќе во

првото пеење сознаваме дека главниот јунак наскоро ќе заврши трагично, ама тоа песникот не ни го изнесува на сцената, туку нас не држи когакога во појака когакога послаба напнатост сè до оној последниот трагичен час кога седи Пријам и младиот Ахилеј заедно плачат на човечката судбина. На тој трагичен час му претходи уште потрагична сцена кога Хекторов татко Пријам ја љуби Ахилејевата десница, од која погинал неговиот син и главен заштитник на тројскиот Пергам. Па ипак, покрај сè таа трагична доминантна, со која е прожета цела епопеја, дивниот Ахилеј има доволно снага за сите три свои љубави, дадени во возвишениот и готово сублимиран тон. Не може овде на поедини примери да се демонстрира песниковата virtus propria- особено способноста со која не само што ги наткрили и фрлил во потполн заборав своите претходници, туку далеку им измакнал и испред своите последници и имитатори. Има во оваа драмска епопеја и лирски моменти, како нпр. разговор измеѓу Хектор и Андромах, Хекторовата рефлексија пред погубувањето, тужбалиците Тројанки над мртвиот Хектор, итн. Има дури и понекоја комичка сцена, и тоа не само на земјата, во ахајското собрание, туку и на самиот Олимп, пред лицето на Зевс, татко на луѓето и боговите. Сета оваа политонија и полифонија ја здружил Хомер во единствена и необична целина, која, без обзир на некоја послаба партија, останала до ден денешен ненадмашено дело. Со тоа е даден одговор и на оние швајцарски филолози, кои покушуваат во боженствениот Хомер да откријат некој плагијатор или бар имитатор. Античките критичари, со Аристотел на чело, биле во тој поглед далеку изнад современите трудбеници во областа на класичната филологија“.

Се говори за „швајцарски филолози, кои покушуваат во боженствениот Хомер да откријат некој плагијатор или бар имитатор“. Па делата биле присвојувани. Па и стои: „Сета оваа политонија и полифонија ја здружил Хомер во единствена и необична целина, која, без обзир на некоја послаба партија, останала до ден денешен ненадмашено дело“. Ова дело било со делови од Египет, Бригија и Јадранот.

Според други автори, коњот бил плагијат од епот на Гилгамеш- место бокал.

III

„Заблагодарувајќи на смислената и енергичната предземливост на нашата Матица, која умеела своите културни традиции да ги подеси према современите потреби на нашето општество, како и на изузетниот трудољубив академик Милош Н. Ѓуриќ, кој пола век со своите преводи ја богател нашата култура, нашата публика ги чита обата главна епа на хеленската книжевност во српскиот превод. Мислам на Илијада и Одисеја, кои веќе порано ни биле пристапни во преводите на Т. Маретиќ, а да не говориме за постарите- повеќето фрагментирани- со преводите што ги започнале Л. Костиќ, П. Папакостопулос и Л. Врбица. Кажуваат дека досега имало дваесет такви преводувачи на Хомеровите песни. Његошевиот превод на првото пеење на Илијада е работен према рускиот превод, а преводот на Ј. Кујачиќ на цела Илијада останал во ракопис.

Се знае дека Л. Костиќ во касните фрагменти на својот превод на Хомерова Илијада донекаде се базирал и на Маретиќевиот превод, ама ни издалеку онолку колку Његош се држел на Гњедичевиот превод. Меѓутоа, и Гњедич и Маретиќ, работејќи во текот на XIX век, кога Европа филолошки и преведувачки монопол бил готово потполно во рацете на Германците, кои тогаш и инаку на словенските народи и научници прилично им солеле памет, се угледале на педантниот превод на со-

весниот Ј.Х. Фос, чија Муза (подобро Муса оти Шпанците уште и денес кажуваат мусика а не музика) ретко се искачувала во повеќе региони.

Хомеровиот јазик, кој не е само уметнички туку и вештачка творевина, ја зачувал онаа архаична способност на индоевропската јазична заедница да гради сложеници. Таа способност ја изгубиле Латините и нивните новолатински наследници, а ја зачувале Индите и Иранците, Келтите и Германите, Балтите и Словените, Илирите и Трачаните, нарочито во личните имиња на европските војнички врхушки. Пример за тоа пружа името Далибор, кој потполно одговара на грчкиот Телемахос или Всеволод, кој се сложува со готскиот Аларих.Ама во секојдневната лексика таа способност за лексичката композиција знатно ишчилела во словенските јазици, па така и во нашиот јазик.

Гњедич, кога се држел на Његош во тој поглед, а исто така и Маретиќ, сматрале за своја обврска секој хомеров епитет, а ги има доста безработени, верно и буквално да ги репродуцираат. Така е вршено учено насилие над народните јазици. Затоа Маретиќ на крајот своите преводи морал да ги толкува со свои кованици и неологизми.

Секако оваа и ваква педантност на филолошките преводувачи во знатна мера ја одземала снагата и убавината на песничкиот израз на грчкиот оригинал. Друга мака имал Маретиќ со хексаметарот, зашто говори неговиот ученик Ст. Ившиќ, кој уште за Маретиќевиот живот и во споразум со него го дотерувал неговиот превод на Илијада. Покушувањето на Меда Пуциќ и Л. Врбица хексаметарот да го замени со друг стих на старите бугараштици заслужува и денес внимание. На замена на хомерскиот хексаметар на нашиот друг стих потсетува успеало покушувањето на Н. Томазе, кој нашите херојски десетерци ги преведувал со грчкиот ‘политички’ стих од петнаесет слогови. Овој стих се одржал во народната песна од почетокот на средниот век до ден денешен. Еден доказ повеќе дека преведувањето во оригинална метрица не е нималку ни обврзано ни пофално. Обврска е адекватна репродукција на песничкиот стил и неговата внатрешна психолингвистичка функција. Таа функција го обфаќа и изразот и тонот и ритамот и сѐ она што се вика песнички климат или колор. Ако, затоа, од преведувачот се бара да биде верен на оригиналот, тоа може да се прифати под услов дека таа верност се однесува на песничкиот дух, а не на песничкото тело и на метричката формална реченица. Дека метричната страна е прилично споредна се гледа и по тоа што современите најдобри преведувачи на хорските партии во Европидовите трагедии другчие се снаоѓале отколку плодниот Коломан Рац: Виламовиц хорската полиметрија ја заменил со прости и еднилични ‘морлачки трохеји’ (така Гете ги нарекол нашите десетерци), додека Полјакот Моравски таа иста полимерија ја прикажал со стихови на нееднаква должина, распоредени во модерни строфи со обрзан ритам која била позната само на схематизирана проза на софистот Георгиј. Непочитувањето на метриката на оригиналот сосем е разбирливо од гледиште на лингвистиката и нејзината анализа на звукот и ритамот, кои ни кај еден те ист писател не се секогаш исти во сите детали, оти стариот Гете не пее онака како млад.

Маретиќевиот превод на Илијада повеќе е филолошки но песнички верен, додека Ѓуриќевиот, и покрај ретките метрички рапавости, повеќе е верен и повеќе уметнички но Маретиќевиот. И во Ѓуриќевиот превод се најдува понекој хексаметар кој почнува со ненагласен слог. Такви случаеви има и во Хомеровиот хексамет-

ар, а во Маретиќевиот превод далеку повеќе. На тие и такви недостатоци во Маретиќевата Илијада укажал Ившиќ, кој се трудел да ги поправи и кои од ист разлог приговара на хексаметрите на Воислав Илиќ. Па ипак, и покрај тој филолошки приговор, Воислав знаел да гради најтечни и најзвучни хексаметри во српскиот јазик. Не повеќе (близу две треттини) покажуваат диспаритетна структура. Првиот дел на хексаметарот, како веќе сме споменале, заправо е тетраметар, кој може да има осум, девет, десет, единаесет и дванаесет слогови, а вториот дел, диметар, заправо петтосложен стих со рефренски карактер. Овој стален број слогови во вториот, помал дел на хексаметарот секако е во врска со основниот закон на ајолската метрика, која се држи со стален и одреден број слогови. Ми се чини затоа дека овој 'херојски стих' постанал од тужбалицата, во која рефренот и кај старите Хелени е обврзан. Ипак денес стручњаците мислат дека хексаметарот е со страно, а не со хеленско потекло.

За преведувачите тој проблем не е важен: тој јасно ни кажува дека современите преведувачи не мораат да се држат на оргиналниот метар, ама дека мораат да најдат стих подолг од десетерци, со ритам кој одговара на епскиот оригинал.

Хексаметрите на академикот М.Н. Ѓуриќ се подобри, подубави и пополетни од Маретиќевите, мада и кај него овде- онде когакога мора да се застане, оти во нашата версификација важи ритамот на квалитетот, а не ритмот на квантитетот како во античката метрица. Заедничко е, на среќа, на антички хексаметар и пентаметар и на нашиот стих, било да е пократко или подолго, тоа што ритамот им покажува изразита каденца (освен каталектрички стопи на крајот). Тоа потполно одговара на уплањена и увежбана психоза на професионалните нарикачи, за кои говори Вуковиот Рјечник (правилно Речник).

Уште е воочлив лексичкиот бољитак во овие преводи што на нашата народна култура им ги даруваат Матицата и академикот М.Н. Ѓуриќ. Очигледно дека овој наш најнов преведувач на Хомеровата Илијада има подобро и поразвиено песничко чуло, секогаш будно кога се работи за изборот на вистинскиот израз. Затоа се ретки хексаметрите кои останале во Ѓуриќевиот превод исти онака како што сме ги читале кај Маретиќ. Секако дека оваа подударност е неизбежна, оти мораме да имаме на ум дека Маретиќ добро ја познава нашата народна песна и дека превел некои педест илјади класични хексаметри. Не пречи многу што во поглед на сложените зборови когакога се обsирал на Фосовите мајстории, својствени на германската јукстапозиција. Има, имено, успешни преводи иако се ослонувале и на други преводи. Нашите први модерни преводувачи, Вук и Даничиќ, не дале свои преводи на христијански текстови ни према грчкиот ни према еврејскиот оригинал, па нивните преводи во свое време потполно би успеале, оти преведувачите го осетиле духот на оригиналниот текст".

IV

„Класична грчка книжевност во ист мах е и најстара и најсјајна меѓу европските книжевности. За нас Балканците нарочито, меѓутоа, е важен чинителот што таа е најстара и најсјајна книжевност првенствено балканска. Со заслуга на Солунските браќа нашиот старословенски книжевен јазик и уметничкиот израз е создаван непосредно према грчкиот оригинал, а не према латинската копија. Како словенските доселеници со добар дел ги пословениле многу балкански старинци, од кои многу биле порано погрчени или полатинети, односот на балканските или алпско-

понтските Словени према класичната просветеност сосема е другчија но кај останатите Европјани. Главните носители на античката култура- прекласична и класична- затоа за нас Балканците донекаде се и физички, а не само духовни родители наши. За Балканците антиката во некоја рака е национален предмет. Тоа нарочито важи за грчки јазик, култура и книжевност“.

Се наведе: „Како словенските доселеници со добар дел ги пословениле многу балкански старинци“. Ова е без основа затоашто тн.словенски јазик бил само варварски, кој бил пелазгиски на кого говорел и Платон- коине бил Александријски.

„Илијада е главно дело на најстарата и најсјајната европска книжевност. Во старата грчка школа тоа најубаво песничко дело било главен школски уџбеник покрај поучниот песимист Хесиод. Од Илијада учеле Аристотел и неговиот ученик Лесандар Србљанин, како што Гундулиќ го вика Александар Велики.[3] Илијада ја држел во раце големиот мислител Платон и како момче голобрадо и како седи и неуморен осумдесетгодишник. Незгодно било можда само тоа што старите Грци во Илијада барале повеќе поука, а помалку забава. Ама тоа е судбина на сите писатели, кога од нивните дела направат уџбеници само школски, а не општонародни. Ипак Илијада останала и општнароден уџбеник на чојството и јунаштвото, на најпрактичните и најбројни вештини.

Меѓутоа, овој општонароден и простонароден уџбеник, мада јасен и разумлив на нешколованите слушатели и читатели, наскоро постанал и останал нејасен и неразбирлив на луѓето, а нарочито на оштроумните стручњаци и домишљатите критичари. Така настанало она што се вика хомерово прашање, те. најстаро прашање за кое знае просветена Европа. Тоа е покренато пред некои дваесет пет столетија и не дошло уште до вистинското решение.

Тоа хомерово прашање се состои всушност од повеќе прашања, а најважни се овие: дали Илијада е едно уметничко дело од еден песник или е збирка на народни песни од разни пеачи, викани рапсодии. Ако е првото поверојатно, од кога, кога и каде тоа дело е напишано. А ако второто е поблиску на вистината, каде, кога и каде е извршена последна редакција на тие народни песни кои сега ја сочинуваат Илијада. Дали, се прашува понатаму, оној непознат пеач или песник, слепиот Хомер, бил генијален творец на онаа претпоставена прва Илијада или бил генијален писател редактор на онаа друга Илијада ? По името на тој легендарен Хомер, кој некои поради неоснована традиција погрешно го изговорууваат Омер, добило ова старо и замрсено прашање свое име. Најпосле, дали треба неговиот спев од неколку петнаесет илјади стихови, викани хексаметри, да се вика Илијада по градот Илиј или Ахилеида по името на главниот јунак Ахилеј ? На ова најважно прашање ќе покушаме да одговориме на крајот на овој простонародски извештај.

Уште пред четирисесет столетија била жива сувоземната и поморска трговија во балканско- анадолска област. Рековме како мали лаѓи, кои се држеле претежно на брегот, оделе од Мисир и Сирија, од Кипар и Крит испод Троја низ Дарданелите. Така господарот на Троја силно се богатил.

Имал многу деца, само синови биле педесет, меѓу нив и Парис. На царот му кажуваат вражачите дека тој син ќе му го упропасти царството кога ќе нарасте. Затоа царот испрати слуги со малиот на планина детето да им го остави на sверовите. Ама се најде некоја мечка која детето отпочна да го доји. Детето брзо нарасти и си-

[3] Александар Македонски и авторите кои за него пишеле не го споменувале поимот Срби- без Срби.

лно ојача, постана чобанин и го викале останатите чобани Александар, те. Меѓедовиќ. Поради некоја расправа со чобаните дојде судење пред царот, својот татко, кој по некој белег го познал синот и го замоли. Ама Александар остана и понатаму чобанин, чувајќи го неброениот татков добиток. Еден ден се обренаа пред него на планината три убави вили. Една држела во раката златно јаболко на која пишело 'Најубава'. Го замолиле да пресуди која е најубава. Тој досуди јаболкото на Афродита, а оваа нему му ја обеќа Елена, најубавата царица на оно време. Александар или Парис се врати во татковиот двор, му оди преку морето на Балканот на гости на царот Менелај и му ја одведува жената, убавата Елена, ама при тоа не заборави да понесе што повеќе благо. (Авторот пиши Јелена=ј Елена + х = Хелена, Р.И.)

Овој балкански цар со својот брат Агамемнон и останатите Ахајци тргнал на Троја да ја освои и раскопа и така да ја опери честа. Војната траела полни девет години. Поткрај војната наголемиот грчки јунак Ахилеј го убива првиот тројански јунак Хектор, братот Александров. Вториот досетлив Грк, Одисеј, смисли план да се направи голем дрвен коњ и да го остави под Троја полн со најхрабрите Ахајци, а останатото војска да се качи и привидно тргнува дома. Тројанците наседнаа, го вовлекле коњот, од кој ноќта слегле Ахајците, ја запалиле Троја, го разорат и оплачкаат. Старото пророчанство ипак се исполни сосем, оти Тројанцот Ајнеј, потомок и штитеник Афродитин, побегна со поголем број соплеменици преку морето и после долги лутања го основа вечниот град Рим како наследник на тврдите тројански кули. Злосреќниот Парис или Александар го убива Ахилеј уште пред падот на Троја. На место на старата Троја Јулие Кајсар сакал да го подигне новиот Рим. Ама тек Нишлијата Константин Велики на излезот од Дарданелите, на Боспор, го подигнал Нов Рим, Константинов Град или Цариград, кого германските гусари Викинзи го викале Велики Град. Така легендарна Троја Хекторова најпрво ја заменил стариот Рим на Тибар (илирско име !), а него Константинов Нов Рим. Кога овој постанал Инстамбул, тогаш се појавила православна Москва како Трет Рим со свои настојувања према преминот покрај некогашната Троја низ Дарданелите во топлото и ведро Средоземје.(Симбол на Викинзите биле роговите на бригиското говедо, Р.И.)

Историјата на Дарданел и дарданскиот Илиј или Троја е стара према тоа некои четриесет векови, како и оние пирамиди што ги гледале Напалеоновите војници. Пред четириесет столетија тргнале илирските Дарданци од денешна Рашка и Стара Србија према Анадол. Троја е старобалканска кула на овој судбоносна раскрсница што го носи името по Дарданците. Затоа Хекторовата кула Илиј пред влезот во Дарданелите ја бранат покрај Тројанците, Дарданците и нивните балканско-анадолски сојузници уште Бруги и илирски Пајонци од Вардар. Ја бранат и тогаш кога јонските колонисти од анадолскииот брег настојат да продрат во Дарданелите и во Понт, откаде доаѓало, како што напред е речено, освен вистинско злато уште три вида благо со равна вредност: жито од Украина, цинобер од Авала и килибар од Источното море, преку Дњепар. До тие блага можело да се дојде најлесно преку Дарданелите".

Житница за Балканот и Мала Азија бил Египет- сувиот појас оди кон север.

„Ама песникот на Илијада не пее за тие земни богатства, мада знае за силното благо во Илиј. Тој сака, како што е напред речено, да пее за срцбата на главниот јунак, лутиот Ахилеј, кој како пагански 'господар на Понт' се ведрел и облачел на Црно Море готово сè до појавата на св. Никола. Овој како 'морски старец' го

одменал и ја презел заштитата на сите патници и морепловци.Песникот на Илијада, кој не ја открива геополитичката важност на Илиј, не кажува ништо ни за Ахилејевиот култ на Понт, нарочито во областа од дунавската делта сѐ до Бориостен (Дњепар. За песникот на Илијада Ахилеј од мајчина страна, која е подебела и појака од татковата, по сфаќање на старото балканско- анадолско општество, боженско потекло, ама ипак смртен и повредлив само во петицата (Ахилејева патица). Песникот Ахилеј е млад јунак кој ја љуби робињицата Брисеида, го сака другарот Патрокло и го почитува својот сед родител Пелеј, а го мрази Агамемнон и Хектор. Културниот Ахилеј е демон на лутиот и мрачен северник, опасен за средоземните морепловци и грчки колонисти. Агамемнон или Мемнон е старо боженство на ведрината и како такво природен противник на срдитиот мрачен Ахилеј. Песникот тие битија на стариот мит и уште постар култ потполно ги хуманизирал, здружувајќи ги старите митови со современата стварност. (Агамемнон=ага Мемнон: ага=Ага=а геа=Геа, Р.И.)

Таа современа стварност која ни ја изнесува песникот на Илијада содржи јасна основа на новиот општествен поредок и односот меѓу луѓето и народите. Песникот на Илијада многу е понапреден и потрпелив но енциклопедистот Аристотел, учителот на Лесандар Србљанин, кој прогласувајќи равноправност на сите луѓе, покажал дека повеќе научил и ги сознал животните мудрости од Хомеровите песни за смртта и љубовта но кај својот учител и главен филозоф на римско-католичките богослови. Песникот на Илијада, меѓутоа, не е само за меѓународна, но и за општествена равноправност. Кралевите ги вика ‘народни изелици’, па е против хаотичната ологархија и самоволијата на поедини великаши, оти бара демократска монархија на чојство и јунаштво. Тоа се идеји од крајот на VII и почетокот на VI в. ст. е. Затоа Илијада, која не е ни збирка на народни јуначки песни ни еп нарачан од дворските кругови како што е случај со Вергилиевиот еп, чиј главен јунак е со потекло од дарданскиот Балкан, не може да биде постар од почетокот на VI век. За оваа претпоставка говорат уште два важни, од Илијада и нејзиниот песник независни чинители. Во тоа доба почнува од јонскиот град Милет колонизација на Понт, те така во VII столетие постој влез и премин дарданелски важен за грчката трговија.Второ, на почетокот на тоа исто столетие е водена измеѓу двата грчки градови на Евбоја долга и непоштедна војна,во која учествувале готово сите грчки држави. Таа лелантска војна на песникот на Илијада му послужил како пример на општогрчкиот воен сојуз против туѓината. (Евбоја=е в бој а, в=у: е во бој- ајде во бој, Р.И.)

Песникот на Илијада ја свел целата тројанска деветгодишна војна на некои дваесеттина дена поткрај војната. Така веќе се покажало како совршен мајстор во поглед на композиционата техника. Ама тоа не е ни едина ни главна негова врлина. Психолошка стварност е појака од сите останати. Песникот на Илијада е вистински мајстор на психолошки анализи. Размислувањата Хекторови пред погубувањето и визијата на неговата вдовица што ќе биде со нејзиното и неговото сирочето се најдува себе равна само кај големите словенски романсиери, Достојевски и Толстој. Описот на убавата Елена не е даден непосредно, како што тоа го чини Ариосто и другите прославени епичари. Песникот ни ги соопштува впечатоците кои со ред ги предизвикува Еленовата убавина кај тројанските старци. Овие запоседнале на градските бедеми да го посматраат мегданот измеѓу Менелај, првиот маж на Елена, и Парис нејзиниот нов војновец. Елена се качува на градот уз бедемот да заземе место на посматрач и така ја открива еластичноста на убавината на своето тело: таа

стапува како птица и се таласи како убава лаѓа, како што би рекол Бодлер. Задивените старци еднодушно се на мислење дека за таква убавина вреди да се војува од девет години, без обsир на сета пустош и голема несреќа која таа убавина ќе ја предизвика и остави. Ипак не смееме да заборавиме дека Еленовата убавина навистина не е одговорна за сукобот измеѓу Балканот и Анадолија, туку изузетно геополитичка и економска важност на дарданскиот Пергам пред влезот во Хелеспонт-Дарданели. Ама песниковата објективност и изузетната способност на репристинација и на културните и психолошките состојби не треба поново да се прераскажува и проверуваат економските и историските чинители.

Овој песник од старобалканската Атина можел да постане учител на европските учители, Грци и Римјани, оти ја осетил и искажал врската измеѓу минатото старобалканско и иднината хеленска, оти во своите јунаци измамил искра на боженски пламен а во своите богови, пожар на човечката страст, оти, со еден збор, ја зближил сегашноста и вечноста, боговите и луѓето, пријателите и непријателите, чојството и јунаштвото. Макар неговата песна потполно да ги исполнува сите Аристетолови захтеви за единство на местото и времето, неговата Илијада дава повеќе но Шекспировите драми и прозните епови на руските романсиери. Единството и единственоста на Илијада, на самостојното дело на еден един генијален уметник, чини триптих на Ахилејевите љубови. Овој триптих ја дели Илијада во три дела: прво еротска љубов, потоа другарска љубов и најпосле синовска и општочовечка, општо-човечанска љубов. Во последното од дваесет четири пеења овие три љубави уште еднаш на Хекторовиот пример се покажани. Во тоа тек пеењето потполно се гаси на полазниот мотив на епот, гневот на лутиот Ахилеј.Така песникот ги наговестува општото измирување и општото смирување. Затоа Илијада и нејзиниот песник им припаѓаат на сите времиња и на сите современи народи. После овој суморен преглед ги изложуваме поважните детали“.

V

„Овој уметник низ цел стар век е сматран најголем песник и најдобар учител на Грците, на кои Европа во голема мера им ја должи својата просветеност. Затоа ќе се задржиме најпрво кај него, да тек после преминеме на самото дело. Иако знаеме дека уметничката личност најверно се открива во самото уметничко дело, макар тоа се истакнувало со објективна објективност како Илијада, ние ипак мораме нешто да речеме за песникот на основ она што се знае за него мимо неговите дела.

Песникот на Илијада се сматра основач на најстарата европска книжевност, мада кај Грците несумливо имало и песници пред него. Енциклопедистот со ситен формат Ајлијан знае дека постоела некоја Илијада на јазикот на старите Бруги, најблиски на дарданските сродници од централниот Балкан. Нашиот Хомер се служи со најстариот европски книжевен јазик. Према атичкиот книжевен јазик, кој му дал политура на хомеровиот јазик, се изградувани подоцна сите потоњи европски книжевни јазици, почнувајќи од латински па сѐ до нашиот јазик.

Седум градови, како кажуваат, се отимале околу славата да биде родно место на песникот на дивниот еп за јунакот Ахилеј и неговиот убиствен гнев. Заправо бројот на грчките градови кои се отимале околу таа изузетна слава и чест бил поголем. Ама традиционалната светиња и способноста на седмицата, која од стара Месопотамија продрела во Анадолија и Европа и која има широко значење (седум мудреци, седум чудеса на античкиот свет, седум планети во старата астрологија,

седум гласови во музиката и седум жици, седум римски легендарни крала итн.), и неможноста повеќе од седум имиња да влезат во еден херојски стих викан хексаметар, направиле секогаш во разни варијанти да се споменуваат по седум градови. Тоа се понајчесто Змирна, Атина, Хиос, Аргос, Колофон, Кима, Пилос, Итака итн. Повеќето овие имиња не се грчки, оти средоземниот урбанизам е со предгрчко потекло. На тоа сме укажале веќе напред кога сме го споменале крупниот термин gord -grad, документиран кај старите Бруги, на минојскиот Крит, а мошне веројатно и кај семитските Фојничани, бидејќи името на фојничката колонија Картагина,[4] заправо Kart-hadat, значи Нови Град. Место како Змирна и Атина, обете се негрчки имиња, се споменуваат готово во сите варијанти. Од тој разлог, и поради чинителот дека книжевниот јазик на кој е напишана Илијада претежно е вештачка мешавина на јонски и ајолски дијалект, сматраат денес учените стручњаци дека песникот на Илијада е роден во Змирна, бидејќи во тој крај се доселиле најпрво ајолски Грци, кои подоцна према север ги потиснале јонските Грци. За Змирна како родно место Хомерово би говорел и надимокот Мелесигенес, кога поуздано би знаеле дека тоа име му припаѓа на Хомер. (Змирна=Смирна=с мирна=мир н а: Измир=из мир, Р.И.)

Ама античките стручњаци не мислат како современите. Филологот Аристарх, на кому и старата и модерната филологија најповеќе му должи за успешното проучување на хомерските песни, сматрал дека песникот на Илијада е роден Атињанин. Со тоа се сложува античката традиција за атинското државно издание на Илијада и Одисеја, кои на некој одбор стручњаци им ги поверил тиранинот Пејсистрат околу 560. г. ст. е. Како што за вакво сфаќање говори и јазичката анализа на Хомеровиот еп, која совесно и детално ја извршил лингвистот J. Вакернагл, ние сме повеќе склони да го прифатиме старото Аристохово мислење но она на денешните стручњаци. Но тоа ни наведува и други околности кои подоцна ќе ги споменеме, воколку веќе не се споменати. (Измир=из мир + о = Омир + х = Хомер, Р.И.)

Песникот и писателот на Илијада бил од градот, а не од село како неговиот тобожен супарник Хесиод. Ама тој ипак добро го познава и селскиот живот, готово подеднакво добро како и животот на граѓаните и поморците. Како време на неговиот живот денес обично се зема крајот на VIII в. ст. е., додека старите оделе уште и подлабоко за некои три- четири века. Порано споменатите истражувања на археологот К. Блеген дале повод за ново сфаќање, по кое Троја, викана Троја 6, под крај на XIII в. страдала од земјотрес, а, новата Троја, 7а, е разорена на почетокот XII в. од освојувачите од балканско- подунавските простори. Тоа значи дека Троја 6 и Троја 7а не го виделе Ахилеј ни Агамемнон ни останатите Ахајци, дури ни Одисејовиот коњ.

Поради оние места во Хомеровата песна која се однесува на промената во политичката (падот на кралскиот авторитет), војната (појава на тешко оружени хоплити) и трговска (врска со Понт и неговото задгрбие), песникот и писателот на Илијада не можел да делува пред крајот на VII век ст. е. Неговиот хоризонт го обфаќа целото Средоземје од Крим до Гибралтар, па малку и преку тие граници. Значи дека песникот е помлад од јонската колонизација на медитеранскиот брег на Понт и на запад према Италија и Иберија, а таа колонизација започнала тек околу 700. г. ст. е. Под крај на тоа исто столетие почнува борба измеѓу осиромашениот народ и аристократските големи поседници. Главниот јунак на Илијада е противник на

[4] Картагина=карта гина: гина=Гина- гена=Гена, г=ж, жена која носи во карта-врчва-матка, картер...

новонастанатите демагози ама одлучно е против самоволијата на локалните кралеви, кои ги нарекува ‘народни изјелици’. Овие и вакви зборови можеле да се слушнат тек околу 600. г. ст. е. Тогаш и започнала Атина, во која борбите против родовските господи биле во полн ек, да продираат во населбата околу Дарданелите, каде некога била Троја и каде под заштита на божицата Атина се одржувал и култот на самиот Ахилеј.

Посовршена техника на стихот и композицијата на Илијада наспроти невештината и тесниот видокруг на песникот Хесиод не упатува на тоа дека песникот на Илијада го сматраме за помлад од песникот на Теогонија. Хесиод живеел околу 650. г. ст. е. и знае за Латините. Ама, што е многу поважно, и тој викал на кралевите кои примаат мито и кројат неправда. Меѓутоа, Хесиодовиот протест е ситен и личен, а кај песникот на Илијада тој протест има поширок и поодреден карактер. Хесиодовиот протест мора да биде ситен, оти неговиот βασιλευς е ситна риба како и кај Одисеј, и тоа од прост разлог што самиот поседникот на земјата е и семеен старешина. Така понизок ранг зазема βασιλευς и во микенската доба, каде нема никаква командна положба како во Илијада. Можда има само некоја култска функција. Во секој случај е понизок од господар Φαναξ и од воен командант, кого микенските Ахајци го викаат lavagetas. (Василеус, у=в, Василевс + ки = Василевски, Р.И.)

Према тоа, песникот на Илијада знае само за касното значење на овој крупен термин, чие потекло ние уште стално непознато. Се мисли дека е претахајското постанување. Тоа значи дека терминот βασιλα (кралица) и βασιλευς се преземени, како и многу други културни изрази, од затечените старинци, те. индоевропски Пеласти, па затоа е оправдана нивната етимолошка врска не само од киренската титула βατος (крал) туку и со германската група Bote, Gebot итн.“.

Бидејќи Индијците биле темни, а Европјаните бели, никогаш немало Индоевропјани. Следи Индијците се селеле кон Запад, а Белците кон Исток- во Индија.

Пелазгискиот поим Васила=ва сила=с ил=Σ а била само женски род.

VI

„Песникот и писателот на песната за смртта и љубовта, кој по своја прилика живее и работи во Атина на крајот на VII век, треба да се вика Хомерос. Такво лично име потполно е осамено во грчкиот именик. Тоа јасно го покажал полскиот филолог Т. Синко. Постоеле луѓе викани Хомериди, негови тобожни потомци, кои го продолжиле неговиот певачки и песнички занает. Ама постоењето на оваа уметничка школа и семејство докажува само толку дека името на нивниот тобожен предок имал во целиот грчки свет снажен и висок углед и дека во Перикловата Атина и подоцна се верувало во постоење на некој голем песник со такво име. Тоа име на разни начини го објаснувале. За некои антички стручњаци тоа значело телец или пратилец или друго. Тие толкувања или се погрешни или мошне малку вредни, мада е формално најблиска веројатност она првото и последното. Денес можеме доволно оправдано да кажеме дека е зборот ομηρος без сумливост грчки а не туѓински. Тоа е важно затоа, да се истакне што песникот на Илијада, како што порано е речено, освен грчки знае понешто и од прегрчки говор, и што често основачите на книжевностите, како и државите, се со туѓинско потекло (Ениј кај Римјаните, Солунските браќа и Марко Марулиќ кај нас итн)“.(Семејтво-семе;Фамилија-Пан...,РИ)

Солунските Браќа биле Македонци со народен варварски=пелазгиски јазик, кој бил склавински=тн.словенски јазик, на кого творел тн.Хомер...Платон и други.

„Вториот лингвистички чинител е уште поважен. Зборот ονηρος би требало всушност да се пиши со мало почетно слово, а не големо како што тоа го прават образована Европа веќе некои дваесет пет векови. Тоа не е никакво лично име туку именка,блиска по своето значење и нам познатите грчки именки ραψωδος и ποιητης, рапсод и создавач. Навистите оваа сложена именка го има првобитното значење 'оној кој се здружува, составува'. Сложеницата ομηρος и ραψωδος може да ги има и обете семитички варијанти- активна и пасивна, 'составувач' и 'составен'. Со тоа се обфатени и наведените толкувања познати од антиката. Излегува дека обете сложеници ομηρος и ραψωδος имаат блиски значења, оти распод не кажува ништо друго туку она кое го смислува и составува, заправо, ја сошива песната. Према тоа хомерите исто така како и рапсодите го одменале постариот аојда, аеда, поточно авојда (αθοιδος), чија етимологија ни е неизвесна, иако зборот очигледно е грчко потекло. Аед бил и песник и пејач и, што е нарочно важно, самоук составувал: αυτοδιδακτος во хомеровата песна се викаат обата аеда, Фемиј и Демодок.

Овие постари пејачи-песници, кои ја смислувале и составувале песната, го прателе своето пеење удирајќи во форминг, инструмент налик на лирата или помала харфа со четири, пет, подоцна седум жици. Архајската аеда и нејзината трострука функција одговоруваат на нашите гуслари, како Филип Вишњич и други. Можда по таа трострука уметност песникот пејач свирач, песникот на Илијада е најден и таткото Мелет (име сродно со мелос и мелодија), па така Хомер го добил своето споменато отечество Мелесиген, кој нас не потсетува на еднакво сложени имиња Диоген, Хермоген, Тритоген, Ифигенија итн.

Вториот надимок Хомеров, Мајонид, кажува дека песникот е од оваа област на Лидија, која граничи со на Бругите. И овој детал треба да се здружи со она што напред е речено за негрчката Илијада. Така во овој случај од апелатив, ομηρος, кој означува професија, постанало личното име Хомер.Самиот песник на Илијада останува, према тоа, за нас ипак незнаен јунак и безимен уметник, оти не му го знаеме поуздано личното име. Сите тие се големи и вистински величини често анонимни. И песникот на Илијада не е некој уметник со своето родено име. Тој се вика само составувач- уметник, и ништо повеќе. И во тоа е еден дел на неговата величина.

Вакво толкување на името ομηρος или, поточно речено ομηρος, кој подоцна постанал име на најголемиот па веројатно затоа, тобож и најстариот песник, задава, нема сумливост, извесни тешкотии. Штоповеќе, со вакво толкување би можело на прв мах можда и со право да се приговори да не даде никакво решение, оти дека го заменува икс со ипсилон. Или можда уште нешто полошо. Од сосем сингуларно и сосем грчко име Хомерос, кое низ долг низ столетија постанало сосема одредена ознака на посебна и снажна уметничка индивидуалност, се создава нејасна и неодредена претстава за некој безимен јунак односно уметник.

Ама давно вистинските уметници самите си рекле дека за широката публика од интерес едино и исклучиво се нивните дела како сведоштво за нивната јавна работа. Сè останато, како приватен живот со згоди и незгоди, совршено се безначајни и за онаа јавност која сака подобро да го запознае писателот и подлабоко да продре во неговиот уметнички живот.Теновата теорија за временската и просторната условеност не го побива ваквото сфаќање, ако со помош на него од самите уметнички споменици може да се утврди сè она главно што нам ни откриваат уметниковите погледи на луѓето и животот, што ни помогнува да го реконструираме уметникови-

от човечки и уметнички портрет. А тоа и ест главно и суштествено кај секој човек, и кај оној од улица. Поготово вреди ова за големите индивидуалности на научната и уметничката, кое, за разлика од политичката и војничката величина, оставиле и на потомството доволна граѓа со помош на која секогаш можеме да го пронајдеме и утврдиме она навистина крупно и особено во нивната појава, во нивната работа и живот. Од таа граѓа, а не од туѓи сведоштва, макар, овие понекогаш да се корисни, често и интересни, можеме и мораме да земеме што ни треба. Така најпоуздано ќе можеме и на самиот песник и на неговата песна за смртта и љубовта да им ги поставиме на вистинско место и да им ја одредиме понајверојатно временските рамки.

Веќе напред ги додирнавме некои прашања кои се со нив во врска. Сме ја поставила работната хипотеза дека Хомеровата Илијада, песна за смртта и љубовта, која ја читаме во сегашен облик, конечен утврден најмалку пред дваесет два века, дело на еден един песник, дека тоа дело е напишано и према тоа постанало не многу пред почетокот на VI в. ст. е, и тоа во оној крај грчки каде постанала и атичката трагедија, во самата Атина. По своја прилика, тоа била онаа Атина која е обележана со Солоновите реформи и Пејсистратовата тиранија. Да бидеме уште попрецизни, тоа по своја прилика било во време на постариот Милтијад, кој атинската колонизација ја управил на Дарданелите, према Понт каде владеел Ахилеј ('господар на Понт', πονταρχης). Овие културни и економски чинители, колку што ми е познато, не ги земале во обsир досегашните хомеролози, стручњаци кои специјално се баваат со хомеровите прашања. За веројатност на ваква хипотеза ние, према тоа, не се повикуваме на онаа стара традиција за Пејсистратова комсија од четири члена, која го приредила атинското државно издание без сумљивост ја користеле приликата успат нешто да ќари и за атинската слава и величина. Против таа легенда, како што многу го викаат овој податок, востанале во прв ред унитарците, те. оние стручњаци кои Илијада ја сматрале дел на еден едини уметник. И тие со полно право мислат дека одборот и комисијата по правило не можат да ја скројат ни каква ситна уредба, а камоли овој величествен еп. Овој против-аргумент не може да се побија. Меѓутоа, ако знаеме дека човечката природа за овие дваесет пет векови многу не ја изменила и ако гледаме дека и денес во одборите и комисиите работат по правило само еден член а другите одобруваат и потпишуваат, со зевање или без зевање, мислење на главниот референт, тогаш не можеме да разбереме зошто унитарците се бунат против оваа Пејсистратрова редакциска комисија која не оди во прилог на сфаќањето на плуралистите, нивните лути противници.

Дека навистина нешто е работено во Атина со Илијада покажува во прв ред она веќе споменат чинител, кој го утврдил лингвистот J. Вакернагл и кој може и денес и секогаш секој стручњак да го провери. Тоа е атичката и атинската површина и политура на епскиот книжевен јазик, така викан најстар грчки κοινη (заеднички дијалект), кој ни пружа текст на садање Илијада. Можда подобро да се рече мешавина на дијалектите својствен на епската поезија, на која се наставувале и најстарите прозни писатели. Во таа мешавина готово секогаш можеме да разликуваме јонски покрај ајолски, а се најдува и понекој дорски облик. Тешко е да се рече дека тоа е најстар книжевен коине во прв смисол на тој збор, оти јазикот рапсода на патникот, а веројатно и постариот аеда можел да прима локални особини и од метрички разлози. Јазикот на нашите народни песни покажуваат слични појави на дијалектичка мешавина, на која А. Лескин ѝ посветил посебна студија. Ама таа наша

мешавина е на помал домет, оти нашата дијалектски разлики не се од таа природа како што тоа е случај со грчките дијалекти“.

Елада бил мал географски простор за во неа да има многу различни говори за кои пишат авторите. Најбитно е што на атички не се пишело, туку на јонски, на кого пишел и Херодот и други. Пак, коине во Елада бил само христијански јазик.

„Заради пример го наведуваме Бановиќ Страхињ од Старца Милиј, на кого проклетата ракија, што почесто му ја додавал Вук заради подобро пеење, понешто допринела на дијалектската мешавина. И старобалканските пејачи на своите долги и чести патувања не можеле да ги избегнат локалните говори, како што ни нашите гуслари не можеле да ги избегнат со епски формули од икавски или екавски извор. Тек во Пејсистратовата Атина рапсодите биле во некоја рака принудени за државно издание да припремат некоја повисока средена редакција на текстот и колку- толку со атинска политура да ја покријат традиционалната дијалекстка мешавина. Дали во Атина на почетокот на VI век постоеле услови за таков постапок ? Ова прашање е пресудно за Вакернагловиот наод, кој снажно ги подупира античките традиции за Пејсистратовата комисија и споменатото Аристархово авторитативно мислење дека песникот и писателот на Илијада е Атињанин. Ако не немало општо- културни и книжевни услови за таа работа во Атина околу 600. г. ст. е., тогаш ни е залуден цел труд и сета добра волја да веруваме на одредена и јасна традиција, која не може да биде без икаква основа. (Пејсистрат- Пизистрат, Р.И.)

Земајќи ја старата и прецизна традиција за атинската редакција на хомеровите песни не како докажано тврдење на чинителот туку само како работна хипотеза, мада за неа говори посредно Аристарховото сведоштво и поузданиот наод на лингвистичката анализа, накратко ќе ја изнесеме состојбата и приликата во Атина под крај на VII и на почетокот на VI в. ст. е. Тоа е времето кога нашата Илијада, ова која читателите грчки малишани, државници и мислители и кои ни ја предале александријските филозофи, можело да го добија својот денешен облик. Према споменатата традиција, пред Пејсистратовата редакција хомерските песни биле расути и несредени. Треба да се има на ум дека изразот ‘хомерски’ не обележува некое одредено лице, туку дека хомер е синоним за рапсод и дека тој израз се однесува само на јуначки песни со поголем обем, нарочито на оние за ахајските и тројанските јунаци. Заправо за таква поезија се претпоставува уметник со поголеми способности, вистински ‘составувач’, те. ομηρος. Во секој случај, именката ομηρος е многу постара од именката ‘Ομηρος, која во живиот народен говор така да се рече не ни постоела како име, туку можда едино како надимок. (Пејсистрат=Пеисистрат, и=ј, Р.И.)

Пејсистратовата Атина била сета во превирање. Се живеело на завршетокот на родовската аристократија и на почетокот на трговската и војничката демократија. Обата овие видови на демократија биле условени со колонизација на Понт и Хелеспонт (Дарданели), која морала да ја брани тек новоорганизираната тешка пешадија, хоплита, а не само старата аристократска бојна кола, иако во атинските паради се појавиле на коли тобож херојски ахајски војници сè до крајот на VI в. ст. е. со иста опрема како кај Хомер. Родовската аристократија, која го негувала култот на јуначките претци и кои стално се бореле за меѓусебно првенство, припаѓале некогаш јуначки песни за нивните претци, а тие сите ‘кралеви се од Зевс родени и од Зевс отхранети’. Такви песни се пеени по нивните кули, по правило подигнати на места важни за сообраќај и трговијата. Останатите слободни граѓани без имот и без

земја оделе во туѓина вон Атина и вон Атика да зароботат леб, било како колонисти, како трговци и занатлии, или како платени војници. Атика била посна и кршевита земја, те не можела сама да ги нахрани своите жители. Морала да увезува жито најпрво од Мисир, преку критските поморци, а подоцна од север, од Тракија и Јужна Русија, каде мошне давно, можда уште околу 700. г. ст. е. е сеено жито за експорт. На северните брегови на Црно море живееле 'Скити орачи или земјоделци', кои на грчките поморци за вино и грнчарија им го продавале своето жито. Грчкото жито се викало σιτος и σιτα. Како тој збор во грчката страна, е можно да е со словенско потекло како и името на некоја далечна планина на север, за кои грчките трговци чуле исто околу 700. година. Тоа се Ριλαι или Аргипан. Последен облик постанал со народната етимологија или преку стран посредник кој, како и Ермените, ја преместуваат групата **гр** во **рг**. Вистинскиот облик гласно е во прасловенското[5] Хрибан, Хриби (планина). Тоа се најстари словенско- медитерански врски, покрај веќе споменати термини гордо/карта и сипулос (сопиле), а можда и руското дума покрај хонофонг на терминот dumos кај старите Бруги". (Бруги=Бриги, Р.И.)

Во Елада народен јазик бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

„Слично на жителите на нашиот крш, морале старите Атињани и Атичани било под кој вид да постанат иселеници. Од устата на главниот јунак на Илијада, боженскиот Ахилеј, сознаваме дека таков иселеник- μεταναστης- меѓу родовската господа не уживал никаква чест ни уживање, туку е сматран како и останатите бескуќници пропаднат човек. Од оваа значајна изјава Ахилејева заклучуваме дека Илијада не можела да биде напишана пред крајот на VII век, оти тогаш иселениците заземале чесна и поуздана положба во грчкото општество.

Ама сите не биле расположени да ја остават тенката и кршевитата Атика. Порадо си останувале дома. Тоа е на средината на VII век, после лелантската војна, која, изгледа, била подолга но пелопонеската или триесетгодишната војна и во која, исто како и во тројанската војна, учествувале сите грчки поморски државници, почнала борбата на себарите и брескуќниците против родовските господи, чија расипаност ја опишува и Хесиод и песникот на Илијада. Првиот јавно ги вика корупционаши, а вториот изјелици и саможивни насилници. Затоа хомеровите песни не можеме да ги сматраме продукт на аристократска средина, иако епската поезија од таква средина произлегла. Тие во денешен облик се продукт на преминското доба, кое не е кралско- родовско ни народно- демократско. Тоа доба е на тоталните диктатори или тирани, кои умееле да ги користат и грешките на незаситните господи и расположението на гладните маси да го задоволат своето славољубие и да дојдат на власт. Ако тоа им пошло за рака, тогаш, како Пејсистрат, се ослонувале на широки слоеви, гледајќи при тоа да им се пружи не само телесна туку и душевна храна. Народната маса во Атина и Атика биле гладни и жедни не само на правдата. Барале и власт и леб и забава. Пејсистрат прво зел од великашите, ама не да му даде на народот, туку да го задржи за себе и за своето семејство. На народот му дал леб и забава и му створил можност и да ги слави своите богови, кои не биле на сончевиот Олимп ниту безгрижно се смееле со неутасивиот смеа, туку и боравеле во црната земја, тешка и ладна. Тие народни, порано од родовски господа презрените боженства никако не се појаваат во Илијада.

---

[5] Облиците пред кои се најдува sвездица потекнуваат од предгрчката епоха, па затоа се сматраат фонетска реконструкција. (Анадолците и Ерменците биле Бриги со варварски=пелазгиски јазик, Р.И.)

Поуздано и поубедливо толкување на овие важни чинители не може лесно да се даде. Тоа не значи дека Илијада припаѓа на песникот некој кој живее од милост на родовските господи, како што тоа обично се зема. Тоа малкучас го видовме со какви нечуени изрази песникот наш ги обожува кралевите и останатите господи. Помногу е поверојатно, затоа, она толкување кое тргнува од околностите дека простонародните земјоделски боженства по правило не можат да се јавуваат во војнички круг, круг створен далеку од родувањето на мајката земја, за која тие боженства со својата функција се поврзани нераздвоиво за сите времиња и сите облици на живот.

Во Пејсистратовата Атина на почетокот на VI век се истакнува појак култ на земјоделски боженства. Ама и под тие нови услови на општествен живот главно боженство во Пејсистратовата Атина е само божицата со исто име, која и во Илијада од двете страни на ѕидови тврди на Троја игра главна улога. Се споменува и други боженства, кои учествуваат и во самата работа. Ама главен јунак на епот стои под заштита на главното боженство на Пејсистратовата држава. Славата на тоа боженство, кое несумливо е предгрчко потекло, ја основал атинскиот тиранин, заштитник на атичкиот пук и пропагатор на книжевноста, меѓу останатите атички драми и панатенајската свеченост. На тие свечености, како што порано е речено, понајважна точка била рецитирањето од хомерската епика. Во таа сврха биле приредени и нови државни изданија на Илијада и Одисеја. Како некои четриесет години порано во истиот град делал необичен човек, кој бил државник и трговец, патник и песник-мислиме на Солон- не може да се рече дека во Пејсистратова Атина немало уметнички и општествени услови за делување на песникот на Илијада. Во таа и таква Атина Пејсистратова се родува и атичка трагедија, која всушност претставувала главен момент во светковината на богот Дионис. Ова боженство доаѓа од балканскиот север заедно со трачкиот пејач Орфеј и со свештениците- пејачи, кои носат грчко име Еумолпиди (добри пејачи)“.

Следи заклучок, со Пејсистрат биле Илијада и Одисеја, „и атичка трагедија“.

„Ова на грчки преведено име е само доказ повеќе како снажни биле старобалканските корени, од кои потекнуваат првите изданоци на класичнте книжевности. Сите овие селски боженства заедно со пејачите Еумолпиди, без кои не можат да се замислат елевсинските мистерии и атинската хијератска поезија, на која укажуваат трачките глоси зачувани во античкиот речник, оштро одудираат од херојската епика и војничкиот менталитет на Агамемновите Ахајци. Ама без тие боженства Пејсистратовата просветена тиранија не можела да успее во широките слоеви на античкиот народ.

Према тоа, за Атина како место на постанок во Пејсистратово време говори античката традиција, со која, на свој самостоен начин, се сложува александријската филологија и модерната лингвистика, говори дијалектската глазура, говори погледот на опшестеството и односите меѓу луѓето. Со примитивното сујеверије на атичкиот пук во Пејсистратовата доба, за која говори Аристотел во својата Политичка историја на Атина, се сложува и за грчките прилики на необичен висок ранг кој песникот на Илијада му ја дава на свештеникот. Со широкоградните сфаќања и почитување на туѓинштината, која го издигнува песникот на Илијада и изнад самиот Аристотел, се подудира со меѓународниот и трпеливиот дух на атичките поморци, колонисти и трговци, кои ги поминуваат и посетуваат сите светски тргови на она

време на Средоземјето, а нарочито понтската област, каде владее боженски Ахилеј. Таа значајна атинска трпеливост, и без обѕир на Аристотеловата тесноградност, учиниле дека и гордата Периклова Атина примиле чесно друштво на своите стари боженства од варварските области од балканскиот север. И таа широкоградна трпеливост била знак на општественото здравје и животната способност“.

А “варварските области“ биле со варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

VII

„Ама за Атина Пејсистратова говорат и надворешните моменти, кои ни се познати вон опсегот на песникот на Илијада. Пејсистратовата надворешна политика одела за тоа античката трговија и индустрија да обезбеди поуздани поморски патишта од Црно море и сите богатства во неговата задгрбнина. Тие патишта оделе преку Хелеспонт или Дарданелите. Пејсистрат затоа ги зазел и држел главните положби од обете страни на влезот во Хелеспонт. На анадолската, тројанската страна веќе од порано бил гроб Ахилејев, кој сега дошол под заштита на божицата Атина, веќе добро позната заштитница Ахилејева. Во тоа време хомерова Троја лежела веќе со векови во рушевини. Ја разориле не Агамненовите Ахајци, туку балканските доселеници, кои на почетокот на XII в. ст. е. провалиле во Анадолија. Како ни за потоњата грчка колонизација западниот андолски брег на тврдиот тројански град нема никакво значење, е јасно дека во Илијада не смееме, како тоа некој историчари го чинат, да бараме некоја одредена историска содржина. Место разорена Троја останал оближен ’рт Сигеј, кој го бранел влезот во Дарданелите. Давно разорената Троја повеќе никогаш не можала поново да се подигне, оти од почетокот на XII в. ст. е., како што Пријамова Троја е разорена, па до Пејсистратовите освојувања на дарданските прибрежја поминало доста време и поморството отишло напред. Сега пред Дарданелите доаѓаат поголеми лаѓи, на кои јаките струји и ладниот ветер од Понт не им пречеле. Тогаш поморците повеќе не морале пред Троја да ја образуваат оние чудни поморско-сувоземни каравани и да плаќаат харач на тројанскиот цар, најбогат човек на старото време. Па ипак, Дарданелите и Боспор не ја изгубиле својата важност, кога се појавила поморски доволно јака сила да ги држи во своја власт, и тоа за која патот на богатата понтска област значел крупен економски и политички интерес.

Таа сила била Пејсистратова Атина. За оној подруг век што протекнало измеѓу инвазијата на Кимерците од равнината измеѓу Дњепар и Дунав (околу средината на VII в.) и персискиот империјализам према Бело море (така балканските Словени го нарекле Ајгајско море), Хелеспонт постанал необично важен за грчките колонисти и трговци. Не може доволно да се истакне и нагласи тврдиот историски чинител дека Троја, или, поточно речено, трачки Херсонес и Хелеспонт постануваат за Грците интересни тек после кимерската инвазија, кога јонската колонизација према север е во полн ек. Пред тоа време Троја за Грците, дури и за оние најголемите радозналци меѓу нив, е совршено неинтересна. Затоа, не може никако да биде говор за тоа дека нашата Илијада, која пее за лутиот Ахилеј, господар на Понт и неговите патишта,е испеана порано,како што тоа обилно се мисли“.(т + ек = тек, Р.И.)

Авторот пиши: „Бело море (така балканските Словени го нарекле Ајгајско море)“. Никогаш немало „балкански Словени“ туку само Склавини со склавински= обласен тн.словенски јази, на кого Бело Море се нарекувало уште и Егејско Море.

Пак, во Елада се говорел само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

„За Атина и нејзината трговија со Траките и Скитите постанува Троја, односно Сигеј, со својот херој Ахилеј интересна тек околу 600. г. ст. е. Значи дека песникот Хесиод е постар од песникот на Илијада. Тоа можело и порано да се заклучи, пред Берановото откритие за важноста на тројанскиот премин за поморската трговија. Епската техника, гледање на животот и уметничката психологија ги носат кај Хесиод сите знаци на даровит примитивец од село. Кај песникот на Илијада имаме рафинована психологија на граѓанин со слободен и оштер поглед, совршена епска техника и раскошна уметничка изражајност.

Она што до сега секогаш се сматрало кај Хесиод со позајмени формули од хомерските песни треба сега да се сматра наследство од заедничкиот извор, од старите песни и непознати песници, кои, без сумливост, било и пред Хесиод, и пред Хомер. Не смееме да заборавиме дека покрај непознатите песници пред Хесиод и пред кимерската инвазија имало и познати песници кои се служеле со херојски стих. Мислиме на Анакреонтовиот земјак Антимах и на Калин, кој во своите елегии го користел хексаметарот, односно херојскиот стих. Веќе напред е речено дека хомерскиот хексаметар поради својата хетерогена структура укажува на долга еволуција пред самата Илијада. Е речено и тоа дека помала завршна половина на хексаметарот, диметар, чини метрички потполно одвоена фраза во готово две треттини на Хомеровите хексаметри. Таква структура на Хомеровите хексаметри, градени од две посебни целини, на тетраметри и диметри, претставува без сумливост постара состојба и укажува на врска измеѓу елегијата, заправо некогашните тужбалици, и епски песни.

Како што порано видовме, песникот на Илијада не е претставник на родовските господи ни на земјоделскиот народ. Тој потекнал од средината на граѓанското општество, на брегот на ведрото и живо Средоземје. Тој, што името му кажува, е составувач, уметник кој ги спојува луѓето и боговите, куќички и пучани, село и град, море и копно, минатост и сегашност, варвари и Хелени. За ово последно спојување му е потребно познавање не само на негрчки верувања и боженства туку и прегрчки богови. Песникот на нашата Илијада не е напросто создавач на најстариот книжевен јазик во Европа. Тој како мајстор- составувач во својот еп со еднаква љубов и внимание ги составил и опеал и грчките и негрчките јунаци, пријатели и непријатели“.

Се говори за „варвари и Хелени“.Варвари биле сточари (говедари, коњари...) и Хелени Еладците. Варвари биле Македонците со пелазгиски јазик. Пак, Еладците биле само поморци, значи пирати (запалувачи), плачкаши итн. со пелазгиски јазик.

За Херодот Хелените од Јонија биле Варвари, а според Јустин, „Македонците биле со потекло еден пелазгиски народ“.За Херодот „Елада порано се нарекувала Пелазгија“...„народот во Атина и Атика бил пелазгиски“. Според Тукидид, „се нарекувала сега Елада“. Следи единствен заклучок, сите биле само еден ист народ.

Пак, тн.старогрчки (коине) бил само по смртта на Александар Македонски.

„Нарочито внимание им се поклонува на старите Балканци на север, во областа Понт. Тие за него се луѓе со висока техничка способност и необично побожни праведници.Таков суд за најстарите ‘варвари’ најлесно е да се објасни колкаво приближно со еднакво нивоа на цивилизација се грчките колонисти и нивните варварски соседи, толку и со надворешната политика на атинскиот диктатор Пејсистрат, кој од разбрливи разлози одел со тоа на Грците да им ги приближи негрчките жи-

тели на источното балканско прибрежје и измеѓу нив и атичките колонисти да утврди што попријателски односи.

Песниковото составување и поврзувањето на Грците и варварите, современите општесвени движења и давно минатите култури и сфаќања, захтева уметничка способност во поглед на планското архаизување и намерна репристинација. Во тој поглед песникот пред сè треба да ги познава и старите прегрчки говори, на кои се зачувале траги на периферијата на грчкиот свет, а нарочито во хијератската поезија. Ама, како што ни кажуваат старите историчари, најповеќе се зачувало траги на прегрчките старинци во самата Атика и во најблиската околина на Пејсистратовата Атина, како и во областа на Хелеспонт. За Атика тоа е сосем разбирливо, оти тоа била оскудна и кршевита земја, со економски песимум за кој малку се отимал. Во атичкиот крај околу Елевсин, како и во самата Атина, во култската поезија наидуваме на негрчки елементи. Тие прегрчки старинци ги викаме Пелазги или, поточно, Пеласти, при што имаме на ум дека тој етнички назив не е сосем јасен. Од поедини места во Илијада убаво се гледа дека нејзиниот песник го познава тој јазик на тие Пеласти, пораните господари на Белото или Ајгајско море. Значи дека песникот на Илијада бил двојазичен, а не само носител на грчката интердијалектска јазична заедница. Тоа е потполно во склад со неговиот став према негрчкото население. Тоа е и главен узрок на неговата особена трпеливост, доста ретка појава кај потоњите Грци, кои цел свет го делат на Грци и варвари“. (Елевсин, в=у, Елеусин, с=з, Р.И.)

Стои „Грците и варварите“. Грците (Хелените- Еладците) како народ се со голема почетна буква,а варварите со мала почетна буква-варвари било за занимање.

„Кога кажуваме дека Илијада, која ни ја оставиле александријските професори, напишана во Пејсистратова Атина, тоа не значи дека ние со Аристарх заедно го сматраме ‘составувачот’ на Илијада роден Атињанин, па дури и Грк. Мада последната редакција на јазикот, како тоа го утврдил лингвистот Ј. Вакернагл, несумливо е атичка и атинска, ипак од тие поуздани чинители не мораме да заклучиме дека песникот на Илијада е атички или кој друг грчки дијалект е негов мајчин јазик. Оваа сумливост во неговото чисто грчко потекло постанува веќе кога се сетиме на извесните колебања во гласовите и во ортоепијата. Постапокот со глас обележан назив дигам и накнадно развлекување на стегнатите и кратките вокали не би можело да се објасни само со јазичната колебливост, туку со нужна последица на самиот начин на пеење, и тоа во прв ред затоа што веќе во тоа време, мислиме на Пејсистратова Атина, епските песни се рецитирале, а не пееле, како порано. Се знае дека татко основач на грчката наука и филозофија, чуениот и по денешните гимназии, мислам на Питагора, не бил Грк туку Пеласт, односно Тирсенец. Можда затоа сосем не е без основа атичката традиција за страно, негрчко потекло на најстарите грчки песници и пејачи, како што се Орфеј, неговиот учител Линос и неговиот ученик Мусај, потоа Олен, Памфос и други. По една античка традиција, која порано ја споменавме, песникот на Илијада треба да ја Мајонец, односно Мајонид од Лидија, а за Мајонците се мисли и денес дека всушност се балкански старинци со индоевропско потекло, кои за време веќе спомената ајгајска селидба, на почетокот на XII в. ст. е. од Балканот се доселиле во северозападна Анадолија. Овие Мајонци етнички се многу поблиски на Бругите и Траките отколку на Хелените, и им припаѓаат веројатно, како и останатите Пеласти, на првите индоевропски Балканци, кои на Средоземјето се доселиле многу пред Грците и се стопиле, негде помалку

негде повеќе, со затечени средоземни старинци. Пејсистратовиот помлад современик јамбограф Хипонакт, ни ги зачувал во своите стихови повеќе мајонски глоси и фрази во мајонски оригинал и во грчки превод“. (Глос=глас, Р.И.)

Белците биле еден ист народ со еден ист јазик, а грчки (коине) од 300 г.п.н.е.

„Према Аристотел, и основачот на хорската лирика Алкман од Сардис, главен град во Лидија, не е Спартанец но Лиѓанин. На таа иста мајонска област во Анадолија, каде живееле старобалкански доселеници Бруги и Лиѓани, припаѓаат и Агамемновите претци Тантал и Пелоп, од кој потекнува името Пелопонес.

Сите овие ситници, иако на прв поглед безначајни, се од важност во нашиот случај, оти е збор за автор на првиот и најславниот дел на европската книжевност, кој составил два главна основача на европската просветеност, на предгрчките Пеласти и грчките Индоевропјани. Хомерската уметност, за која сега ќе биде збор, е величествен свод што почива на тие два столба. Оној постар и појак столб е помалку познат, оти и денес има стручњаци кои целата грчка уметност, па и сета книжевност, ја сматраат исклучиво грчки род и плод од грчко стебло, што го засадиле самите Грци на грчко тло, без ичија помош и поука. Таа појава со светско- историско значење го нарекле основачите на научниот социјализам ‘грчко чудо’. Ама за последниот пола век, откако е откриена уметноста и записите на стариот Минос на Крит, почнува другчие да се гледа на најстарата грчка книжевност, јазик, вера, уметност, општество и обичаји. Па и на хомеровото прашање, на Илијада и нејзиниот непознат писател, кој не може да стои далеку од теологијата, оти одма во првиот стих на својата Илијада ги воздигнува и бесмртната душа и свештеникот, неговиот лекар, без чија вештина и врачбина, кажува Хомер, грчките јунаци никогаш не би дошле под тврдите ѕидови на богатата Троја. (Хомеровиот врач Калхант ја примил таа вештина од самиот Аполон, кој ги штити сите песници). Сега започнало дешифрирањето на минојските записи, на кои им придошле и оние од Пилос на балканскиот југ. Се создава нова научна област на античката балканологија, која добила и свое посебно име. Таа наука се вика микенологија“.

VIII

„Во што лежи чарот и тајната на Хомеровата уметност ? Имало песници и после Хомер, ги имало и кај Грците и кај другите народи, ама досега се појавила само една Илијада, само еден Ахилеј, само еден Хектор. Стручњаците велат дека на овој единствен песник главната снага е во мирната и широката епска објективност. Втори, поново, во неговата совршена епска техника и мајсторска композиција. Ама техниката и композицискиот калап може да се научи и позајми, иако веќе Аристотел и Хоратиј (песник, како и току неримски песници, со неримско потекло) приметиле дека писателот на тројанската војна читателите ги сместува вовода и ги фрла усред матица на бурни настани.Филолозите пресметале дека песниковата умешна техника на настани е од некои девет години, колку по традиција траела тројанската војна, се свела на цигли педесет или педесет и еден ден. Кога се земе во обѕир дека поголемата половина на тој број дена напросто во излагање на текот со типскиот број девет и дванаесет само се спомене и прескочи, тогаш целата работа, опеана во некои петнаесет илјади стихови, се одиграла во двадесеттина дена.

Песникот, значи, ги зема само последните дена на тројанската војна да ни ги опиши.Ама тука, покрај сите епски опширности, предпреданија и појаки мајстор но не е иеден епичар од добата на ренесансата или од понова Европа. Се знае поузда-

но дека се изброени деновите на Троја и Пријамовото царство. Тоа и песникот го наговестува, ама не води до крајот на целта, која ја очекува само примитивниот читател. Песникот прекинува и завршува со тужбалицата и сохраната на оној јунак кој ја држел Троја и кој бил прв и најопасен непријател на Ахилеј, главниот јунак на целото дело. Освојувањето на Илиј или Троја, кои читателот залудно ги бара во Илијада, го остава овој несумливи генијален уметник со послаби песници, викани Хомериди или Хомерчиќи, односно Кикличари, и тие да можат и имаат нешто да кажат. Така освојувањето на Троја ја опева безначаен некој песник, додека за просечно сфаќање тоа требало да го направи самиот песник на Илијада, и дека својот носител на чојството и јунаштвото после падот на Троја го подигна и воздигна, како Шекспир Хамлет, високо на штит и на копја бојни. Веќе оваков завршеток, кој крвавата борба и кланицата ја прекинува со измирување на лутиот Ахилеј и уцвелениот Пријам, со измирување на обележените жалосни, тон на тихиот religioso con pieta,можда во поголема мера отколку бурниот почеток е одиграно драмско con brio и con tutta la forza, му кажува и покажува дури и на најповршниот читател дека пред нас е необичен уметник, кој совршено ракува со сите положби и скали, соло и со контрапункт, со трагедија и идила.

Веќе порано споменатиот В. Берар, политичар и пријател на нашиот народ, беше го посветил цел свој живот на песникот Хомер, а нарочито на Одисеја. Тој ја открил економско- географската важност на Хомерова Троја. Тој Илијада не ја сматра обичен еп, туку епска драма. За него композицијата на Илијада првенствено е драмска. Во тоа, мисли Берар, лежи вистинска и прва уметничка вредност на нашата Илијада. Други наповеќе се диват со песниковите споредувања, кратки и подолги, кои сведочат не само за ширината на песниковиот замав и за домакот животниот му радиус, туку откриваат во него и сјајен лиричар. А што кажеме за песниовите психолошки анализи и за психолошките портрети, дадени не на дескриптиен, шаблонски начин, туку непосредно, со индивидуален збор и постапок, како кај Чехов.

Излегува дека овој песник на Илијада е и епичар и лиричар и драмски писател, дека е психолог со особен метод и дека е опишувач на нарочен стил.Постарите, мислам професорски и филолошки кудители и хомеромастикси (бичеви на Хомер) и не ги споменувам нарочито, мада е потребно да се знае и слушне што кажува и противничката страна, поготово кога уште стално е јака и влијателна. Кудителите Хомерови, кои ги има и кај нас, кажуваат дека во неговото раскажување има крупни противречности. Ним вака им одговоруваме: Покажите ни некоја научно или филозофска расправа со Илијадин обем во која нема противречности. Можда уште подобро би било да им се одговори со онаа наша народна пословица: ‘Добриот коњ има стотини мани, а рѓавиот само една’. Песников Пегас, со кој нас не води песникот на Илијада, напросто не е добар. Тоа е сеновит, вилински, чаробен коњ. Тоа е олимписки коњ.

Има кудители кои најповеќе приговоруваат со досадни колења во средина на епот и тобож со двогуб предмет кој песникот го обработува. Тие озлогласени колења во средина на епот, кога се очекува сѐ поснажна и пострашна динамика, само на прв поглед можат да го збунат површниот истражувач. Грчкиот читател, се разбира, не можеле ни најмалку да го заморуваат, како ни најбројните грчки лаѓи и племиња кои учествуваат во војната, или портретите на главните грчки јунаци, што

убавата Хелена[6] ги дава на тројанските старци. Колењата во средина на епот потполно одговараат и на писателовиот план и на психолошките потреби на античката публика. Досадни можат да бидат само на оние кои во нашата Илијада гледат всушност два епа, Ахилеида и Илијада. Ахилеида, по тоа сфаќање, би била постара и од некој поголем уметник, оној вистинскиот, стариот Хомер. Таа би го содржела само сукобот измеѓу Ахилеј и Агамемнон. А самата Илијада, дело на некој обичен собирач, компилатор и дијаскеуаст би опишувала борба околу Илиј и падот на Троја. Постарата Илијада или Ахилеида, онаа вистинската, би била во херојски стих испеана, или можда и напишана во јонски дијалект. Можда, мислат овие стручњаци, тек некој трет вешт човек сè тоа го слепил и скрпил во денешна Илијада, оставајки ипак подоста траги на својот крпеж.

Покрај најстарата Ахилеида и најмладата Илијада, внесуваат други, уште пооштроумни и подовитливи критичари и толкувачи, некој, помал еп за јуначкото погубување на верниот и главен побратим на Ахилеј, Патрокло, па потоа епче за јунакот Диомед, и така понатаму, по пат на цепкање и уситнување. Мислата, ако се смее така да се каже, која овие стручњаци во таа работа ја заводуваат и раководат, лежи во тоа што сакаат да дојде онаа вистинска песна и до вистинскиот Хомер, кој треба апсолутно да е совршен. За филолозите- стручњаци апсолутно совршен Хомер и апсолутно совршена Праилијада, како тие сакаат да ја наречат својата хемиски и логични пречистена песна, бил некој мал еп со кратка, јасна и прегледна работа, без икакви опширности и без икакви противречности, која би го содржела само сукобот измеѓу Ахилеј и Агамемнон, без икакви споредни настани, кои, по нивно сфаќање, го усмеруваат и ометуваат вистинскиот тек на развивање. Тој тек мора да оди по најкраток пат кон целта, како по некоја надземска и надчовечка воздушна линија. Оваа и слични лудости можеле да се појават само во главите на филолозите, нарочито германските, кои од овој нашиот, за секој очигледен генијален Хомер пошто- потоа сакале да издестилираат свој супергенијален Хомер, најстариот, најсовршен и, што е најважно за професорски памет, најлогичен Хомер.

Со среќа, денес, после двеста години западноевропското четување и палетковање, се заморија филолошките мозгови и почнале да го напуштаат бојиштето испод тројанскиот град. Еден по еден доаѓаат до резигнација и до признавање кое гласи: ‘Не знаеме’. Тоа е главен исход на досегашното војување измеѓу унитарците и плуралистите, оние кои бараат еден песник Хомер, и други, кои изнајдуваат во нашата денешна Илијада повеќе песни од повеќе песници со разни вредности.

Гледиштето кое ние го застапуваме гласи: оваа наша Илијада, како ние денес читаме и како што се чита некои дваесет и пет столетија, без обsир на ситни и безначајни интерпретации (вметнувања), какви, што очигледно, било- оти многу се труделе да бидат споменати во царството Хомерово- ја составил и напишал еден едини уметник, со свој одреден уметнички план и со своето одредено индивидуално сфаќање. Мошне е веројатно дека при таа работа, која е исклучиво плод на неговите способности и само негова генија, послужила постара песна. Ама тоа не значи дека неговото дело има своја преисторија која со анализата на сегашното дело може во главни етапи да се реконструира и така да се утврди еволуцијата и постанокот на оваа Илијада. Мислиме на нејзината внатрешна историја во поглед на поста-

[6] Авторов овде не говори за Јелена туку само Хелена=х Елена- Јелена никогаш немало туку Хелена.

пното изградување на целокупната песникова архитектура, а не на надворешните моменти кои можеле да влијаат на песниковата главна идеја-сила и на неговиот уметнички план. Имало, како што кажува Хоратиј, јунаци и пред Агамемнон и песници и пред Хомер. Ама ние го имаме само пред себе овој Агамемнон и овој песник, овој едини и единствен Хомер, кој е уметник самосвоен и целокупен во своето дело“.

IX

„Ова гледиште за нашата Илијада и нејзиниот песник треба малку и да се докаже. Нарочито треба да се подвлече Хомеровата самосвојност и во композицијата и во епската архитектоника и во поглед на животот и луѓето и боговите, а не само во епската техника и во изразувачките формули, оти ова двојно се дава и од другиот се прима и научува. Уште помалку мораме да се трудиме околу оние епски формули кои се пренесуваат од школа на школа, од генерација на генерација, и на кои последните години се фрлиле американските хомеролози, како Милман Пари и неговиот наследник А. Лорд, па дури и електронските комјутери.

Овие американски хомеролози сматраат дека хомеровата песна за смртта и љубовта се пренесувала со усмена традиција (oral tradition) и дека Хомер всушност е само еден од многубројните ‘пеачи на приказни’ (the singers of tales). Тие оваа памет ја нашле во нашиот Санџак, каде го слушале некој кафеџија- пеач, да го речеме се вика Хусо Меѓедовиќ. За тој народен пеач подоцна се утврдило дека се користи и со печатената песнарици.(Овие Американци ги упатил на муслиманскиот пеач М. Мурко, веројатно затоа што е сматрано дека феудалните бегови во Босна држат професионални пеачи, налик на античките рапсоди). Па ипак дошле до заклучок дека откриле свеж праизвор на епската поезија, која ги разбиструва сите хомерски проблеми. Многу подобро би било да се сетиме на Мехо Колаковиќ, за кој К. Херман раскажува дека знаел наизуст полни шеесет илјади десетерци. Бројот шеесет укажува на старовавилонската математика. Аедите и рапсодите, како и останатите мајстори пеачи, секако секогаш имале на располагање неисцрпен фонд на епски фрази и формули, постари дури и од самиот Ахилеј и неговата убаволика Брисенда. Сме споменале една таква формула, стара најмалку четирисет векови, оти потекнува од општо-индоевропската заедница, во која војничката аристократија со родовскиот племеник воделе главен збор. Тоа е хомерска фраза κλεφος αφθιτον, кој од слово до слово се подудира со староиндската формула śtravas akśitam. На жалост, класичната филологија ни ден-денес не располага со таква констатација на текстот Хомерова Илијада која воглавно бар би одговорила на захтевите на современата филологија и лингвистика. Секако во тој случај да би можеле поправедно и попотполно да се оцени вредноста и величината засега на недостижниот песник на смртта и љубовта“.

Белците во Левантот за време на ледено доба имале свој развиток во секоја област.Со преселби Белците со свои традиции стигнале во Индија, Кина и Јапонија.

„Нашиот Хомер, меѓутоа, е самосвоен самодржец на својот единствен уметнички гениј. Можело да има само постари песници пред него- а за такви нас и тој самиот не обавестува, и можело да има подржувачи. Оваа другата многу подобро ја познаваме но онаа првата. Тука првиот Вергилиј и сите потоњи западноевропски песници, од Лукана и Статија, Камоиша и Ариоста до Волтер и Мицкијевич. Кога го споменавме Волтер, не смееме да заборавиме дека баш ја дава неговата Анријада

приближна на претставата на онаа филолошки дестилирана и екстрахована Праилијада, сува и анемична, без живот човечки и без дах уметнички. Ниеден од овие западноевропски песници ги немаат оние прости и совршени генијалности во самиот тргнувачки момент на своето дело. Како што кажува Хоратиј, Хомер сместо ни уфрла во вртлог настани, концетрирани и просторно и временски и, што е најприсатно, и психолошки во една едина и единствена точка-сила, како би рекле современите физичари. Единствена работа, место и време во оваа епска драма полна со лирски идили многу е посовршена и од самиот Аристотелов канонски принцип, а да не говориме за техниката на европската драма, која и кај Шекспир тој принцип се напушта. Ова единствено, главно сведоштво за еден един песник и писател, почива на една психолошка доминантна од почетокот до крајот на целиот еп. Таа доминанта е Ахилејевата срџба, околу која, како во некој музичка фуга, кружи и се изменуваат сите останати мотиви и сите останати варијации. За неа ќе мора посебно да говориме.

И кога се сложуваме со Берар дека нашата Илијада е епска драма, мораме одма да истакнеме дека личностите на Хомеровата сцена ни за најкраток тренуток не паѓаат ма во каков патетичен излив, кој е редовна појава кај сите западноевропски писатели со Вергилиј на чело. Од патетичноста и театралноста ни сенките, мада работата се случува на југ, меѓу хероите и боговите. Сѐ е совршено и сечовечко, почнувајќи од поглаварот: Олимп, родителите и боговите и луѓето, па до Ахилејевата послуга. Ова секако се воочливо особини на Хомеровиот психолошки стил, кој како сите кажуваат, остана недостижен и неповолен сѐ до ден денешен.

Ако на песникот на Илијада му припаѓа и Одисеја, а така сите стручњаци мислат и така за овие дваесет и пет векови се мислело, тогаш Илијада е порано дело песниково, напишано пред Илијада. Сите, додуше, наоди дека песникот ја пишел војничката Илијада во младите години, а малограѓанска и авантуристичка Одисеја во старите години на својот живот, кога стилот му постанал помалку драмски и повеќе идиличен, со еден збор, кога свестрано оматорил. При тоа стручњаците се повикуваат на чинителот дека архитектониката на Одисеја е покомликувана и дека претпоставува техника на повисок ранг но што покажува Илијада, оти целата тема се одиграла паралелно на два разни места, со две главни личности. Така мислат и професорите и песниците кои се бавеле со Хомеровите песни. Ама овој впечаток не е поуздан заклучок, иако за него говори наоко и метриката. Стиховите во Одисеја докажуваат нешто помал постоток на оние завршетоци која науката ги сматра постари- мислам на диметар, односно Адонидов стих- а какви во Илијада има близу две третини, те близу десет илјада. Ако, меѓутоа, обете дела припаѓаат на еден те ист песник, оваа ситна разлика во постотокот не значи готово ништо, оти може лесно да се објасни со разни епски материјал: оној материјал за Илијада припаѓа на постар слој, а овој за Одисеј- кој во поголема мера е поморски и прегрчкине можел така брзо да се преруши во грчка метрика. Илијада во еколошки поглед е повеќе континентална и затоа поблиска на индоевропското време, додека Одисеја има претежно медитеранска позадина.

Ни се чини дека Одисеја, која оддадеку нема ни психолошко единство, својствено на Илијада, покажува примитивна техника, со сите оние особини кои тек во Илијада дошле до полн израз. Работата во Одисеја се одигрува на разни места, онаа затоа по содржина е поинтересна, ама истовремено и поразбиена, нарочито во пр-

вата половина. Планскиот принцип за композицијата е обележен со дуализмот и паралелизмот, кој, додуште, го сретнуваме и во Илијада со карактеристични контрасти кои снажно ги истакнува психолошките портрети. Меѓутоа, во Илијада монизмот е попретежен од дуализмот, на кој му е спротиставен и тријализмот. Одисеја цела може да се подели во шест еднакви дела, а нејзиниот принцип ворамковена приказна одава голем уметник. Илијада, пак, се дели во три чина, сите три полни со драмска динамика, која сè се до крајот- со мали ретардации, вешто смислени, вооостатото- стално се искачуваат и напредуваат. Сè е усредсредено околу една личност, која се чуствува на позорницата и тогаш кога не ја гледаме. Сите добри особини на Хомеровата архиктоника што ги најдуваме во Одисеја, се најдуваат појачани и совршени во Илијада, која ја надминува Одисеја во прв ред со својот вонреден психолошката документираност, а помалку совршена со технички вештини. Затоа ни се чини, под претпоставка дека Одисеја е Хомерова, дека песникот на Илијада најпрво го дал страдалникот Одисеј, а подоцна срдитиот Ахилеј.

Песниковиот Ахилеј не е само furioso. Тој е и inamorato. Не мислиме овде само на Аристотел Орланда, туку и на odi et amo (мрзам и сакам) на темлерамениот Катул, еден вистинит лиричар на стариот Рим, и на две основни козмогонски приниципи што ги поставил философот Емпедокле. Љубовта и омразата го управува Ахилеј, а песникот во воведот одма ни кажува дека ќе ја опее Ахилевата срџба, со која изгибоше силни јунаците, па најпосле и тој самиот. Оваа срџба и омраза не се јавува нигде, па ни во Илијада, без љубов. Тие два афекти одат секогаш заедно или наизменично. И Хомеровиот Ахилеј на крајот краеви го положува оружјето пред љубовта, која и према песникот на Илијада е непобедива и помоќна од омразата.

Како песникот ги испреплетил Ахилејевата љубов и омразата ? Досегашните стручњаци како да премногу им поклониле внимание на Ахилејевите омрази во Илијада, тргнувајќи при тоа од песниковите зборови во самиот вовед и од Ахилејевите сукоби со силниот Агамемнон, главен војвода на ахајската војска под Троја. Меѓутоа, Ахилеј не се разлутил само на Агамемнон и на сите останати Ахајци кои го отрпеле Агамемновото самоволие и заклучиле дека на младиот Ахилеј да му се одземе убавата робинка Брисеида и да му се предаде на стариот Агамемнон. Ахилејевата оправдана лутина и омраза почнува да го напуштаат веќе на почетокот на вториот чин на оваа епска драма, чии протогонисти, жестокиот Ахилеј, како што рековме, во некоја рака прави слика Цвииќевиот виолетен динарски тип и оштра спротивност на потоњиот грчки идеален трезвеник, кој постапува во сè ‘сос-меру’, како што кажува епигончиќ гркоманскиот кир- Јања“.

Ова сос-мера не било/е во врска со Вуковиот српски јазик, само од XIX век.

„Во девето пеење, имено, после одбивањето на сатисфакцијата понудена од нарочито пратеништво Агамемново, Ахилеј ипак наговестува дека во извесен час ќе настапи борба. Веќе во почетокот на вториот чин, кога ситуацијата за Ахајците постанува сè поопасна и готово безнадежна,го испраќа Ахилеј својот најмил другар Патрокло да види како стојат Ахајците, а подоцна му го дава своето оружје и својата опрема на Патрокло, кој донекаде ги сузбива Тројанците, па потоа и самиот паѓа од Хекторовата рака. Со Патрокловиот леш оди непријателот и Ахилејевото оружје. Две срамоти за Ахилеј: погубување на првиот и најмилиот другар и губиток на оружјето. Ахилејевата срџба и омраза се пренесува конечно и потполно на народниот и личниот непријател Хектор, кој, привремено, поради срџбата на Агамем-

нон, готово сосем се изгубил во Ахилејевата потсвест и изчезнал од неговиот круг на интересирање.

Така се јавува втора срџба и втора омраза Ахилејева. Така почнува треттиот, завршен чин на драмата, еднаков воглавно по обем на пораните чинови. Секој, имено, обфаќа по осум пеења и приближно еднаков број стихови. Ама овој судбоносен трет чин завршува со љубов, на смирениот и полн со тихо самоодрекување, а не со некоја провала на некоја нова Ахилејева срџба.

Значи дека песникот на Илијада не пее до крај за убиствената срџба на дивниот Ахилеј, не пее повеќе за колењата и убивањата, за моријата и погубувањата. Па ипак готово сите домислувања и кратковидни стручњаци сакале да го поправат песникот и да ја завршат оваа епска драма, која ја викаме Илијада, со онаа сцена каде Ахилеј, цел бесен и цел трагичен во својот гнев, го повлекува околу ѕидините тројскиот леш на убиениот Хектор. Овие добронамерни стручњаци и хомеропоправувачи и испитувачи мислат во својот прописен и школски памет дека песникот на Илијада под крајот на својот подолг еп готово заспал и заборавил на својот основен психолошки мотив, кој мора да се држи од почеток до крај. Мислат овие едноставни мозгови дека сè во животот, вистински и уметнички, мора да биде едноставно, праволински одмерено и одброено. Мислат дека песникот на својот Ахилеј не смее понатаму од срџбата да потегнува и со некои, по нивни суд, споредни сцени да се повлекува.

Не знаат при тоа или ја заборавaат онаа вистина дека нема мрак без светлина и обратно, дека нема смрт без живот и обратно, дека нема омраза без љубов и обратно. Таа како ние би ја чуствувале и оцениле Ахилејевата срџба и омраза, кога не би знаеле и ја виделе неговата љубов и доброта ? Песникот на Илијада добро знаел она што знаат сите неуки и прости, дека Ахилеј морал некој и нешто да сака, кога можел така страшно да мрзи. Знаел дека нема светлост без сенка и дека нема ноќ без ден.

Како сите големи луѓе песникот на Илијада е потврден, и не можа затоа ни по која цена да даде негативни и противживотни расположенија, како што се срџба и омраза, не само првиот, туку и последниот збор. Знаел дека омразата и гневот се убиствени, и дека љубовта и доброта се животворни снаги, ненадмашни непобедиви, непоминливи снаги на целиот свет и во сите времиња. Па затоа и неговата епска трагедија- која истовремено е и боженска и човечка комедија, оти обата света и обете реки одат кај овој песник успоредо- мора да се заврши макар со исчекување на нов живот и нова радост. Оваа животна и општа вистина важи нарочито за човечки деца што живеат на бреговите и островите на Јонско и Бело (Ајгајско) море.

Како што веќе е речено, на почетокот на VI в. ст. е., измеѓу Солоновите реформи и Пејсистратовата тиранија, Атињанинот Милтијад ги повел своите сограѓани, трговци и колонисти, подлабоко во трачкото задгрбие на североисточниот Балкан. Така Атињаните утврдувајќи го не само трачкиот Херсонес, туку навлегле подлабоко во областа на трачките песници и пејачи Орфеј и Тамир. Од тие области дошле по своја прилика, веќе порано, преку Бојотија, трачките мајстори- пеачи, кои во Атина добиле и грчко презиме Еумолпиди. Тоа значи: потомци на добрите пеачи. Орфејевите Трачани, заедно со трачкиот бог на виното и љубовта, со младиот Дионис, се здружуваа со атичките земјоделци во Елевсини и основале орфичко- дионисовски мистерии, кои се одржувале сè до во првите векови на христијанските

евангелија. Овој крупен термин на европскиот речник веќе се јавува во Хомер. Главно боженство на орфичките мистерии постанува Ерот (Љубав), чиј примитивен култ веќе порано е документиран во Бојотија. Виното и љубовта се нераздвојни божества, кои дејствуваат истовремено и на небо и на земја“.

Па до наведениот век ништо немало атинско- за Атина сѐ било присвоено

„На старобалканските Ахајци не им доаѓаат само овие моќни боженства од Подунавјето, каде е прва колевка на виновата лоза, туку, према соопштувањето Херодотово, доаѓа и учењето за бсмртноста на душата, веројатно од староиранскиот извор. Хомеровите современици во Персистратова Атина биле посветувани во орфичките мистерии на вино и љубав, спасување и бесмртност. Така и боженскиот Ахилеј во својот чадор, заедно со својот другар Патрокло, се опијанува со вино, песна и љубов. Ахилеј во својот ковчег го држи својот посебен кондир за вино. Исто така, тој внимателно ја чува својата китара, пратејќи се самиот себе како што пее. Така Хомер го прикажал својот јунак каков е на собранието ахајско, каде вика со страшен глас, каков што е пред својата мајка Тетида, каде плаче како дете, и каков е кога потпоно се препушти на своите чуства. Ама дивниот Ахилеј се опијанува уште со еден пијалок, многу пострашен и многу поопасен но сите три пијалоци кои ги споменува Бодлер. Тој најопасен пијалок е јунаштвото, ‘цар на злото на секого’. Како прв јунак ахајски под Троја, тој мора да чини чуда од јунаштво. Ахилеј сее смрт на сите страни, па затоа некој стручњаци неговото име поради хомофонијата од αχος (бол) го толкувале како име на демонот на болот и смртта. Тој навистина тамани и ги убива Тројанците и на булук и поединечно, додека на крајот не заврши со убиство на самиот Хектор“.

Колевка на виновата лоза не било Подунавјето- па и денес тоа не е лозарско.

Доказ дека лозата не била подунавска, неа ја нема во Русија, Скадинавија...

„Јасно е дека таквиот Ахилеј, кој се опива со толкави пијалоци, не може да живее само од гнев и од омраза, па ни од оние према Хектор и Агамемнон. Ако добро ситуираниот песник А. Шопенхауер има право кога кажува дека љубовта е најснажна афирмација на животот, не е можно да се очекува она што мислел најголемиот александријски филолог Аристарх и првиот германски класичар Виламовиц-Мелендорф: не е можно да се очекува дека Хомер својата песна за смртта и љубовта да ја остави недовршено, без Ахилејевото измирување со седиот Пријам, чиј син Хектор го убил Ахилејевиот најдобар другар Партокло. Ова измирување измеѓу двата најголеми непријатели го доведува нашиот песник на смртта и љубовта до најголема висина и најдлабока длабина: седиот Пријам и младиот Ахилеј плачат заедно“.

X

„Обете Ахилејеви омрази на песникот на Илијада ги оивичил со љубови. Ама не со еднаква љубов. Тоа не би било ни уметнички ни херојски. Првата љубов, постара од омразата на Агамемнон, потполно е телесна и управувана со убавата робинка Брисеида, која мора да му уступи на Агамемнон и кој подоцна не ќе ја замени и надокнади ни со понудената Инфигенија, ќерка на силниот војвода на Агамемнон. Брисеида значи е прва и последна Ахилејева телесна страст под Троја, на која песникот од појмливи разлози во својот херојски еп не можел да поклони повеќе простор отколку колку што допуштала општествено- психолошката стварност на оно време и она место. Ипак нејзиното влијание на судбината на краткове-

ковниот Јунак Ахилеј потполно е доволно истакнат. Робинката Брисеида, заправо Хиподамија дошла после измирувањето на првиот војвода со првиот јунак нетакнат од Агамемнон назад на својот Ахилеј, кој порано не сакал да ја прими понудената невина Ифианас (Ифигенија), ќерка царева, како накнада за вдовицата Брисенда. Хомер со тоа убеливо ја истакнал Ахилејевата чудна љубов.

Давно е приметено дека песникот на Илијада е единствен уметник во вешто смислената и уште повешто изразена психолошка традиција, мада и сета останата негова психичка ритмика е полна со темпа и преливи. Телесната љубов према Брисеидите ги потискува увреден понос и срџба на Агамемнон и сите Ахајци. Тој личен момент го протегнува готово сосем чуството на колективната поврзаност. Ама само онолку колку е најпотребно, иако Ахилеј со ред ги одбива сите понуди на некогаш надмениот а сега погружен Агамемнон. Законот на општа равнотежа, кој господари со грчкиот духовен и душевен живот, во колку е изразен и претставен во религијата, уметноста и науката, не може да ја остави ни Агамемновата надметност ни Ахилејевата претерана обест (υβρις) неказнети.

Секое реметење на равнотежата и хармонијата мора да се испашта и да се плати. Својата непопустлива омраза на Агамемнон и цел ахајски народ го плаќа Ахилеј со смрт на својот најдобар другар и побратим Патрокло, со губиток и пропаѓање на својата друга љубов, чисто другарска и затоа многу повредна но што била онаа чулна љубов према младата робинка. Поради оваа млада жена дошло до убиствена завада и омраза измеѓу главниот јунак и главниот војвода ахајски, а поради убавата Елена дошло до тројанска војна. Тоа сѐ сознаваме од песникот на Илијада. И третата жена, младата робинка со Хрисе, која Агамемнон не сака ни за откуп да ја врати на нејзиниот татко, предизвикува страшно погубување и помор во ахајската војска.

Ама песникот на Илијада има и такви женски карактери кои се во потполно спротивност на убавата Елена, исто онака како што има најспротивни машки односно херојски карактери. Да споменеме некои. Тоа е сопружната љубов измеѓу Хектор и Андромах, нежната и достоинствена љубов, потоа и заводливата љубов на првата божица Хера према главниот и најмоќниот Олимпијец, Зевс, со кој херојски се бори и против кој вазда интригира, потоа две мајчини љубови: во првото пеење, божицата Тетида према синот Ахилеј, на кој му е одредена прерана смрт, и тужбалицата Пријамовата Хекабе над мртвиот Хектор, во последното пеење. Хекабе плаче, се слуша до небото, мада Пријам има уште осумнаесет синови, како што кажува песникот. Може да се спомене и љубовта на самата божица на љубовта Афродита, која на својот син Ајнеј, што го имала со Анхис, му проречува вечна слава на царството тројанско.Другчија е природата на љубовта на пречистата и пречесната Атина према главниот јунак Ахилеј, бидејќи оваа борбена божица ги штити и брани многу ахајски јунаци.

Смртта Патрклова ја поттиснува Ахилејевата срџба према личните непријатели и отстапува место на омразата на општиот колективен непријател Хектор, кој му го уби најдрагиот другар Партокло, и на Тројанците кои веќе носат оган на ахајски лаѓи сосем да го оневозможат узмакот преку морето и повратокот дома. Втора љубов Ахилејева, повозвишена, поснажна и подлабока од првата, е многу појака од омразата и срџбата на Агамемнон. Ама таа ствара, или, подобро речено, поново распирување и до врв издигнување на старата омраза на главниот сопарник

и на заедничкиот непријател. Рековме дека Партокло, му е најмил другар Ахилејев кој со него заедно одраснал на дворот на Ахилејевиот татко Пелеј, туку на почетокот на вториот чин на оваа епска драма, со одобрување на лутиот Ахилеј, тргнал напред да го види како Тројанците со Хектор на чело ги касапат Ахајците. Кога непријателите почнале веќе да ги палат лаѓите, го пушти Ахилеј Патрокло со негово оружје да влезе во борбата. После неколку помали победи Патрокло гини од Хектор, кој така го граби и Ахилејевото оружје. Овој двострук губиток и двострука срамота- што го пуштил другарот сам меѓу непријателите и што го изгубил оружјето- го натерале, природно, Ахилеј да ги согледа сите последици на својот гнев, кој на 'Ахајците им зададе неброени јадови'. Љубовта према погинатиот Патрокло, најмилиот другар, и природна желба за одмазда ги надјача и потисна сосем и гневот и омразата Ахилејева од првиот чин на оваа епска драма. Ахилеј пламна со пламен на крвна одмазда, побара од мајката и доби ново оружје, што го искова мајстор -ковач Хефајст. Се мири со Ахајците и со Агамемнон и тргна поново во бој. Во третиот чин песникот на свој непосреден начин, со многу стравовити и сурови поединости, ни го опишува и едната и втората страст на главниот јунак, како жали за љубениот Партокло и како бесни против најомразениот душман. Песниковиот Ахилеј умее да плаче како лудо дете и да бесни како најисконски демон. Она што работи со убиениот Хектор ја преоѓа, поново, секоја мера и, постанува υβρις која подоцна ќе биде казнета.

Хекторовиот татко, седиот Пријам, доаѓа кришно во Ахилејевата колиба. Плаче старецот и го моли подивениот херој со боженско потекло од мајчина страна. Оваа страна во прегрчката балканско- анадолска област била појака од татковата оти тука владеел матријахатот, како кај јадранските Либурни и кај Тирсените-Етрурци од Лидија и од источниот Балкан. Го моли и преколнува понижениот и уцвелениот старец, господар на некогаш најмоќниот и најбогатиот град на светот, го моли убиецот на својот син Хектор да му го даде Хекторовото измрцварен и нагрѓен леш. Срдитиот Ахилеј не попушта сѐ дотогаш додека Пријам не го потсети на неговите седи родители, смртникот Пелеј, кој по општствениот закон ќе мора еднаш да го оплакува Ахилејевото погубување. Тек успомените на таткото предизвика во Ахилеј и ја издигнува на површина онаа третта негова љубов, најдлабока и најмоќна кај сите инодоевропски племиња. Тоа е најсветлата љубов према родителот. Оваа љубов ги победува сите останати љубови и ги совладува сите омрази. Ахилеј конечно попушта, се мири со таткото убиец на својот љубен другар, плаче со него заедно над судбината на сите херои и сите смртници, плаче над човекот. Му го дава синовиот леш. Настанува општо декрешчендо, ама постапува, обележен со префинета психологија: уште еднаш, после измирување со Пријам, со својата лична судбина и со целиот свет, Ахилејевата срцба за тренуток блесна. Ипак синовата љубов во Ахилеј, постара и од онаа према на другарот Патрокло и онаа према убавата робинка, е појака од омразата и бесот на Агамемнон и Хектор.

Тоа песникот на Илијада сакал да го покаже и затоа неговата епска драма не можела и не смеела да заврши со Хекторовото погубување, како мислеле некои стари и модерни хомеролози. Можело да се заврши едино со измирување на главните противници и со свечената сохрана на Ахилејевиот побратим Патрокло и ахајскиот душман Хектор, прв и последен бранител на тврдиот Илиј. Срцбата Ахилејева, главна потка и почетна доминанта на Илијада, испреплетена и оивичена со

љубов, не можела ни од гледиште на моралот, психичка ни естетска стварност да биде и финале на оваа единствена симфонија на човечка страст и јуначки страдања. Овде мораме да потсетиме на Теофрастовата дефиниција на трагедијата, која се разликува од Аристотеловата: трагедијата го прикажува животот и страдањето на некој херој. Заедно со треттата, најсветлата и најдлабоката Ахилејева љубов ги доведува Хомеровите песни за смртта и љубовта до смирување на крај на епот, кој слушателите и читателите ги воздигнува изнад катарката ахајските лаѓи, изнад високите тројански кули и изнад покликите и јауките на храбрите борци од обете страни. Ова смирување се издигнува од долината на плачот и омразата до висината на Олимп, каде владее 'неизгасната смеа' на животната радост и каде господари Зевс, татко на сите луѓе и сите богови, бранител на равнотежата и хармонијата. На тие висини изчезнува човечката сечовечката поминлива омраза и љубов, останува само онаа љубов која ги поврзува минатите и сегашните поколенија, кои ги измируваат нашите и туѓите племиња. Тоа се љубовни животворни, кои можат да обезбедат вечност и да ги пружат оние дарови што ги уживаат само олимписките богови, радост и вечност.

Измирувањето и смирувањето во Ахилејевата колиба морало, према песниковата религија, чии богови се грешни како и смртниците, да му претходи на измирувањето измеѓу Зевс и Хера, кои се завадиле исто како и Ахилеј и Агамемнон веќе на почетокот на самиот еп. Старо е верувањето во анадолската културна област во потполн паралелизам на макрокозмот и микрокозмот. Овој наш живот на земјата, лични и колективни, само е облесок и пандан на оној голем и силен живот на небесите. Затоа Хомероците богови активно учествуваат во тројанската војна, се делат во табори и се заземаат за својата страна на земјата. Небескиот живот не се одвојува, туку само се истакнува и издвојува од земскиот. На љубовта и омразата на земјата одговоруваат со појачана и зголемена љубов и омраза на небото, каде поедини богови се борат меѓусебно и едни други да ги потискуваат и од престолот да ги фрлат. И текот на настаните во Илијада се врши не само по програм и план на нејзиниот песник, туку и по волја Зевсова. Тој во тоа доба е главен и одлучем чинител. Тој на Тројанците им ја дава победата над Ахајците, кои ја штитат неговата жена Хера. Постапува така затоа што сака да му пружа сатисфакција на Ахилеј. Тоа ѝ го обеќал на неговата мајка Тетида, која го задолжила при прилика на некоја порана борба меѓу олимписките богови. Современиот читател може да го буни сталната интервенција на олимписките богови. Ама нивните постапци во толкава мера се хуманизирани, да боговите на луѓето сосема им се приближени, па размаците често се сведуваат на нула. Нашето гледање на светците и боговите мораме затоа потполно да го одфрлиме ако сакаме да сфатиме и да ја осетиме хомерската симбиоза, заедница на животот на смртните луѓе и бесмртните богови.

Во античката трагедија тој размак измеѓу земјата и Олимп знатно е поголем но во Хомеровиот еп и во атичката комедија. Илијада затоа во ист мах е човечка и боженствена комедија која пружа верна слика на сечовечкиот и себожниот живот, со сите нивни секојдневни ситници и со сите нивни вечни крупници. И едни и други истовремено се поврзани со ненадмашивата слава на херојите и нивниот песник Хомер, кој таа слава им ја подарил.

Ама најголема слава која му ја подарил Хомер на дивниот Ахилеј, е љубимецот на божицата Атина. Не е тоа само слава на оној јунак кој го убива и уништу-

ва животот, на јунакот кој ги мрази и своите соплеменици, готово повеќе отколку душманите. Славата Ахилејева истовремена е и слава на самиот песник која ни ја открива главната снага на својот прв јунак. Тоа е љубов која го јача и унапредува животот и која му опростува дури и на најголемиот душман. Ама патот од гневот (тоа е прв збор во Илијада) на дивниот Ахилеј до оној великодушен Ахилеј на крајот на епската драма не е ни краток ни едноиставен. Песникот не водел одма од почетокот на самиот еп на двете стази: со стаза на смртта и омраза и со стаза на љубовта и животот. Психолошкото единство на овие обе стази и, према тоа, на целиот еп, кој и за денешната претстава за тој книжевен род со својот опсег е замашен, го остварува песникот со тоа што почнува со Ерот, со телесна љубов. Таа телесна љубов кај Хомер се вика напросто φιλοτης (нежност), а во Хесиодовата Теогонија со тоа се означува персонификација на чулната страст и љубовта. Затоа во првиот чин, сè до во деветто пеење, имаме повеќе љубовници, односно брачни парови: Агамемнон и Хрисеида, Ахилеј и Брисеида, Зевс и Хера, која му е сестра и сопруга (тоа било обично во старата Атина, исто како и Египет), Парис и Хелена, Хектор и Андромах, Анхис и Афродита, која подоцна со посебни сексолошки разлози го добила Хефајст, а се занимала и со Ареј,богот на војната.Тој посебен сексолошки разлог важи за Одисеј и Пигмалион“.(Ареј=Арес-Охриѓани „аре...“, Битолчани але,РИ)

Бидејќи за генетско- географското подрачје била битна Семирамида + в = Свемирамида, која била проститутка, она за сестра која до денес се почитува и не се продава да се курва, нема врска со Египет туку со Хиксите кои биле Бриги. Тие во Египет го понеле бригискиот коњ, а погребалните коли на фараоните биле влечени со бригиско говедо, никако со египетско, нити со магаре, никако со коњ. Следи коњските коли биле со потекло од Египет со Месопотамија-како магарешки итн.

За авторите библиската историја биле месопотамска, египетска и бригиска.

„После овие страсти и љубов во првиот чин, се јавува во вториот чин љубов со повисок ранг, тоа повеќе не е φιλοτης. Тоа е φιλια, односно φιλεταιρια (другарство, побратимство). Во борбите и окршаите кои се опишуваат во вториот чин имаме доста примери на такви љубови без кои не можат да се замислат јуначките борби и походи, поготово кога се сетиме на бојните коли, на кои секогаш се најдувале двајца. Подоцна, во треттиот чин, после погубување Патроклово и измирување со Агамемнон, после повратокот на Брисеида на својот Ахилеј, се јавува не само обата овие вида љубов туку и онаа треттата. Тоа е најголема љубов: љубов према родителите, љубов према човекот вопшто, дури и љубов према личниот непријател. Таа љубов се вика φιλανθρωπια (човекољубие). Таа не можела ни да се појави во првите два чина, оти тоа не било предвидено со песниковиот план; таа се јавува на крајот на епската драма. Тоа, очигледно е љубов на највисок ранг до кој не можел да достигне не самочовекот на херојската епоха туку и човекот на денешниот хуманизам или, како некои кажуваат, панхуманизам.

Оваков ред и распоред на тритте видови љубов, смислена градација од највисок вид, чулна љубов, до највисока и најширока- духовна љубов, е снажен и убедлив доказ дека песникот на Илијада, само еден едини песник, имал еден единствен свој план, кој не можел ни од кого да позајми, ни од каков рапсод да преземе. Тоа е план на просветен и напреден создавач кој подеднако ги почитува луѓето и боговите и кој еднакво ги сака Ахајците и Тројанците. Постапноста во излагање на овие љубови, од лути сфаѓања со Агамемнон сè до нежниот разговор со седиот Пријам, е

тврд доказ дека песникот на Илијада бил оригинален создавач, а не вешт диаскеуаст или редактор, или секретар на некоја Пејсистратова комисија.

Ахилејевата љубов и Ахилејевата омраза му овозможила на песникот на Илијада од старите балади за старобалканските и ахајските јунаци да состави и напише, 'уз помош на Музите', единствено уметничко дело. Во тоа единствено дело се прикажува сукоб на Балканот и Анадолија. Се прикажуваат борби измеѓу родовското племство од север и новото медитеранско граѓанство, се прикажува судир на две епохи и прво будење на античката демократија. Песникот го дава на особен начин текот на тие светски историски настани во сенка на еден едини човек со боженско потекло, во сенка на Ахилејевата омраза, љубов, страдање. Оваа и ваква заедница на лични страсти на главниот јунак и нивната поврзаност со судбината на тогашните екумени, која песникот свесно и суверно ги архаизира, му дава на ова книжевно дело необична и изузетна вредност, извишена и проста во ист мах, и пристапна и разбирлива на културен пучанин и на културен властелин. Затоа ова дело останало недостижно. Не се дало да се помери од својот Олимп, ни тогаш кога модерната историска критика ги померила и оборила многу идоли и кумири класични и класицистички. Илијада била и останува најтраен споменик на европската книжевност, оти е незаборавна песна за смртта и љубовта, без кои нема ни живот".

ИЛИЈАДА- ФАЛИСИФИКАТ

За Хомер и делата Илијада и Одисеја мноштво автори расправале. Во прилог е и мојата книга „Хомерова Троја на домородци- т.н.Словени" од 2005 година.

Херодот,[7] под II- 53, пише: „За тоа од каде потекнува секој од нив, дали тие сите постоеле отсекогаш, како воопшто изгледаат, Хелените не знаеле до скоро, што се вели до вчера. Мислам дека Хесиод и Хомер се постари од мене четиристотини години, не повеќе. А тие се тие кои на Хелените им го направиле родословието на боговите, им дале имиња, им ги распределиле почестите и вештините и ги опишале нивните ликови. А што се однесува до поетите, за кои велат дека живееле пред овие двајца, јас барем мислам дека живееле по нив. Првото за нив го зборуваат свештеничките во Додона, а второто, она за Хесиод и Хомер, е мое мислење".

Следи Хесиод и Хомер потекнувале од исто време. Па со ним се започнало.

116: „Свештениците раскажуваат дека такво било доаѓањето на Елена кај Протеј. Јас мислам дека Хомер ја знаел таа приказна, но веројатно за епопејата не му била погодна како другата, онаа со која се послужил, и затоа ја изоставил, макар што покажува дека и неа ја знаел. Тоа станува јасно од она место во 'Илијада' (и никаде на друго место не се наврака на тоа) каде пее за талкањето на Александар, кога, одведувајќи ја Елена, фрлан таму-ваму од брановите, се нашол и во друга земја, и втасал и во Сидон, во Фојникија. Тоа го споменува во оној дел што зборува за подвигот на Диомед. Таму вака ги сложил зборовите:

'Саите таму ѝ биле, шарените, дело на тие
сидонски жени, што сам боголикиот Александар
дури од Сидон ги довел штом г'изминал ширното море,
по оној пат како ја довел и Елена славно по татко'.

[7] Херодотова историја, Завод за унапредување на стопанството на Република Македонија, 1998.

А и во ‘Одисеја’ споменува во овие стихови:
‘Ќерката Sевсова онакви напивки имала мудри,
јаки, Полíдамна, жената Тонова, што í ги дала
в земја египетска, каде што најмногу полето родно
плодови дава за напивки добри, но и за жални’.
И ова второто каде што Менелај му зборува на Телемаха:
‘В Египет бози ме држеа желен да пловам за ваму,
бидејќи не сум им заклал јас говедо стотина гојни’.

Од тие стихови е јасно дека Хомер знаел дека Алаксандар заталкал во Египет. Имено, Сирија се граничи со Египет, а Фојничаните, чијшто е Сидон, живеат во Сирија.

117. Од овие стихови и од ова место не малку, туку јасно излегува дека епот ‘Кипри’ не од Хомер, туку од некој друг поет. Во ‘Киприте’ се кажува дека Александар, кога ја водел Елена, за три дена втасал од Спарта во Илиј со поволен ветар и мирно море. Во ‘Илијада’, пак, се вели дека Александар со Елена бил фрлен по морето. Туку, нека си останат со здравје и Хомер и ‘Киприте’ “.

IV-32: „За Хиперборејците не кажуваа ништо ниту Скитите ниту некои други што живеат на тие простори, освен Иседонците. Јас сепак мислам дека ни тие не можат ништо да кажат, зашто тогаш Скитите ќе прикажуваат и за нив како што прикажуваат за еднооките. Но Хесиод има кажано за Хиперборејците, а и Хомер во ‘Епигоните’, ако таа песна навистина ја испеал Хомер.

33. Најмногу од сите за нив прикажуваат жителите на островот Делос. Тие велат дека заветни дарови, врзани со слама од пченица, донесувани од Хиперборејците, втасувале кај Скитите...“.

„36. И толку нека биде кажано за Хиперборејците. Имено, не ја кажуваат приказната за Абарис, за кого се прикажува дека бил Хипербореец, па да раскажувам како ја минал целата земја со стрела в рака, ништо не јадејќи. Но ако постојат некакви Хиперборејци, тогаш има и други, Хипернотијци. Се смеам кога гледам како веќе многумина нацртале карти на земјата, а немаат никакво разумно објаснување. Тие го цртаат Океанот како тече околу целата земја, која е тркалезна како круг нацртан со шестар,и Азија ја претставуваат по големина исто како и Европа.Јас накусо ќе ја прикажам и големината на секоја од нив и како би изгледале на цртеж“.

VII-42: „Во војската го минала патот од Лидија кон реката Каик и кон Мисија, а кога тргнале од Каик, движејќи се десно од планината Кан, минала низ Атарнеј и втасала во градот Карина. Оттаму се одело низ Тебанската Рамнина и се минало покрај градот Атрамитеј и покрај пелазгискиот град Антандар. Оставајќи ја Ида лево, Ксеркс одел од илиската земја. Кога војската ноќевала во подножјето на Ида, прво настапило невреме со грмежи и секавици, од што загинале голем број луѓе.

43. Кога војската стасала на Скамандер, кој им бил првата река на патот откако тргнале во Сргнале во Сарди, реката пресушила, недовтасало вода за да се напои војската и добитокот. А кога Ксеркс се нашол таму, обземен од желба да ја видат тврдината, се качил на Пријамовиот Пергам. Откако видел и ги чул сите приказни за она што се случило таму, на Атена Илиска í принел како жртви илјада бикови. Магите, пак, им излеале леанка на хероите. Отако биле принесени тие жртви, ноќта во логорот завладеал некаков трепет. Но штом се разденило, тргнале на пат.

На колоната од левата страна ѝ се наоѓале градовите Рojтер, Офринеј и Дардан, којшто е соседен со Абид, а од десната тевкарските Гергити“.

„73. „Фригите имале опрема најслична на пафлагонската со незначителни разлики. Фригите, како што кажуваат Македонците, додека живееле заедно со нив во Европа, се викале Бриги, а кога преминале во Азија, заедно со местото на живеењето, си го смениле и името во Фриги. Арменијците биле оружани како Фригите зашто биле преселници од Фригија. И на едните и на другите водач им бил Артохм кој за жена имал Дарејова ќерка“.

Гога се говори за Тројанската војна, битно е да се наведе кои за неа пишеле.

Еберхард Цангер,[8] на стр. 53, наведува: „Кон античките автори, кои Тројанската војна ја спомемуваат, се бројот меѓу другите:

Hesiod (8./7. век)
Stesichorus (630-555)
Sappo (доцен 7. век)
Alkaisos (7. век)
Ibykos (6. век)
Simonides (556-467)
Epicharmos (550-460)
Aischylos (525- 456)
Bakchylides (5. век)
Herodot (5. век)
Sophokles (496-406).
Euripides (485-406)
Thukydides (460-400)
Philoxenos (435-380)
Xenophon (430-354)
Platon (427-347)
Aristotel (384-322)
Lykophron (3. век)
Timaios (345-250)
Livius Andronicus (280-207)
Naevius (270-201)“.

Па се потврдува, за Тројанската војна и Илијада се пишело во најново време.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, кажува: „Песникот и писателот на песната за смртта и љубовта, кој по своја прилика живее и работи во Атина на крајот на VII век, треба да се вика Хомерос. Такво лично име потполно е осамено во грчкиот именик. Тоа јасно го покажал полскиот филолог Т. Синко. Постоеле луѓе викани Хомериди, негови тобожни потомци, кои го продолжиле неговиот певачки и песнички занает. Ама постоењето на оваа уметничка школа и семејство докажува само толку дека името на нивниот тобожен предок имал во целиот грчки свет снажен и висок углед и дека во Перикловата Атина и подоцна се верувало во постоење на некој голем песник со такво име....“

Следи немало таков човек со име Хомерос кој би бил автор на Илијада итн.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, истакнува: „Седум градови, како кажуваат, се отимале околу славата да биде родно место на песникот на дивниот еп за јунакот Ахилеј и неговиот убиствен гнев...“.

Дури Хомер бил со непознато потекло- не се знаел неговиот град.

Токму затоа за Хомер се говори дека тој потекнувал од повеќе градови...

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, вели: „Посовршена техника на стихот и композицијата на Илијада наспроти невештината и тесниот видокруг на песникот Хесиод не упатува на тоа дека песникот на Илијада го сматраме за помлад од песникот на Теогонија. Хесиод живеел околу 650. г. ст. е. и знае за Латините...“.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, кажува: „Песникот и писателот на Илијада бил од градот, а не од село како неговиот тобож-

[8] Eberhard Zengger, Ein neuer Kampf um Troia, Arhäologie in der Krise, Droemer Knaur, München 1994.

ен супарник Хесиод.Ама тој ипак добро го познава и селскиот живот, готово подеднакво добро како и животот на граѓаните и поморците.Како време на неговиот живот денес обично се зема крајот на VIII в. ст. е., додека старите оделе уште и подлабоко за некои три- четири века. Порано споменатите истражувања на археологот К. Блеген дале повод за ново сфаќање, по кое Троја, викана Троја 6, под крај на XIII в. страдала од земјотрес, а, новата Троја, 7а, е разорена на почетокот XII в. од освојувачите од балканско- подунавските простори. Тоа значи дека Троја 6 и Троја 7а не го виделе Ахилеј ни Агамемнон ни останатите Ахајци, дури ни Одисејовиот коњ“.

„Таа современа стварност...Тоа се идеји од крајот на VII и почетокот на VI в. ст. е. Затоа Илијада, која не е ни збирка на народни јуначки песни ни еп нарачан од дворските кругови како што е случај со Вергилиевиот еп, чиј главен јунак е со потекло од дарданскиот Балкан, не може да биде постар од почетокот на VI век. “.

Следи Илијада “не може да биде постар од почетокот на VI век. “.

„Ама античките стручњаци не мислат како современите. Филологот Аристарх, на кому и старата и модерната филологија најповеќе му должи за успешното проучување на хомерските песни, сматрал дека песникот на Илијада е роден Атињанин. Со тоа се сложува античката традиција за атинското државно издание на Илијада и Одисеја, кои на некој одбор стручњаци им ги поверил тиранинот Пејсистрат околу 560. г. ст. е. ...“.

Се говори „за атинското државно издание“ со одбор на „тиранинот Пејсистрат околу 560. г. ст. е.“. Се потврдува дека се работело само за одбор од VI век.

„Пејсистратовата Атина била сета во превирање. Се живеело на завршетокот на родовската аристократија и на почетокот на трговската и војничката демократија. Обата овие видови на демократија биле условени со колонизација на Понт и Хелеспонт (Дарданели), која морала да ја брани тек новоорганизираната тешка пешадија, хоплита, а не само старата аристократска бојна кола, иако во атинските паради се појавиле на коли тобож херојски ахајски војници сè до крајот на VI в. ст. е. со иста опрема како кај Хомер...“.

Стои „херојски ахајски војници сè до крајот на VI в. ст. е. со иста опрема како кај Хомер“.Ова говори, дека Илијада била Пејсистратово дело само од VI в.п.н.е.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, пиши: „А сите знаеме дека самиот Вергилиј, и никој друг, е автор на Ајнеида, додека околу авторот на Илијада уште стално водат борба со филолошки и археолошки мислења. Па ипак постојат и во оваа епска драма единствена работа...“.

„Меѓутоа, овој општонароден и простонароден уџбеник, мада јасен и разумлив на нешколованите слушатели и читатели, наскоро постанал и останал нејасен и неразбирлив на луѓето, а нарочито на оштроумните стручњаци и домишљатите критичари. Така настанало она што се вика хомерово прашање, те. најстаро прашање за кое знае просветена Европа. Тоа е покренато пред некои дваесет пет столетија и не дошло уште до вистинското решение“. („дваесет пет столетија“, Р.И.)

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, кажува: „Ова единствена епопеја...Сета оваа политонија и полифонија ја здружил Хомер во единствена и необична целина, која, без обsир на некоја послаба партија, останала до ден денешен ненадмашено дело. Со тоа е даден одговор и на оние швајцарски филолози, кои покушуваат во боженствениот Хомер да откријат некој плагијатор

или бар имитатор. Античките критичари, со Аристотел на чело, биле во тој поглед далеку изнад современите трудбеници во областа на класичната филологија“.

Се говори за „швајцарски филолози, кои покушуваат во боженствениот Хомер да откријат некој плагијатор или бар имитатор“. Па делата биле присвојувани. Па и стои: „Сета оваа политонија и полифонија ја здружил Хомер во единствена и необична целина, која, без обsир на некоја послаба партија, останала до ден денешен ненадмашено дело“. Ова дело било со делови од Египет, Бригија и Јадранот.

Еберхард Цангер, на стр. 227, говори дека тројански коњ бил плагијат од епот на Гилгамеш. Следи „...За Хомер се понудило, место бокал да земи коњ...“.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, пиши: „Маретиќевиот превод на Илијада...Првиот дел на хексаметарот, како веќе сме споменале, заправо е тетраметар, кој може да има осум, девет, десет, единаесет и дванаесет слогови, а вториот дел, диметар, заправо петтосложен стих со рефренски карактер. Овој стален број слогови во вториот, помал дел на хексаметарот секако е во врска со основниот закон на ајолската метрика, која се држи со стален и одреден број слогови. Ми се чини затоа дека овој ‘херојски стих’ постанал од тужбалицата, во која рефренот и кај старите Хелени е обврзан. Ипак денес стручњаците мислат дека хексаметарот е со страно, а не со хеленско потекло“.

Стои: „хексаметарот е со страно, а не со хеленско потекло“- од туѓ простор.

„Тоа хомерово прашање се состои всушност од повеќе прашања, а најважни се овие: дали Илијада е едно уметничко дело од еден песник или е збирка на народни песни од разни пеачи, викани рапсодии...“.

Се говори за „збирка на народни песни“. И тоа било од разни туѓи простори.

„Земајќи ја старата и прецизна традиција за атинската редакција на хомеровите песни не како докажано тврдење на чинителот туку само како работна хипотеза...Према споменатата традиција, пред Пејсистратовата редакција хомерските песни биле расути и несредени...“.

Следи заклучок дека „хомерските песни биле расути и несредени“. Па ова говори дека имало повеќе песни од повеќе простори, дури и од друго генетско- географско подрачје, кои биле насобрани,а од нив Пејсистратовата редакција направила дело. Се потврдува, Илијада било атинско составено дело, а лице Хомер немало.

„Има кудители кои најповеќе приговоруваат на досадните колења...Досадни можат да бидат само на оние кои во нашата Илијада гледат всушност два епа, Ахилеида и Илијада.Ахилеида,по тоа сфаќање, би била постара и од некој поголем уметник, оној вистинскиот, стариот Хомер. Таа би го содржела само сукобот измеѓу Ахилеј и Агамемнон. А самата Илијада, дело на некој обичен собирач, компилатор и дијаскеуаст би опишувала борба околу Илиј и падот на Троја. Постарата Илијада или Ахилеида, онаа вистинската, би била во херојски стих испеана, или можда и напишана во јонски дијалект. Можда, мислат овие стручњаци, тек некој трет вешт човек сè тоа го слепил и скрпил во денешна Илијада, оставајки ипак подоста траги на својот крпеж“.

Се говори „два епа“ итн., како и „тек некој трет вешт човек сè тоа го слепил и скрпил во денешна Илијада, оставајки ипак подоста траги на својот крпеж“.

„Ахилејевата љубов и Ахилејевата омраза му овозможила на песникот на Илијада од старите балади за старобалканските и ахајските јунаци да состави и напише, ‘уз помош на Музите’, единствено уметничко дело...“.

Илијада била „од старите балади за старобалканските и ахајските јунаци“.

Следи заклучок, Илијада била составена од дела на повеќе простори.

Според египетскиот крал Псаметих (7 век п.н.е.), Бригите биле постари од Египтјанита- б=ф. Бидејќи се говори за најстари Бриги, и нивно дело било внесено.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, пиши: „Песникот на Илијада се сматра основач на најстарата европска книжевност, мада кај Грците несумливо имало и песници пред него. Енциклопедистот со ситен формат Ајлијан знае дека постоела некоја Илијада на јазикот на старите Бруги...“.

Овде се говори „дека постоела некоја Илијада на јазикот на старите Бруги“.

Бранко Вукушиќ,[9] на стр. 47, пиши: „Постојат...Сумливоста почнува на тоа што, воочи на објавување дека го открил Пријамовото благо, Шлиман ги отпуштил сите работници од наоѓалиштето, а накитот го откриле само тој и неговата сопруга. Има археолошки за сумливоста дека благото можда било откриено на некој друг локалитет. На пример, неколку децении после Шлимовата маска на Агамемнон, е откриена во Македонија од Требениште, мошне слична на Агамемновата. Недавно во Македонија е откриена уште една златна маска на некрополата на Самуловиот град во Охрид, која е идентична на онаа од Требениште, исто така во охридската област. ‘Пријамовото благо’ и после Шлиман се пратиле мистерии и полемики. Шлиман му го поклонил на берлинскиот музеј, а после II светска војна ‘нестанало’ и се појавило во Русија, откаде недавно е вратено во Германија и се поставил како меѓународен проблем на кому заправо му припаѓа (Турција, Грција или Германија, оти Македонците одавно се исфрлени од играта). На Шлиман му припаднала светската слава, а за науката хомеровото прашање било дефинитивно решено. Оние кои се осудат тоа да го доведат во сумливост се прогласуваат незналици“.

Охрид бил во Бригија. Што било и останало- следи наодите биле бригиски.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, кажува: „Ама сите не биле расположени...Народната маса во Атина и Атика биле гладни и жедни не само на правдата. Барале и власт и леб и забава. Пејсистрат прво зел од великашите, ама не да му даде на народот, туку да го задржи за себе и за своето семејство. На народот му дал леб и забава и му створил можност и да ги слави своите богови, кои не биле на сончевиот Олимп ниту безгрижно се смееле со неутасивиот смех, туку и боравеле во црната земја, тешка и ладна. Тие народни, порано од родовски господа презрените боженства никако не се појавиле во Илијада“.

Па Олимп не бил боженствен- боженствеоста била поместена од Бригија.

„Како што веќе е речено, на почетокот на VI в. ст. е., измеѓу Солоновите реформи и Пејсистратовата тиранија, Атињанинот Милтијад ги повел своите сограѓани, трговци и колонисти, подлабоко во трачкото задгрбие на североисточниот Балкан. Така Атињаните утврдувајќи го не само трачкиот Херсонес, туку навлегле подлабоко во областа на трачките песници и пејачи Орфеј и Тамир. Од тие области дошле по своја прилика, веќе порано, преку Бојотија, трачките мајстори- пеачи, кои во Атина добиле и грчко презиме Еумолпиди. Тоа значи: потомци на добрите пеачи. Орфејевите Трачани, заедно со трачкиот бог на виното и љубовта, со младиот Дионис, се здружише со атичките земјоделци во Елевсини и основале орфичко- дионисовски мистерии, кои се одржувале сè до во првите векови на христијанските евангелија. Овој крупен термин на европскиот речник веќе се јавува во Хомер. Гла-

[9] Branko Vukušić, O trojansko slovenskoj misteriji, Pešić i sinovi, Beograd, 2003.

вно боженство на орфичките мистерии постанува Ерот (Љубав), чиј примитивен култ веќе порано е документиран во Бојотија. Виното и љубовта се нераздвојни божества, кои дејствуваат истовремено и на небо и на земја“.

Следи до наведениот век ништо немало атинско. Токму на просторите на Атињаните од тој век започнало да се говори за Олимписките богови, Илијада итн., дури тоа било основа да се појави и дело Атлантида на Платон- сè било поместено.

Харолд Ламб,[10]стр. 63, пиши: „Расправата за Парапанидисад морала да дојде до ушите на Аристотел. Наместо непосредно да расправа со своите бунтовни ученици, тој се задоволил со тоа што една вечер во градината да им објасни дека границата на сознанието постојано се поместува и дека секој век сè повеќе се дознава за светот. И додал на свој начин, пелтечејќи, дека во времето пред Хомер за ридот Олимп, кој сите можеле да го видат од Јужна Македонија, се мислело дека е престојувалиште на боговите. Дури кога смелите истражувачи се искачиле на него, се видело дека тие се сосем обични голи карпи. Тогаш митскиот рид Олимп во човечката фантазија бил сместен источно од Троја, каде што неколку врвови ја пробивале границата на облаците. Се чини дека луѓето, исто така, замислувале оти Олимп се наоѓа далеку на Кавказ. Кога и тоа било истражено, се открило дека е само еден друг природен, иако висок, планински венец. Аристотел не го ни споменал зборот Парапанисад“.

Се кажа: „Тогаш митскиот рид Олимп во човечката фантазија бил сместен источно од Троја, каде што неколку врвови ја пробивале границата на облаците“.

Роберто Салинас Прајс,[11] на стр. 15, вели: „...Самиот Страбон, со кој, по општа оцена, почнува проучување на хомеровата географија, го предложил местото за лоцирање на хомеровиот Илиј различно од она кое тогаш се викало Илиј (највисок слој на Хисарлик означен Троја IX). ...“.

Стр. 21: „Ама тешкотијата на толкување на грчките и класичните автори... Пример може да се види кај Страбон кој го пиши следното за Троада во својата Географија, XII, 1, 34:

...гореспоменатите две равници го раздвојуваат големото парче земја, кои се протегнуваат во права линија измеѓу споменетите гребени, тргнувајќи од сегашниот Илиј со кој е поврзан, и се протега до Кебренија и заедно со гребените на двете страни, формира потполно слово Е (епсилон)“.

Стр. 22: „Меѓутоа, постои едно јадровито тврдење- едино за кое знам- во коментарот за Стефан Византиски, географот X век, кој јасно ја оспорува традицијата на малоазискиот Илиј во корист на некоја локација во Европа. Тоа се најдува во Историјата на кавкаските Албанци, III, 18, Mouses Dasksurencia (London, Oxford University Pres, 1961, која ја превел Derset) и гласи:

Во книгите на Стефан Византиски може да се најде опис на уништувањето на Илиј и градењето на Рим.

Во време на судијата Абдана, Илиј е завземен на следен начин. Градот бил во земјата на Ахајците, во соседство на Пелопонес, западно од Македонија, во земјата Европа... Во она време некој младич од принцевите градски отишол во градот Солун, кој е на исток на Македонија, во потрага за забава и убаво го примило благородништвото на градот...“. (Европа=Бригија, Пелагонија и Баба-Божица Ма, Р.И.)

---

[10] Харолд Ламб, Александар Македонски, ИРО „Култура“, Скопје, 1989.

[11] Roberto Salinas Prajs, Homerova slepa publika,IRO “Rad” i Novinska agencija “Tanjug”, Beograd,1985.

Стр. 216: „...Овој драгоцен податок на Мојсиј Хоренски го користел и Стефан Византиски, а тој бил црковен поглавар, значи службено државно лице...“.

Бранко Вукушиќ, на стр. 46, пиши: „...Елијан, грчки учител на говорништво во Рим (III век н.е.) соопштува, скоро илјада и пол години после падот на Троја , дека овој јазик им припаѓал на илирските Бриги, сродници на Дарданците од семејството на древните Пелазги. Веќе сме рекле дека на место каде подоцна е соградена грчка Атина, пред дорската инвазија, се најдувал пелазгиски град Пелазгон...“.

За да се потврди блискоста на Бригите со Илирите, се наведува и Херодот, што тој во I- 196, пиши: „Со обичаите стојат вака. Најразумен обичај, според моето мислење, а што го имаат, како што дознавам, и Илирските Енети, им е овој. Во секое населено место еднаш во годината, и тоа секоја година, се правело вака. Колку што имало девојки втасани за мажење, сите заедно ги доведуваат на едно место за да ги омажат сите. Околу нив ќе застанеле толпа мажи. Тогаш ќе излезе телалот...“.

V-9: „Кои племиња живеат во земјата што лежи северно од Тракија...Границите на овие луѓе се протегаат речиси до Енетите на Адрија...“.

B + Енети = Венети биле Далматинците и со Млечаните со својата Венеција.

Милан Будимир, во насловот Триклети бабуни и бабици патаренски, истакнува: „Додека во обата дела на името Дајбог имаме работа со зборови на повисок ранг, дотаму во другиот дел на името Дајбаба имаме познат израз на тепање кое í приличи на мајката. Поради тие особини овде мора да се смета со сталната репристинација, ама ипак должината на првиот слог е обезбедана. Бабуните према тоа се исто како и бабици патаренски поврзани за стариот култ на Божицата Мајка, која веќе во класичното доба е богато документирано на централниот Балкан, поточно речено заправо во онаа област од која потекнуваат современите хомофони топоними. Во таа област го најдуваме не само во именикот на старите Бриги обликот баба како име на боженство туку и во неговата подоцна анадолска постојбина култот Баба, односно Велика Мајка, е попознат под името Кибела, со епиграфски споменици доволно обезбеден. Во таа иста област сме биле веќе порано упатени поради името Патарени, својствен првобитен култ на Аполон во Патар“. (Баба Планина, Р.И.)

Онаму каде што Херодот ги наведува Бригите, денес е Брзјакија со Брзјаци.

„Потешко е да се одговори на прашањето...во манихејската латинштина. Ипак, на основ на постоење на трачки калуѓери викани Ktistai (кои живеат без жени) и према аскетизмот Зевсови свештеници во илирска Додона...“.

Милан Будимир, во насловот Вампиризам во европската книжевност, кажува: „Сите три овие видови на антички сцени се условени со култот на херојот и предокот, на чело на кои стои Бакх односно Дионис, кој под името Сабазиос се јавува, веќе во Аристофановите комедии. Сите стручњаци се сложуваат во тоа дека името Сабазиос потекнува од култскиот речник на старобалканските Бруги и Траки, а веќе старите митографи биле на мислење дека Сабазиос е постар и од самиот Бакх-Дионис. Неговото свето животно змија, па и самото боженство се јавува во тој облик. Сабазијевите мистерии уживале во римско доба уште поголем углед но Елевсинските мистерии, со тоа што од Епидаур рано е пренесен во Рим Асклепиј со својата змија, која игра нарочита улога во старибалканскиот култ. По своја прилика, од тој старобалкански култ Сабазијевата и Асклепијевата змија потекнува и мотивот за страшниот Дракул (лат. Dracus е вулгарен облик за класичниот draco: змија, змеј) и за крилатиот змај. Овој демон, произлегол од гмизавата змија, морал-

исто како и коњот- да добие крила да би бил побрз, бидејќи душите на умрените претци најбргу да се движат ако се крилати, без обsир дали се пеперуги, птици и змајеви“.(Асклепи=а склепи=с клепи=к лепи[ти]- се склепува само со лепење, Р.И.)

Со наводот се потврдува дека балканска Бригија и митолошки била најстара.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, вели: „Со среќа, самиот песник...При оваа дијагноза треба на ум треба да се има дека Ахилеј не му се моли на олимписки Зевс, ниту на оној на планината Ида, на која привремено бил сместен Зевс да ја контролира војната ситуација под Троја и на која нејакиот Парис- Александар хранет со млеко на некоја хумана мечка. (Затоа и го превдувам името Александрос со Меѓедовиќ) Ахилеј се моли на Зевс во Додона, во западнобалканскиот Епир. Освен тоа, динарецот го зафаќа не само западниот Балкан, туку се јавува и во Анадол, сѐ до Сирија“. (Александрос Мечкарот, Р.И.)

Бидејќи Епир бил бригијски, се наведува Зевс, а Илијада била бригиска со бригиско говедо (Бик=Зевс) и бригиски коњ (Пастув=Посејдон). Исто така, бригиски бил и војниот бог Арес, кој го носел бригискиот крал Пир и бригискиот крал Ѓорѓи Кастриот. Обајцата носеле шлем со рогови на богот Арес=јарес=јарец=прч.

Бидејќи Бригите=Брзјаците не го изговарале гласот х, како прв (армоника, отел, ајвар, ајдук...), следи името Хомер на бригиски=брзјачки говор да биде Омер.

Илијада се однесувала за три простори: со магаре од Египет..., коњ и говедо само од Бригија и јадранските острови-тие почнале да се населуваат од VI век п.н.е.

Роберто Салинас Прајс, на стр. 10, пиши: „Најпосле, на читателот треба да му се рече дека книгата која оди уз оваа книга (или нејзиното продолжување) есте Одисејовиот манускрипт, за откривање на Аристид Вучетиќ од 1935. година, дека Одисеј лутал по јадранскиот архипелаг, покрај тројанскот брег...“.

Милан Будимир, во насловот Потекло на европската сцена, а во поднасловот Трагична иронија и катарса, наведува: „Покрај овие три вида трагедии, сите три ‘озбилни’, треба поново да се спомени и оној четврт, ‘неозбилни’ (φαυλη), кој Аристотел го споменува на крајот на петта глава на својата Поетика. Без Сатира (индивидуални демони и во колектив), према Аристотеловите кажувања, нема ни трагичен ни комичен хора, а тоа значи без нив да нема ни античка драма. Стара е заблудата дека сатирите се јарци[12]:на претставите од VI в. ст. ера и сатирите и силените се само коњи, односно териоморфни демони со коњски уши, коњска опашка и коњски копита. Затоа трагедијата не може да значи некој ‘јарцоспев’. Очигледно се работи за догрчки назив на лакрдијаш, како тоа сосем поуздано може да се заклучи од корадикалните деривати δρακιζω drakistás. Популарна параетимологија направила од негрчко draós грчко tragós. Поради латинската туѓица draucus, која е синоним за comoedus, можеме поуздано да заклучиме дека догрчкиот назив draco и име на сатирата Drakis (лакрдијаш) му припаѓа на речникот на старите Пеласти, и тоа во оваа прилика на некој илирски дијалект: само во илирскиот имаме промена au или u. Оттаму дублетот tragadós и trygodós. И називот сатир, кој всушност е вкрстен облик на илирската тиѓица tituros (сатирски демон) со хомерски назив на боен коњ гласи statós, секако дека е синоним за Silenós, кој е предводувач на сатирата и коловодач, а подоцна и нивни татко“. (коло, к=х, л=р, хоро=х оро, Р.И.)

---

[12] На почетокот на насловот стои и: „Затоа не е никакво чудо што и самиот Дионис...На таква природа на богот Дионис укажува и неговиот култски назив Ταυρυς (Бик)“: Таурос=т аурос; аур=а ур + т = т(а)ур-говедо;Букефал=буке фал=пал, бука пали: бук=бик- бука пали, л=р, пари. Следи врска со бик.

Па во VI в.п.н.е. немало магарења со нивни уши, и јарецот не бил еладски. Следи бригискиот коњ постанал месопотамски, арапски и египетски. Врската била илирска за илирски Бриги со пелазгиски=тн.словенски јазик: силен.., Д-раку-л итн.

Следело во Месопотамија со Египет немало коњ туку само магаре со кола.

Евреите со Мојсеј од Египет тргнале за ...Палестина..., а по нив јавеле Египтјаните со коњи. Па до 17 век немало коњ на наведените простори кој бил бригиски. Дури Соломон се тркал со колски коли, а колите биле понови- прилагодени магарешки коли. Ова било во спротивно на другите простори само со волски коли.

Херодот, во I-80, пиши: „Кога излегле и едните и другите на полето пред градот Сарди...единствено да не го убијат Кројса, дури и ако се противставува откако ќе биде фатен. Така, значи, им заповедал. Камилите ги распоредил наспроти коњицата заради ова. Коњот се плаши од камилата и не поднесува ниту да ја гледа ниту, пак, ја поднесува нејзината миризба...“.

VII-123: „Од носот Ампел флотата на Ксеркс...Тргнувајќи од Ајнеа, последниот од градовите што ги набројав, флотата веќе запловила во самиот Термајски Залив и накај областа што се вика Мигдонија.Така пловејќи, флотата втасала во однапред договореното место, во Терма, во градот Синд и во Хелестра, на реката Аксиј кој ја дели областа Мигдонија од Ботијаида, на чиј тесен простор покрај морето се наоѓаат градовите Ихна и Пела. (Аксиј=а к[ко-како] сиј-а, Р.И.)

124. Флотата на Ксеркс, чекајќи го кралот, се закотвила од реката Аксиј до градот Терма и кај градовите што лежат меѓу нив. Ксеркс, пак, со копнената војска се движел од Акант пресечувајќи си пат низ внатрешните области,со намера да втаса во Терма. Тие оделе низ Пајонија и Крестонија накај реката Ехејдор, која извира во земјата на Крестонците, тече низ областа Мигдонија и преку едно блато во реката Аксиј. (=Вардар= вар дар: Вардар=вард ар..., Р.И.)

125. Додека војската патувала низ тие места, лавови ги напаѓале камилите што ја носеле храната. Лавовите, слегувајќи и напуштајќи ги своите дувла ноќе, не напаѓале никого, ниту друг добиток ниту луѓе, а ги колеле само камилите. Се чудам што можело да биде тоа што ги терало лавовите да ги напаѓаат само камилите кого тоа животно ниту порано некогаш го имале видено ниту тоа го имале вкусено“.

Се потврдува дека коњот не му припаѓал на генетското- географско подрачја на Месопотамија со до Египет кое било за камила и магаре, како и на бивол, слон...

Бидејќи слонот, биволот, камилата, магарето итн. им припаѓале на темните раси, кои имале заедничко потекло пред да има континенти- коњот бил на Белците.

IV-28: „...Нивните коњи лесно ја поднесуваат таа зима, а маските и магарињата воопшто не ја поднесуваат. Во друга земја коњите, изложени на студ, измрзнуваат, а магарињата и маските студот го поднесуваат“.

„30. Но се чудам (моево прикажување уште од почетокот обилува со отклонувања) што во целата Елида не можат да се зачнат маски иако земјата не е ни студена ниту има некоја друга очигледна пречка за тоа. Елејците кажуваат дека кај нив маски нема поради некое проклетство. Затоа тие, кога наближува времето кобилите да заносат, ги водат во соседните земји и им ги пуштаат блиску магарињата додека не станат ждребни. Потоа ги враќаат назад“.

„129. Ќе кажам едно големо чудо; тоа на Персијците им одело на рака, а на Скитите кои напаѓале на Дарејовиот војнички логор им било на штета. Станува збор за рикот на магарињата и изгледот на маските. Во целата скитска земја, како

што јажав и порано, поради студот, нема ни магаре ни маска. Магарињата со своето рикање ги ваделе од памет скитските коњи. Често среде скитските напади врз Персијците, кога коњите ќе го чуеле рикањето на магарињата, ќе се исплашеле и свртувале назад. Просто, затечени во чудо, ги начулувале ушите, зашто никогаш пред тоа немале чуено таков рик ниту виделе такво животно. Тоа во извесна мера му помогало на непријателот“.

Следи камилата била од друго генетско подрачје порадишто лавовите не ги познавале, па и ги напаѓале, што не се случило со домашните животни. Како што било со камилите, истото се случило и со магарињата, од кои се плашеле коњите. Бидејќи тек тогаш во Елида биле донесени магарињата, со промена на генетско-географското подрачје следи привремено смалување до немање плодност на магарињата, што според мене би било поврзано со созревањето на сперматозоидите за тие да бидат способни да извршат оплодување на јајцеклетките за да има меѓуплод.

Наведеното укажува дека камилите и магарињата прво биле пренесени во Скитија, како што било и со коњската кола која била магарешка. Ова говори во Мала Азија и на Балканот немало магаре до Персиските војни, а неплодноста објаснува дека магарето во Елида било донесено во време на животот на Херодот.

Роберто Салинас Прајс, на стр. 32, наведува за 1. Море, „...и потоа: Зората во одори на шафранов цвет од Океанот...XIX, 1“.

Војтјех Замаровски[13] пиши: „На ‘цветните ливади на Арг, пасиштата на диви коњи’, Шлиман дошол по втор пат годината 1874. Пред единаесет години тука застанал кога бил на пат за Италија и Троја. Ливадите на кои во херојското доба растел шафран и ружмарин сега биле пусти и запуштени. На нив растела само мршава треба за овци“. ...

Меѓутоа, шафранот не бил балканско- малоазиско растение, туку од Арабија и нејзините соседни простори. Следи шафранот таму се употребувал за исхрана и лек, а тој оттаму се проширил и денес го има сè до со Турција,ама не и на Балканот.

Ова објаснува дека Илијада била дело од просторите на шафранот, каде било и магарето, но никако во тн.Шлиманова Троја која не е за коњ ни говедо. Па просторите за смокви и маслински не биле за говедо, никако за коњ, нити за свиња.

Еберхард Цангер, на стр. 106, кажува: „...Така говори Хомер на ‘коњскохранителниот Аргос’, Атреус се нарекува ‘хранач на коњи’, Арголис важи како ‘пребогат на коњи’ и Пилос како крај, на кого ‘коњите пасат’ “.

Наведеното не се совпаѓа со веќе кажаното, „растела само мршава треба за овци“. Исто така, тие простори не се за коњи поврзано со строежот на нозете со својата статика со јаки лигамнти и тетиви за на планини- и за да спие простум. Кога ова вака било, отпаѓа наведеното дека „...Арг, пасиштата на диви коњи“.

Како што било со Илијада, напишана по желба, исто било и со Атлантида.

Е. Цангер, на стр. 281, пиши: „...Платоновото соопштување на потонувањето на Атлантида е на египетски извори засниваната и преку грешен превод...“.

Џејмс Луис Томас Чарлмерс Спенс, познат како Луис Спенс, наведува дека од нив најистакната е Картагина, чиј план речиси е идентичен со планот на Атлантида. Навистина и Атлантида и Картагина имале рид со цитадела опкружена со зони од земја и вода, канал до морето и мостови преку зоните, утврдени со кули. Во двата случаја доковите биле под покрив, градовите опкружени со три ѕида, и двата

[13] Vojtjeh Zamasrovsky, Otkrić Troje, Epoha- Zagreb, 1965.

имале големи резерваори за снабдување со вода за пиење и бањи, двата града ги штител голем sид кон морето, кој го покривал влезот во пристанишето. (sида-дел-а)

Се кажа: „Картагина, чиј плани речиси е идентичен со планот на Атлантида“. Следи Атлантида била дело од за време на Платон, кога Картагина била таква.

Во Антлантида имало слон- тој немал врска со Белците и крвната грпа А ...

Исто така, со ’ртот Трафалгар (300 м- Гибралтарски праг, заштитник на Средоземно Море), тоа е одвоено од Атланскиот Океан со посебен растителен и животниски свет. Ова говори, дека Средоземно Море било на просторите каде живееле слон, бивол, камила и магаре, чија вода била по рекотечението на јагулата, која ја нема-ло во Мала Азија.Неа ја истражувал Аристотел-била и во Охридско Езеро...

Роберто Салинас Прајс, на стр. 114, пиши: „Се чини, дека Скамандер барал место покрај реката, го победил народот чиј тотем е кртица и на реката ѝ го дал името. Подоцна е говорено дека водите на Скамандер можат да ги оплодат жените кои се капаат во него; ама тоа е лукавство со кое се објаснува големиот морски јагули во реката, а во исто време се чини Скамандер предок на Тројанците...“.

Бранко Вукушиќ, на стр. 14, вели: „Постоечкиот систем на реки во Мала Азија...Тој, исто така, бил одушевен со нахнадното сознавање за еден наизглег неважен детал кој му дава предност на далматинската во однос на малоазиската Троја. Метафорична сцена во Илијада во која поради запалените бродови при прилика на опсадата на Троја, Скамандер проврвивува и површината му се забели од белите стомаци на јагулите сварени во врелата вода, сликовито говори за нивното големо присуство. Делата на Неретва и денес е позната по богатството на јагули од кои во малоазискиот Скамандер никоган немало !“.

Метафорична сцена на јагула во бара со висок удел органска маса која се распаѓа. Па тоа распаѓање на органската материја го троши физички растворениот кислород, порадишто рибата е принудена да се бори за кислорот од воздухот кој физички се растворува во влажните шкрги на рибата.

Метафоричната сцена ни објаснува дека јагулата не била во море или езеро туку во бара, а такво било Пелагонското Езеро кое до 1963 година останало само како Битолско Блато. Меѓутоа, историски во Мала Азија никогаш и немало јагула.

Бранко Вукушиќ, на стр. 61, има наслов: Кој се Пелазги (Пеласти) ? и пиши: „Името Пелазги се толкува на разни начини. По Хесиод тоа значи ‘најстар’, ‘оној од давнина’, што укажува на аријско потекло на Пелазгите. На Балканот се појавуваат мноштво аријски наоди вклучувајќи и еден од најдревните аријевски симболи-свастика (кукасти крст). (Овј многузначен аријевски симбол Хитлер го присвоил свртувајќи го правецот на движење на неговите краци, вместо аријевско- ведски од лево на десно). Божицата Деметра е пелазгиско божество, а нејзиното име содржи аријевски појам ‘земја и мајка’. Нејзиниот култ се јавува уште кај Винчанците, потоа Минојците, Сарматите, Илирите, односно Словените. Према Британската енциклопедија поимот Пелазги се поврзува со македонската Пелагонија. Во основ тој поим е ‘бел’, ‘светол’. Бело е еден од најсраспространети топоними на широкиот словенски простор- бела вода, бела планина, бели брегови итн. Најдревен словенски град е Бел-град, Бел-Пел, Пела- една од престолнините на илирско- словенска Македонија“. (Арбела=ар бела: ара=ора-ница; бела=вела- вели + ка = велика, Р.И.)

Да не се изум дека Пелагонија била бригиска со бригиска божица Ма: мама..., а овде се говори и само: „Пелазги се поврзува со македонската Пелагонија“.

Следи од тн.Троја на исток било Пелагонско море=езеро, а на запад висока планина Баба со Пелистер. Според градбата и статиката на нозете, Пелагонија била најговедарска, а Баба Планина најкоњарска. Како што било тоа и денес си останало.

Реките биле брзотечни и влечеле коњи. За да се потврди наведеното доказ е битолската река Курдерес=к ур дерес: к уриш дереш- како на уриш да дереш. Следи водата на уриш земјата ја дерела, а кон Црна Река и Шемница имало град Дерион. Затоа реката само рикала- река=ре ка: де + ре = дере- дери до Дерион. Таа била Скамандер=с каман дер: камен дер- Црна Река извира од камен- таа него го дери. Па река Еригон=е риг он: риг=рига; рига=рика, и=е, река која наригува земја- црна Ама и Семоенс=семенс=семнис=шемнис=Шемица. Меѓу нив се најдувала тн.Троја.

Роберто Салинас Прајс, на стр. 61, пише: „Поврзување со амброзиј за штала сугерира на печурки и арско ѓубре...мора да е местото каде се правел амброзиј; судејќи по сината светлост во пештерата Еге, на амброзиј, збор сроден на индискиот збор амбрита, за која се кажува дека е посебна роса која се сврднува во сафирот, може да биде сина печурка...го ограничува дотокот на кислорот во мозок...“.

Десно од Црна Река се најдувала,а и денес е,пештерата еге која е позната како Змејова Дупка. Исто така, постоат и денес Илинска и Плакенска Планина, итн.

Имало пелагонска равница за повеќегодишни војни, која била говедарска, а планината Баба коњарска- како Бик бил претставен Зевс, а како Пастув Посејдон.[14]

Овие до денес останале најговедарски и најкоњарски.Ова било во спротивно на Долна Македонија и источно од неа во Фригија чии простори биле и останале за маслински и смокви. И затоа нивните климатски прилики не се за говедо и коњи.

Драгослав Срејовиќ,[15] под насловот Древни балкански елементи во ликт на Марко Кралевиќ, пише: „На нашите средновековни често е претставуван еден христијанин светител на коњ- Свети Ѓорѓи....необичната сличност помеѓу иконографската претстава на овој христијански маченик и описот на неговиот лик во нашата поезија. Исто така, проучувањето внимателно на народните песни и народните преданија за Марко Кралевиќ, одма откриваме необична и изузетна сродност со Свети Ѓорѓи и преданието за него. Овие двајца ‘војници’ не ги поврзува само слична иконографска претстава и легенда туку, што посебно е важно, често поистоветување, и начин на кој овие две личности се мешаат во народните песни. Во тој смисол е карактеристична песната ‘Турците не дадоа ниту слава Божја’ (Вук, VI, 20), каде самиот Свети Ѓорија во ликот на Марко Кралевиќ се обрачунува со оние кои не дозволуваат да се пие во славата Божја. Во првобитниот облик песната сигурно не ги споменувала историските личности Ѓорѓи Бранковиќ, Кралевиќ Марко, па ни Турците тогаш сигурно не спречувале да се слави Свети Ѓорѓи. Тоа го потврдува и варијантата на оваа песна (Вук, VI, 20), каде ликот по името Дедо не дозволува да се пие вино. Првобитниот мотив на таа песна има ист смисол како познатиот крал Ликург или, поверојатно, за Пентеј, за кое се појавува едно боженство и се казнуваат оние кои се спротиставуваат на прифаќањето на неговиот култ, што јасно покажува дека овој мотив временски подеднакво е далеку и од Марко Кралевиќ и од Турците. Освен тоа, во народните преданија за детството на Марко Кралевиќ и неговите први подвизи, ‘јунак коњаник’ (Свети Ѓорѓи) секогаш се наоѓа покрај него; тој иште недораснато дете се претворува во јунак и му помогнува да

---

[14] Patifik=пативик=пат тивок; Посејдон бил Патодавател;Херодот,III-37, пише: „фојничките Патајки.

[15] Dragoslav Srejović, Iliri i Tračani, Srpska književna zadruga, Beograd, 2002.

прави надчовечки подвизи. Занимливо е да се спомне дека и манастирот Свети Арханѓел кај Прилеп- задужбина на Марко Кралевиќ- според преданието го основал коњаник, и дека се чини и денес на Ѓурѓовден луѓето од околината се околу манастирот. Ако додадеме на овие чинители дека Свети Ѓорѓи исто така е и крсно име -слава на легенарниот Марко Кралевиќ, тогаш врските кои ги оспојуваат овие двајца коњаници постануваат уште почврсти, ама со тоа и потаиствени'...'Денес поуздано се знае дека христијанскиот маченик кој живеел во III век, на најстарите иконографски престави е прикажан без коњ, и дека првобитната легенда за него за мотивот не биле борба со змев'...'Познато е дека папата Гелазиј I Свети (492-496), на соборот во Рим 494. година, го забрани житието на Свети Ѓорѓи како апокривно, потпирајќи ја својата одлука со тоа дека светителовото име не се споменува ни во месецот на словото од Картагина. Меѓутоа, тек многу подоцна...се јавил Свети Ѓорѓи како јунак на коњ кој се бори со змев...на ова подрачје кападокискиот маченик добил атрибут коњаник многу подоцна, поготово ако се има во вид архаичниот карактер на неговиот култ во кого коњот и змејот до нашите денови имаат важна улога... Делгер покажал дека потеклото на овој мотив и неговата иконографска престава на Балканот треба да се трага во преданијата од претхристијанската епоха, на паганските културни споменици...'...'Се разбира дека нашата народна поезија е најблиска и најсродна на Илијада, ...по историските и психолошки закони...Марко Кралевиќ, синот на кралот Вук (Волкашин, Р.И.), национален јунак на сите јужнословенски народи, заправо е јунак коњаник од добата пред доаѓање на Словените на Балканот...' ...". (Па за Крали Марко никаде немало словенски народи, Р.И.)

Се повторува: „Денес поуздано се знае дека христијанскиот маченик кој живеел во III век, на најстарите иконографски престави е прикажан без коњ"...„се јавил Свети Ѓорѓи како јунак на коњ кој се бори со змев...на ова подрачје кападокискиот маченик добил атрибут коњаник многу подоцна".

Со ова се потврдува дека Мала Азија не била коњарска. На Мала Азија сосед ѝ опстоила Тракија. Ама овде се кажа: „на ова подрачје кападокискиот маченик добил атрибут коњаник многу подоцна". Видливо е дека Бригија била коњарска. Бидејќи просторите на Егејско и Црно Море биле за маслинки и ниски, како што од Олимп се најдува равница, коњарски простори можеле да бидат посеверните тракиски простори, во денешна Бугарија кон Подунавјето, а никако за оние за кои е збор.

Да не се изуми дека бригиски симбол била змијата. Пак, змејот бил змија.

Кога се говори за тн.Троја, која била бригиска=брзјачка, Европјаните пишат за Тројанско потекло од Пријам. Меѓутоа, Прија била тн.словенска- никако инаку.

АТИЊАНИ ТВОРЕЛЕ НА ЈОНСКИ ЈАЗИК

Во „Херотовата историја", македонско издание, во предговорот за Хеленската историографија пред Херодот, се говори: „Посебно место во развојот на европската наука заслужува делото на Херодот...Историографијата почнува да се развива тогаш кога интересот за епот почнува да стивнува и кога Хелените излегуваат на светската сцена каде што доаѓаат во допир со источните народи, значи, на крајот на VII-от и почетокот на VI-от век п.н.е., и тоа кај оние Хелени кај кои се развил и епот, т.е. кај малоазијските Јонци, се разбира под влијание на староисточната култура. Тие, од една страна, имале смисла за наблудување на надворешниот свет и ја

негувале раскажувачката уметност...Јонија. Со својот социјален и економски развој јонските градови, посебно Милет, биле далеку понапредни во споредба со полисите на Балканот...Од постарите логографи како најзначајна фигура се јавува Хекатеј Милеќанецот, кој напишал дело во две книги, резултат на неговите патувања; носеле име Опис на земјата, а во него била поместена и географската карта, една од првите. Другото дело се викало Генеалогија, и во него се опишувале родословија на луѓе за кои се мислело дека водат потекло од боговите. Во тоа време имало многу жив интерес за генеалошкото истражување. Најзначаен од помладите логографи бил Хеланик Лезбјанинот, кој живеел приближно во исто време кога и Херодот и пишувал исто така на јонски дијалект, иако неговиот мајчин јазик бил ајолски...борбата меѓу хеленскиот републиканизам и персискиот монархиски деспотизам... затоа што тоа изобилство на граѓа го средува и расчленува според едно единствено историско гледиште, а тоа, во случајот, се Хеленско-персиската војна“

Милан Будимир, во насловот Извори и источници, истакнува: „И уште два примери на неразбирање на грчкиот оригинал. Првиот се однесува на ѓавол, кој е забележан како ‘опаѓач на родот човечки’ (лат. Calumniator generic humãni), како нечастивиот ги поткажувал првите луѓе. Постарите преведувачи, почнувајќи од Јероним, исто како и поновите, го сматрале грчкиот јазик на Светото писмо изразит класичен, па се држеле на речникот Платонов и Ксенофонтов, не знаејќи дека се работи за хеленистички општ дијалект, викан κοινη. Во тој дијалект διαβολος- ѓавол значи варалица. Друг е случај уште поинтерсен: православните христијани многу држат до својот епитет, мада грчкиот оригинал ορθοδοξια не значи православие, нити има ма каква врска со било која слава, туку значи напросто правилно мислење и расудување“.

Овде се говори за „грчкиот јазик на Светото писмо“ и „па се држеле на речникот Платонов и Ксенофонтов“.

Па се разликуваат народен (варварски=пелагиски) јазик и грчки јазик коине.

Токму овде се говори за јазикот на Платон и Александријски јазик коине.

Милан Будимир, во насловот Балкански корени на европската писменост, вели: „Можда не е пука случајност...Така и први ученици на старите Грци, Римјаните, од етрурските господи и трговци го презеле алфабетото, веројатно од оние грчки колонисти чија азбука го сочувала јонско- атичкото ‘ето’ во стариот облик и во старата функција, како глас **х**...“. (Се говори само за „јонско- атичкото“, Р.И.)

„На основ на тие подударности...Грчкиот јазик имал услов да се развива истовремено во обата правца на духовната активност, во научен и во уметнички. Изузетна способност негова, која ја наследил од своите индоевропски предци, лежи во тоа што може неограничено да склопува и слогува нови зборови, и тоа секогаш јасни и прегледни сложеници, како што не можат да се замислат во латинскиот книжевен јазик. Едино Платоновиот вулгарен говор чини изузеток во тој правец...“

Стои: „Едино Платоновиот вулгарен говор“.Па тој бил народен, но не коине.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, вели: „Седум градови...Место како Змирна и Атина, обете се негрчки имиња, се споменуваат готово во сите варијанти, Од тој разлог, и поради чинителот дека книжевниот јазик на кој е напишана Илијада претежно е вештачка мешавина на јонски и ајолски дијалект, сматраат денес учените стручњаци дека песникот на Илијада е роден во Змирна, бидејќи во тој крај се доселиле најпрво ајолски Грци, кои подоцна

према север ги потиснале јонските Грци. За Змирна како родно место Хомерово би говорел и надимокот Мелесигенес, кога поуздано би знаеле дека тоа име му припаѓа на Хомер“.

Се говори за „вештачка мешавина на јонски и ајолски дијалект“.

„Дека навистина нешто е работено во Атина со Илијада покажува во прв ред она веќе споменат чинител, кој го утврдил лингвистот J. Вакернагл и кој може и денес и секогаш секој стручњак да го провери. Тоа е атичката и атинската површина и политура на епскиот книжевен јазик, така викан најстар грчки κοινη (заеднички дијалект), кој ни пружа текст на садање Илијада. Можда подобро да се рече мешавина на дијалектите својствен на епската поезија, на која се наставувале и најстарите прозни писатели. Во таа мешавина готово секогаш можеме да разликуваме јонски покрај ајолски, а се најдува и понекој дорски облик...“.

Се говори „Во таа мешавина готово секогаш можеме да разликуваме јонски покрај ајолски, а се најдува и понекој дорски облик“.

Стои за дијалекти, а коине не бил еладски туку само Александријски јазик.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, вели: „Има кудители кои најповеќе приговоруваат на досадните колења...Постарата Илијада или Ахилеида, онаа вистинската, би била во херојски стих испеана, или можда и напишана во јонски дијалект. Можда, мислат овие стручњаци, тек некој трет вешт човек сè тоа го слепил и скрпил во денешна Илијада, оставајки ипак подоста траги на својот крпеж“.

Се говори: „напишана во јонски дијалект“.Па во Атина на јонски се пишело.

Роберто Салинас Прајс, на стр. 134, во фуснотата, вели: „Треба јасно да се сфати...да се објасни Илијада и Одисеја со обsир на податокот дека Хелада не знаела за писмо до после 750. г.пред н.е.“.

Бранко Вукушиќ, на стр. 20, кажува: „Салинас мошне критички ја истакнува улогата на Грција во присвојување на целокупното тројанско наследство, кое почнало уште во античко доба со преведување на Илијада и Одисеја од ‘непознат јазик’ на грчки и превземање на наследството на грчкиот од страна на Римјаните“.

Бидејќи тн.Троја била бригиска, говорот бил бригиски- најстар говор- според египетскиот крал Псаметик (VII п.н.е.), Бригите се постари од Египјаните, ф=б.

Како што тогаш било и сега си останало- еднина: 1 лице м (јас сум); 2 лице с (ти си); 3 лице ет (тој ет). До денес во Бригија=Брзјакија се говори со ет: (ет - т = е).

J. Bleicken,[16]стр. 202, пиши: „...На крај во 5. ст.пр.н.е. тв. темносин алфабет, со кој се пишело во Милет (јонски алфабет) ги истиснал останатите и постанал заедничко писмо на сите Грци. На тоа не придонело само стопанството, туку во прв ред во архајското време неспорната културна надмоќ. Милет како средишен град на малоазијските Јонци (Атина, во која дотогаш се пишело со светлосин алфабет, го презела темно-синиот 403. г.пр. н.е.)...“.

Се кажува што во преговорот на македонски во Херодотовата историја стои:

„Најзначаен од помладите логографи бил Хеланик Лезбјанинот, кој живеел приближно во исто време кога и Херодот и пишувал исто така на јонски дијалект, иако неговиот мајчин јазик бил ајолски“.

Се продолжува со Делото на Херодот: „Новелистичкиот стил на Херодот... Што се однесува до јазикот, Херодот се јавува како претставник на јонскиот дија-

[16] Die Weltgeschichte, Verlag Herder KG Freiburg im Breisgau 1971-на хрватски Naprijed Zagreb 1976.

лект, уметнички стилизиран со додавање на старојонски елементи од Хомер, но и на други поетски изрази и понекогаш атицизам“.

Се кажа: „на јонскиот дијалект, уметнички стилизиран со додавање на старојонски елементи “, но никако на атички дијалект на кого не се пишело-бил беден.

I-142. „Тие Јонци кои влегле во Сејонскиот сојуз, ги имале изградено населбите на места со најблагопријатна клима на светот, за коишто знам јас. Имено, ниту краиштата погоре од Јонија ниту оние подолу не се исти како таа област, а ниту на исток ниту на запад. Едните ги мачат студ и влага, другите жештина и суша. Јазикот не им е ист, туку се формирале четири наречја. Од градовите Милет е прв што лежи од јужната страна, а потоа се Мијунт и Приена. Тие се наоѓаат во Карија и ним говорот им е ист. Овие, пак, се во Лидија: Ефес, Колофон, Лебед, Теос, Кла-somени и Фокаја. Овие градови во однос на јазикот воопшто не се исти со претходно споменати градови, а меѓусебно зборуваат исто. Остапуваат уште три јонски града, од кои два се наоѓаат на острови, на Самос и на Хиос, а еден е изграден на копно, Еритри. Хијците и Еритрајците зборуваат исто, а Самијците се со осамено наречје. Тие се со осамени наречје. Тие четири наречја се со посебни обележја“.

149. „Ајолски, пак, градови се овие: Кима, наречена Фриконска, Лариса, тврдината Неон, Темн, Кила, Нотиј, Ајгејруса, Питана, Ајгаја, Мирина и Гринеа. Тоа се единаесетте стари ајолски градови, зашто еден од нив, Смирна, им го одзеле Јонците. Имено, на копно и тие биле дванаесет. Тие, пак, Ајолците, наишле на плодородна земја од Јонците, но климата не е толку пријатна“.

Кај Улрих Вилкен,[17] на стр. 61, стои: „Доколку тоа се прави сега, Филип... Примерот на Архелај беше следен од Пердика, кој на дворот се здружи со платонистот Ифро и од него ја научи геометријата и филозофијата. Филип привлече многу истакнати Грци на својот двор. Тој со успех ја реализира идејата, поканувајќи го Аристотел да го воспитува наследникот на престолот и презеде чекори за големо приспособување на елинската култура во својата сопствена земја: го воведе јазикот на Атина во врховниот суд, како и во администрацијата и при формирањето на својот милитаристички систем ги следеше грчките модели. Иако се познати само мал број резултати од овие напори, сепак тие јасно покажуваат на неговата главна намера: да се интензивира елинизацијата на својата земја“.

Бидејќи во Атина јонски се пишело, истото било преземено од Филипа.

Дионисиј наведува: „Јазикот со кој се користат Римјаните, не е наполно варварски, ниту пак апсолутно грчки (хеленски, Р.И.), но претставува мешавина од двата, поголемиот дел е истоветен со еолското наречје“. Од ова произлегува дека Римјаните говореле со јазик кој „поголемиот дел е истоветен со еолското наречје“. Се гледа дека јазикот бил еолско наречје кој бил хеленски, а Хелада била Пелазгија. Кон ова да се надоврзе и она што рекол Херодот: „Еолците биле и се нарекувале Пелазги“. Бидејќи пелазгискиот јазик бил варварски, овде во игра се вклучени само три говори на пелазгискиот (варварскиот) јазик кои како говори меѓусебно биле разбирливи.Овде е чудно,зошто поимот варварски се употребува за говор. Истото се случило и за поимот пелазгиски. Ова говори дека постепено старите поими се потискале, а нивното место го заменувале со други. Токму во ова време немало латински јазик. Па латинскиот јазик следел само после коине- во III век п.н.е.

Да не се изуми дека во Италија живееле Венети... со својот варварски јазик.

---

[17] Улрих Вилкен, Александар Македонски, Мисла, Скопје, 1988.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, кажува: „Веќе напред ги додирнавме некои прашања кои се со нив во врска. Сме ја поставила работната хипотеза дека Хомеровата Илијада, песна за смртта и љубовта, која ја читаме во сегашен облик, конечен утврден најмалку пред дваесет два века, дело на еден един песник, дека тоа дело е напишано и према тоа постанало не многу пред почетокот на VI в. ст. е, и тоа во оној крај грчки каде постанала и атичката трагедија, во самата Атина. По своја прилика, тоа била онаа Атина која е обележана со Солоновите реформи и Пејсистратовата тиранија...“.

Илијада била напишана во VI век п.н.е., „која ја читаме во сегашен облик, конечен утврден најмалку пред дваесет два века“.Ова се случило само во Александрија, и тоа на Александријскиот јазик коине, повод да настапат збрки со јазикот.

Х.Џ. Велс,[18] на стр. 205, пиши: „Со оваа прилика...со кои располагале писателите во Александрија...Денес, додека ова го пишеме, одма при раце ни се: две енциклопедии, речник, атлас на светот, биографски речник и други помошни книги. Овие додуше уште немаат ивични, од страна извлечени ознаки на содржината (како поедини книги кои му служат на книговодството), ама можда тоа и во наше доба е уште рано да се бара. Во светот пак таму околу 300. година пред Христа не можело да биде ни говор за тоа. Та во Александрија тогаш се работело на составување на првата граматика и првиот речник. Во наше доба книгата, каква, да речеме се најдува пред нас, прво се напишува како ракопис; тој ракопис потоа му се дава на некој точно да го препише на пишачка машина; така добивате чист и прегледен текст, кој до миле волја можете да го прегледате, исправувате, преправате, па да се даде, вака изменет, поново да се ‘пречука’ начисто на пишачка машина, да ако устреба, и поново да го преправи. Вместо сѐ тоа, александријскиот писател имал да го испише или диктира одма секој збор ‘начисто’ во конечната книга...“.

Се истакна: „Во светот пак таму околу 300. година пред Христа не можело да биде ни говор за тоа. Та во Александрија тогаш се работело на составување на првата граматика и првиот речник“.

Значи, коине бил од „околу 300. година пред Христа“. Само потоа се пишело директно на коине или преведувало на тој Птолемејов јазик, а никако порано.

Коине имал датив,а во Елада немало/нема датив- коине не бил еладски јазик.

На стр.24 стои: „‘Платоновиот вулгарен говор‘ и ‘грчкиот јазик’-два јазика“.

Бранко Вукушиќ, на стр. 46. истакнува: „Историски...Од Пизистрат до денешната званична верзија, која е направена во Александрија во III век с.е., биле повеќе воглавно грчки доработки на Илијада. Аристотел располагал со другчија верзија од раната позната. Платон во својата ‘Република’ моли за опростување на Хомер што се бришани некои места ‘кои ги навредуваат моралните чуства на Грците’, со што се подразбира дека ни за него Хомер не бил Грк...“. (тн.Грк=Хелен, Р.И.)

Се кажа: „денешната званична верзија, која е направена во Александрија во III век с.е.“.Ова говори, дека Илијада биле преведена само во III век п.н.е. на коине.

Лукијан од Самосата, „Како треба да се пишува историја“, напишана 165/6 година, под 21. вели: „И следнава грешка не е мала, па мислам дека заслужува да се одбележи. Историчарот просто се мачи да пишува на чисто атичко наречје, да го прочисти својот јазик, па нашол дека треба и римските имиња да ги преправи во хеленски...“. Па имало само хеленски јазик (коине) и атички говор, но ништо грчко.

---

[18] Herbert George Wells,THE NEW AND REVSED OUTLINE OF HISTORY-1931,Народно дело-Белгр

Со наводот се потврдува, во Елада во II век во употреба бил само атичкиот говор, кој бил варварски=пелазгиски=тн.Хомеров=тн.Платонов=тн.словенски.

Значи, понатамо во римско време се пишело на пелазгиски=тн.словенски јазик. Ваков бил и Аријан (II век н.е.). Следи тој „Индиската историја“ ја напишал на јонско наречје, иако тој ги познавал коине и латински. Пак Плиниј говори за пасивната согласност на луѓето била првата причина за употреба на јонската писменост.

Се заклучува, на јонското наречје се пишело, но не на Птоломејовиот коине.

Народот понатаму си говорел на варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

За да се потврди дека јонски говор бил пелазгиски=тн.словенски се додава блискоста на македонскиот современ јазик со Хомеровиот јазик во постарите лексички наслојки во Хомеровиот еп „Илијада“. Ова уште во далечната 1815 година го константирал германскиот лингвист Л. Ф. Пасов, а веќе во 1845 година неговиот труд за Хомеровата лексика е преведен на англиски од Х. Џорџ и објавен во Њујорк.[19] Во својот труд Пасов утврдил дека голем слој на Хомеровата лексика во „Илијада“ ѝ припаѓа на лексиката од словенскиот јазичен сојуз- тој бил само пелазгиски.

Бранко Вукушиќ, на стр. 62. наведува: „Према Британската енциклопедија поимот Пелазги се поврзува со македонската Пелагонија“.

Јустин, „Македонците биле со потекло еден пелазгиски народ“.

Херодот пиши: „...Пелазгите говореле варварски јазик“, како и ...Платон...

Историчарот Приск (5 век), кој го опишувал пратеништвото од Константинопол кај Атила 448 година, напишал: (Жителите во Панонска низина, Р.И.) „мешајќи се со разни народи го научиле готскиот, хунскиот и латинскиот, а меѓу себе го говореле својот варварски јазик“.

Следи народен јазик бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски, кој бил тн.Хомеров,на кого говорел и Платон.Бидејќи никаде го нема коине,тој никогаш не бил во употреба на Балканот. Коине станал христијански јазик- латински службен.

Бидејќи Атињаните не го прифаќале христијанството, коине никогаш не бил еладски јазик, затоашто во Елада се говорело повеќе говори- во Атика атички, а се творело на јонски јазик, но никогаш на коине. Следи коине станал важен само како христијански јазик, а во Атина не се прифаќало христијанството. Па ова било повод што Јустинијан во 529 година ја затворил Платновата- Повеќебожната академија.

Па коине како повеќебожен јазик бил само хеленски јазик. Следи и Евреите како Еднобожци во Александрија го прифатиле коине и се изјасанале Хелени. Исто и Еладците како нехристијани биле Хелени,дури Русите како Повеќебожци Хелени.

Стјепан Антолјак,[20] на стр. 11, пиши: „Сепак, главен извор за историјата на македонските Словени кон крајот на VI и VII век се т.н. Miracula s. Demetrii, I и II.

Првата збирка на ‘Чудата на св. Димитрија’ по сѐ изгледа ја составил солунскиот митрополит Јован, кој живеел на преминот од крајот на VI во VII век...

Miracula II е збирка од ‘6 чуда’ и таа е продолжение на Miracula I, со таа разлика што овде секое опишано чудо претставува повеќе или помалку значаен настан. Се претпоставува повеќе или помалку значаен настан. Се претпоставува дека авторот на Miracula II е припадник на нижиот црковен клер во Солун, зашто тој анонимус, не знае да се изразува, не пишува со изграден стил како архиепископот Јован. Делото е полно со податоци за словенски племиња во Македонија и Елада,

[19] L. F. Passow, Lexicon of the Greek Language, 1845.
[20] Стјепан Антолјак, Средовековна Македонија, Мисла- Скопје, 1985.

кои не само што пљачкосуваат туку неколку пати се обидувале да го заземат и Солун. На пример, дознаваме како Драговити, Сагудатите. Велегезитите...“.

Се истакна: „не знае да се изразува, не пишува со изграден стил“. Ова говори дека на анонимусот народен јазик му бил варварски со својот варварски стил. А варвари биле Склавините, како што биле Драговитите, а реката Драгор била бригиска=брзјачка. Па на Драговитите и Брзјаците народен јазик им бил само варварски.

Винкелман и Гомолка- Фукс,[21] стр. 37, пишат: „Од VII до IX век античкото образување имало најмало влијание. Царот Константин Порфирегенотос (913 до 959) опишува, дека тој во манастирот пронашол ракопис на највисок военслужбеник на царството на крајот на IX век, на мигистросот Леон Катакилас, можен роднина на високообразованиот Фотиос (858 до 867 и 877 до 886 патријарт од Константинопол). Книгата покажува, дека магистросот немал грчко образование. Неговиот стил бил варварски, полн со јазични грешки и несреден. Додуше писателот бил побожен човек, кој неговиот живот го обавувал по христијанските морални идеали“.

Следи да се говори за тн.грчки(коински) сложен и варварски (народен) стил.

Х.Н.Брејлсфорд,[22] на стр. 275, наведува: „Грците...Но оваа нација на лингвисти, наследници на говорот на Атика/Attica/ сепак сé уште нема јазик со кој да се изрази...“. Ова говори дека „немало наследници на говорот на Атика/Attica/“, кој бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски. Според географските поими во Елада, се заклучува-ло дека таа биле тн.словенска, а Еладците одродени тн.Словени.

Во прилог на ова и е пишувањето на Фалмерајер- Хелените биле одродени Словени. Ова било само поради тоа што се мислело дека коине бил еладски јазик.

Меѓутоа, коине бил само Птоломејов Александријски јазик- и христијански.

Оболенски пиши: „а Константин Порфирогенет, опишувајќи го Пелопонез непосредно после 934 година, вели дека поголемата чума од 746-747, ‘целата земја била словенизирана и станала варварска’ “. Овде кај него е склавинска=варварска. Исто така Оболенски наведува: „Кон крајот на дванаесеттиот век Михаил Хонијат учениот атински митрополит, понижен од откритието дека неговата паства од бедните селани кои зборуваат на народен јазик, не ја разбираат неговата блескава престава за старите Грци, ги запишал следните значајни зборови: ‘После долгиот престој во Атина и самиот станувам варварин’ “. Свети Јован наведува: „Учењето на рибарот што прави шатори блеска на нивниот варварски јазик повеќе од сонцето“. Во прилог се наведува и Меморандумот за античките граници на Грција од мајорот Ј.С.Ардаф, С.Б., Р.Е. 24 февруари 1881 година. Тој пиши: „Оваа заедничка одбрана довела до сегашна употреба на еден општ јазик, грчки, но останатите од Амфилокијанците сé уште се Варвари“.Следи Кораис во 1850 година создава еладски јазик, службен само од 1868 година. Катаревуса бил со датив и генетив, но не димотики.

Овде народен јазик бил само варварски=пелазгиски. Оболенски наведува дека во Грција „денес се сведува на прилично големиот број на топоними со словенско потекло“. Ова го потврдил и Макс Фасмер итн. Истото го потврдиле и други.

Фалмерајер (1830) потврдил дека во Елада се говори со тн.словенски акцент, како и дека Еладците биле словенизирани Хелени. Па таа е со тн.словенски имиња.

---

[21] Fredlhelm Winkelmann • Gundrun Gomolka- Fuchs, Frühbyzantische Kultur, Büchergilde Gutenberg, Frankfürt am Main, Wien 1990 1987, © Edition Leipzig 1987. Printed in the German Demokratic Republic

[22] Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија, Второ издание, Кулура- Скопје, 2003.

Следи има разлика меѓу дворасниот јазик коине и еднорасниот пелазгиски.

ТН.СТАРО-ГРЧКИ (КОИНЕ) АЛЕКСАНДРИЈСКИ ПТОЛОМЕЈОВ ЈАЗИК

Историски било познато дека во Египет сè до со Месопотамија живееле две раси: Белци (Пелазги) и Црнци (Семити). Пелазги биле Сумери, а Црнци Акадци.

Еберхард Цангер, на стр. 127, наведува слика: Нубискиот народ за време на египетското ново царство како единствен потполно е претставен со црна кожа. Посебно е карактеристичен на Нубиецот неговиот голем златен ушен прстен.

Бидејќи во книгата се користи и книгата на Херодот, еве од него и прилози:

II-104: „Излегува дека Колхите се Египќани. Тоа го зборувам доаѓајќи самиот тоа да го заклучам, уште пред да чујам од други. Бидејќи сакав да разберам, ги прашав и едните и другите, и се покажа дека повеќе Колхите се враќаат во спомените на Египќаните отколку Египќаните на Колхите. Египќаните рекоа дека тие ги сметаат потомци на Сесостридовите војници. Јас самиот заклучив и по тоа што тие се со темна кожа и кадрави коси. Па и со тоа не се доаѓа до којзнае што; и други има такви. Поголем доказ е тоа што единствено од сите народи Колхите, Египќаните и Ајтиопите отсекогаш си ги обрежувале срамните делови. Фојничаните и Сиријците, оние во Палајстина, самите признаваат дека тоа го научиле од Египќаните, додека Сиријците што живеат околу реката Термодонт и реката Партениј, а и Макроните, што се нивни соседи, велат дека не многу одамна го примиле тој обичај од Колхите. Од сите луѓе на светот единствено тие се обрежуваат, па изгледа дека тие всушност го прават истото тоа што го прават и Египќаните. А од овие два народи, Египќаните и Ајтиопите, кој од кого го научил, не можам да кажам. Во секој случај, тоа е еден стар обичај. А дека тоа другите народи го учеле кога доаѓале со Египќаните, за тоа имам голем доказ. Имено, сите оние Фојничани, кои тргувале со Хелада, веќе не го прават тоа што го примиле од Египќаните. Тие не ги обрежуваат срамните делови на децата што им се родиле подоцна.

105. И друго да кажам сега за Колхите, во што се слични со Египќаните. Единствено тие ленот го обработуваат како Египќаните и, воопшто, во начинот на живеењето, а и во јазикот се слични едни на други. А колхишкиот лен Хелените го викаат сардонски, а оној што доаѓа од Египет се вика египетски“.

„110. Сесострид евединствениот египетски крал кој завладеал со Ајтиопија... Сесострид покорил и други народи, не помалку од него, меѓу кои и Скитите...“.

Овде се разликувале Египќани Белци со закосени очи, како што биле Сумерите, и Колхи Црнци какви што биле и Акадците. Па со Колхите и Монголите се донела традицијата на канибализам во Скитија, што може да се чита и кај Херодот.

III-12: „Откако се распрашав кај тамошното население, видов многу необична работа. Имено, коските на оние што паднале во таа битка беа расфрлени, но одвоени на едните и на другите (коските на Персијците лежеа одделно како што биле од почетокот одвоени, а на друга страна беа на Египќаните), и видов дека черепите на Персијците се така слаби, што ако фрлиш само со камче, можеш да ги продупчиш, додека на Египќаните се така некако цврсти што и со голем камен да замавнеш, одвај би ги скршил. Причина за тоа, рекоа, е тоа што Египќаните- и, што се однесува до мене, јас лесно им поверував- почнувајќи уште од деца, си ги стрижат главите и коската, изложена на сончеви зраци, се стврднува. Благодарение на тоа,

тие и не ќелават. Имено, во споредба со другите народи, најмалку можеш да видиш ќелави мажи меѓу Египќаните. На тоа се должи, значи, цврстината на нивните черепи. А што кај Персијците черепите се слаби, ова е причина: од мали главите им се покриени зашто ги носат тие капи, тријарите. Дека е тоа така, видов. А тоа истото го видов кај Персијците и кај Папремис, каде што загинале заедно со Ахајмен, синот Дарејев, во борба со Либиецот Инар“.

Коските на Црните тогаш, како и денес, се подебели-почврски од на Белци.

„19. Бидејќи Камбис решил да прати разурнувачи, веднаш испратил по Ихтиофагите од Елефантина, луѓе што го позмаваат ајтиопскиот јазик...“.

„101. Полов однос на сите овие Индијци за кои зборувам имаат јавно, како животни. Бојата на кожата им е иста на сите, најслична на бојата на Ајтиопите. И нивното семе, она што мажите го испуштаат во жените, не е бело како кај другите луѓе, туку е црно, каква им е кожата. Такво семе испуштаат и Ајтиопите. Тие Индијци живеат на поголема оддалеченост од Персијците и се кон југ. Тие никогаш не биле под власта на Дареј“.

VII-69: „Арабите...Арабите и Ајтиопите, кои живееле отаде Египет, ги водел Арсам, син на Дареј и Кировата ќерка Артистона, која Дареј ја сакал најмногу од сите свои жени па заповедал нејзиниот лик да му го излеат од злато. Значи, на оние Ајтиопи што живееле отаде Египет и на Арабите им заповедал Арсам.

70. Ајтиопите кои живееле на исток (во походот учествувале две ајтиопски племиња) биле во ред заедно со Индијците, а од другите Ајтиопи не се разликувале во ништо друго освен во говорот и косата; источните Ајтиопи имаат права коса, а оние од Либија- најкадрава коса од сите луѓе на светот. Тие Ајтиопи од Азија биле вооружени главно како Индијците, но на главата имале кожа одрана од челото на коњи, заедно со уште и со гривата. Гривата им служеле како гребен на шлем, а ушите од коњите стоеле цврсто исправени. Наместо штитови пред себе држеле кожи од жерави“.

Следи Индијците и Црните биле заедно во војни редови, но не со Белците.

Секој раса си била еден народ со свој јазик. Следи истовремено на исти огласници (камења...) да се пиши одвоено на двата јазика, а потоа се дошло и до заеднички дворасни јазици. Такви биле арамејски и староегипетски-историски битни.

Да се додаде дека новоперсиски немало до 515 г.п.н.е.- коине од 300 г.п.н.е.

Харолд Ламб, на стр. 274 пиши: „Веќе имал средство за општење; грчкиот јазик кој со општопознатиот трговски говор коине што го разбирале на исток сè до Вавилон. Од Вавилон на исток персискиот, јазикот на судовите и на трговските центри, бил општо средство за општење. А научниците што ја подржувале војската откриле сличности меѓу двата јазика. Сега веќе македонските водачи го употребувале грчкиот јазик во секојдневните разговори. Некои помлади офицери како Певцест брзо го совладал персискиот. Тие можеле да читаат авеста, светото писмо на јазикот на Зенд или староперсиски, кое раскажувало за вселенски битки меѓу две сили, оние на доброто и на злото, во кои поединец морал да се бори за спас ...“.

Ламб го употребувал Епир, како доказ дека тој ја користел книгата на Руф. Тој дури во глава XV- Крилјата, сонцето и царството, на стр. 274 пиши за коине, а книгата завршува со стр. 451. Ова говори, коине бил азијски јазик и од 300. г.п.н.е.

Бидејќи староперсиски бил пелазгиски, тој бил разбирлив. Напротив, новоперсиски бил содададен од арамејски. Па затоа новоперсиски и коине биле слични.

Во прилог на ова, во Поговор за Наследниците, Х. Ламб, на стр. 421. вели:

„Грчкиот јазик станал јазик на дворците на наследниците, заменувајќи го македонскиот дијалект, како што коине станал жаргон на трговците, така што како што минувало времето наследниците се стремеле да станат владетели на одделни држави, поврзани со грчката култура која ќе се издигне над азиската. Македонско-иранската фузија кој која стремел Александар незабележливо се менувала во грчко-азиско општество, доминирајќи во она што е познато како елинистички свет“.

Следи коине „станал јазик на дворците на наследниците“. Ова говори, дека тој бил само по смртта на Александар Македонски. Коине бил сличен на персиски.

Кај Улрих Вилкен, на стр. 334, стои: “Низ сите овие влијанија...Во најголемиот развој на Египет, наспроти можеби седум милиони Египќани, немаше речиси ни милион Македонци и Грци...“

„Другата тешкотија...особено се однесува на нивниот јазик зашто и покрај ширењето на грчкиот, тие го зачуваа својот, со исклучок на еврејската заедница...“.

Стр. 336: „Наспроти овие контрасти...Грчкиот јазик и живот се шириа и во различните населби на Птоломејците...

Проширувањето на грчкиот јазик меѓу образованата горна класа на ориенталците во новофомираните градови на Исток веројатно беше под влијание на фактот што грчкиот јазик стана официјален јазик на империјата, јазик што судските управи го употребуваа во своите прокламации. Исклучок претставуваше кога за државен интерес сите потчинети мораа да се запишат на документи кои се преведуваа и на месниот јазик отпечатени покрај грчкиот текст, како што беше забележано во Египет. Според тоа, горниот круг на ориенталци, кои беа во тесна врска со грчките службеници, или беа амбициозни да стекнат кариера за себе, наскоро го научиле грчкиот јазик како додаток на нивниот мајчин јазик, без да се откажат од својот. На пример, во Египет свештениците во почетокот го употебуваа грчкиот јазик кога имаа врска со службениците, бидејќи тој беше официјален. Несомнено, ориенталските трговци и занаетчии веднаш започнаа да го учат официјалниот јазик од трговски причини. Евреите во заедницата многу брзо го прифатија светскиот јазик и толку интезивно што во третиот век во Египет требаше да се преведува Светото писмо на грчки, бидејќи во јавната служба верниците не можеле да го разберат и оригиналниот еврејски јазик.[23] Така, се појави Септуагинт, грчкиот превод на Стариот завет, во третиот и вториот век, а и елинстичка еврејска литература. Но овој елинизам беше само надворешна фасада. Всушност, Евреите останаа Евреи, верни на својот закон и се конфронтираа со паганците, независно што макабанското движење беше возвишено. Подоцна имаше комфликти во многу места меѓу Евреите и Грците. (Евреи=Еднобожци и Хелени=Повеќебожци, Р.И.)

Дури и кај втората генерација по Александар можеа да се најдат некои истакнати ориенталци, кои беа толку многу целосно елинизирани што пишуваа книги во грчката литература на грчки. Еден од нив е Берос, свештеник од Мардук во Вавилон, кој се посвети на Антиох I, книга на старата вавилонска историја што тој ја напиша на грчки, употребувајќи клинестоформни преданија. Другиот е Мането, египетски свештеник кој во периодот на Филаделф напиша египетска историја на грчки, врз основа на преданијата за египетските храмови. Овие книги на Берос и Мането се многу интересни докази за победата на елинизмот, зашто порано ни Ва-

[23] Евреите не го разбирале арамејски јазик на кого било пишено Светото писмо,а тек потоа на коине.

вилонците, ни Египќаните, иако оставија вредни летописи и слично, не мислеа да пишуваат историја на својата земја во смисол на грчката историографија“.

За да се потврди дека коине бил Александријски Птоломејов јазик е дативот, кој го имале Бригие, а Бриги биле Птоломејците. Напротив, Пејонците, Долномакедонците, Тесалците... и Еладците го немале дативот, дури се одбегнува и генетив.

И ова било повод да се одбегне дативниот јазик кататревуса со понароден.

Стр. 340: „Влијанието на Александар...но освојувањето на Рим од елинизмот -а тоа е она што е вредно во историјата на светот никогаш немаше да заземе место какво што го имаше, без да се создадат услови за тоа. Бидејќи во период на кралевите на Рим беа преземени многу елементи на грчката култура преку грчките градови во Долна Италија, прва азбука, потоа култот на боговите, уметноста и некои законски норми- сепак тоа беше само капка во споредба на широкиот поток, со кој во голема мера од средината на третиот век пред н.е. грчката култура го засити римското општество. Почетокот на овој процес започна во 240 година, една година по победоносниот крај на Првата пунскја војна, кога грчкиот слободњак Ливиус Андроникус од Тарентум првап направи латински превод на грчко умерничко дело за римските игри. Има две работи карактеристични за Рим во оваа смисла. На прво беше Сенатот по чии наредби беше изведено делото. Многу значајно е да се одбележи дека овој чекор дојде официјално од власта. Ако се знае дека беше Сенатот кој пред дваесет и осум години ги иницира сребрените пари со кои ја воведе римската трговија во елинистичката трговска зона, многу е значајно што истиот Сенат сега го нареди изведувањето на грчкото дело. Тоа го оправдува постоењето на програма за културата, паралелно со економската програма. Сега се бараше спојување со елинистичкиот свет преку интелектуалната сфера. Затоа изгледа легитимно да се каже дека елинизирањето на Рим го пресоздаде животното дело на Александар. Ако грчката култура не постигнеше широка светска позиција, Сенатот немаше да согледа и да ја воведе во Рим.

Второ, тоа беше највисок дострел кога беше направена грчка претстава на латински јазик. За идната историја на Европа тоа беше важен момент што Римјаните, откако ја презедоа грчката литература, го прифатија латинскиот, односно својот мајчин јазик. Оваа независност што Римјаните ја задржаа против странската култура ги разликуваше од ориенталнските народи, а одговара на нивната силна и горда национална самосвест, во што лежеше тајната на нивната извонредна моќ. Но, бидејќи од почетокот грчката поезија се задржа на латински, латинската проза сè уште не беше развиена и првите имитации на грчка прозна литература во Рим беа на грчки јазик. Првиот Римјанин кој имаше намера да напише римска историја, Фабиус Пиктор- римско копие на Берос и Мането- на крајот на третиот век го напиша своето дело ‘Летопис’ на грчки јазик, а така направија и неговите следбеници. Като постариот во вториот век беше првиот кој состави латинска историја во своето дело ‘Оригиналност’. Оттогаш па наваму Римјаните ја пишуваат својата проза само на латински јазик“.

Се кажа: „го прифатија латинскиот, односно својот мајчин јазик“. Пак, латински никогаш не бил било каков мајчин јазик туку само едно: „копија“ на коине.

Стр. 348: „Дури и пред националната реакција на Сасанидите против елинизмот, Римјаниите му задоаа смртен удар на источниот елинизам со срамното уништување на грчкиот град Селеукија на Тигар, што го изгореа до темел во 164

година во текот на војната кај Верус со Партијците. Со оваа голема несреќа Грците ја загубија тврдината зад реката Еуфрат. Грчкиот јазик имаше интенција да исчезне, а арамаичкиот, кој веќе имаше широка распоространетост за време на Ахеменидите, сè повеќе се ширеше. (арамаичкиот=арамејски, Р.И.)

И на други места, исто така, ориенталските јазици, кои никогаш не постоеја во земјата надвор од грчките градови, на крајот го истиснаа грчкиот. Во Сирија, арамаичниот јазик беше толку силен во текот на целиот селеукиден период, што под империјата беше познат како сириски јазик и стана важен литературен јазик, кој можеше да се најде особено во службата на христијанската црква, а кој исто така остави световни дела како што е Сириско-римскиот законик, од кој се гледа дека во Сирија, покрај римскиот, и грчкиот закон имал свое место. Губењето на елинизмот е означено со факт што исчезнаа македонските имиња на градовите, а им се дадени старите домородни имиња. Така, Алепо и Ако ги зедоа своите стари имиња, а нивните елинистички имиња Берој и Птоломеј беа заборавени.

И во Египет домородниот јазик на крајот победи во споредба со грчкиот. Последниот грчки папирусен текст- арапско-грчки билингвијален- припаѓа на десеттиот век. Бидејќи најстариот папирус е од времето на Александар, а тоа е голем период- околу 1300 години- можат да се следат ефектите на Александровото животно дело во континуитетот на грчкиот јазик во долината на реката Нил. Египетскиот јазик преовладуваше во тој период. Наспороти целосниот успех на елинизацијата, стариот египетски јазик засекогаш преживеа меѓу народните маси, а откако тие станаа христијани, т.е. 'копти', се разви литературата која, како и сириската, беше предоминантно христијанска, во која беше вклучена и световната литература, како коптичка верзија за визијата на Александар. Тоа може да се смета како последен триумф на елинизмот што од третиот век во н.е. Египќаните го транскрибираа овој коптски јазик, кој не е ништо друго туку развиен стар египетски јазик, со грчка азбука, со неколку додатни демотични знаци, а подоцна ги отфрлија хиероглифите и демотичкиот ракопис. Коптичкиот јазик, наспроти арапскиот, односно на новиот освојувач, продолжи сè до осумнаесеттиот, а во неколку случаи и до деветнаесеттиот век. Коптичката библија сè уште се чита во коптичката литургија, иако не се разбира. Но, во средна Азија арапскиот јазик беше вистинскиот освојувач".

Коине станал христијански јазик, и тој како македонски православен јазик бил царски во Цариградската патријашија, а како царски бил и кај Цар Самуил и Цар Душан. Кај нив црковен јазик останл македонскиот тн.старословенски јазик.

Со укинување на Охридската, Пеќката и Трновската црква, останала само Цариградската патријаршија.На Балканот имало само верски народи Турци и Грци.

Големите сили сакале да создадат држава. Таа била Елада со своите Еладци.

Бидејќи во Елада 100% биле истребени Турците останале само Православни. Тие како припадници на Цариградската патријаршија друго не биле освен Грци.

Х.Н.Брејлсфорд, кој во Македонија доаѓа есента 1903 година, на стр. 275, наведува: „Грците...Тие се навистина свесни за јазикот и лесно ја сфаќаат идејата за стилот. Но оваа нација на лингвисти, наследници на говорот на Атика/Attica/ сепак сé уште нема јазик со кој да се изрази. Или, подобро кажано- има сва јазика. Прво, тоа е народниот грчки од катодневието, димотики /Romaic/ на Левантот. Тоа е жив, експресивен говор, полн јадровити изреки, прикладни идиоми и пресврти во фразите што оддаваат остер хумор и будна, единствена моќ за забележување. Неговата

структура е лабава, едноставно и аналитична. Речникот му е обилен и многу помалку обремент со туѓи зборови од било кој друг современ јазик, иако, се разбира, според корените од италијанско, од влашко и од турско потекло, ги оддава непостојаностите на народот што го зборува. Тој се потпира врз старогрчкиот, како што италијанскиот се потпира врз латинскиот. Тоа е јазик со обележје и сопствена историја, живо, органско битие кој се развил според сопствениот гениј и закон. На него е напишана книжевност која можеби нема изнеанадувачка сила, или убавина, но која сепак поседува извесни особености и индивидуалност. Народните песни од островите и борбените песни на герилците и мартолозите/Klepths, Armatolos/ со едноставност, искреност и жестина го одразуваат активниот, возбудлив живот на луѓето кои ја создаваат грчката нација. Тие пееле како што зборувале, со зборови што имале боја, значење и чуствен syн, произлезен од несреќните и страстите на нивната катадневна живејачка. Паралелно со овој слободен јазик, природен јазик, се развил и еден вештачки, литературен јазик. Тој е потомок на бомбастичниот жаргон пишуван од византиските сколастичари и денешниот углед í го должи на пропагандата на двајца големи патриоти кои ја подготвувале книжевната преродба што í претходела на борбата за независност. Додека герилците во своите полудиви, полујуначки балади на димотики си ги воспевале патот кон победата, Кореас и Регас /Coreas, Regas/, изгнаници во Париз и Виена, пишувале изготвени книжевни и политички трактати, на псевдокласичен дијалект што самите го измислиле. Тие, во славното минато нашле вдаховение за бунт и со грчката слобода тежнееле да обноват една минлива копија на старо-грчкиот јазик. Се чинело дека е патриотски да се отфрлат зборовите позајмени од Венецијанците, или од Турците. Се чинело дека е варварски да се користат аналитичките форми на димотичка флексија и лабавите структури на димотичката синтакса. Едно движење кое признавало такви силни зборови како достоинство, патриотизам и славно минато, доживеало брз успех. Последицата од тоа што денес постои еден јазик за секојдневниот живот и за лирската поезија, а друг за книги, весници, соопштенија и официјални говори. Разликата меѓу нив не е таква каква меѓу пишуваниот и говорниот јазик во други земји. Ние сите користиме доста поучен и по не така чест стил кога пишуваме, одбегнувајќи извесни вулгаризми и неологизми, а без страв од педантерија, употребуваме поголем избор зборови. Разликата меѓу димотики и пишаниот грчки е во речникот, во флексијата, во синтаксата, па дури и во фонетиката...Прашањето за флексијата е уште посериозно: димотики е јазик што умерено користи флексија. Тој целосно го изгубил дативот, а дури се стреми да го отфрли генитивот, додека повеќето соодноси ги изразува со предлог што го определува со акузативот...Една книжевност која користи јазик на кој ниеден човек никогаш не изразил чуство, осудена е на јаловост и неискреност. Гете превел некои балади од димотики, но кој би сторил дури и толку за денешните грчки поети и романсиери ? Учтивиот јазик веќе е толку туѓ јазик, што образиваните Грци сè повеќе и повеќе тежнеат да го прифатат францускиот, како за разговор, така и за пишување. Францускиот јазик е барем природен јазик, кој не зависи од милоста на педанти и патриоти“. (Клепт=к лепт=лепит-кради, Р.И.)

Х.Р. Вилкинсон,[24]на стр. 48, кажува: „(1) Грчкото национално движење. Кон крајот на осумнаесеттиот век, грчкото национално движење, во форма на литера-

[24] Х. Р. Вилкинсон, Картите и политиката, Македонска книга, Скопје, 1992.

турна ренесанса, беше во полн ек, предводено од човек каков што беше Регас (1753 -98), автор на грчки револуционерни песни и организатор на патриотското тајно друштво, и Адамандиос Кораис (1748-1833), кој ги издаваше грчките класици и помогна во реформата и во прочистување на грчкиот литературен јазик...“.

Стр. 53: „Филеленистите на неокласичарите беа грубо продрмани од делото на Фалмерајер што се појави во 1830.[25] Тој тврдеше дека класичните Грци биле комплетно збришени за време на периодот на варварската инвазија, и дека модерните Грци во никој случај не се наследници на Елените....“.

Фалмерајер потвдрил,во Елада коине не го познавале. Ова говори дека Хелените не биле збришени, затоашто коине не бил народен туку само христијански јазик. Па во Атина со Атика и Елада... народен јазик бил само варварски=пелазгиски.

Стр. 136: „...Грчкиот јазик, како и да е, не можеше да се ослободи од сопствениот damnosa hereditas, Античката традиција. Разликата меѓу грчкиот и народниот јазик беше една карактеристична одлика во историјата на јазикот почнувајќи од древниот па сè до современиот период. Тој мора делумно да го објасни и неуспехот на грчкиот јазик да опстане на поширока област отколку што е тоа само на полуостровот. Грчкиот поет Соломос (1789-1856), беше во голема мера свесен за опасноста од употребата на националниот јазик, ‘еден јазик кој никој не го зборувал ниту пак го зборува ниту пак ќе го зборува’, но и покрај неговиот протест во 1832, традицијата на мртвиот јазик се претпочиташе повеќе отколку онаа на животот како основа за рук (службен) јазик на Грција, и Кораис Katharévouas или прочистен грчкиот јазик кој се одржа до 1917 и покрај опозицијата на многумина луѓе од културата каков што беше и Јон Психарис (1854-1929)“.(Катара=ка тара=дара, Р.И.)

Се кажа: „употребата на националниот јазик, ‘еден јазик кој никој не го зборувал ниту пак го зборува ниту пак ќе го зборува’...“. Па и следи без грчка нација.

Ова се потврдува дека катаревуса, како германскиот јазик, имал четири падежи. Бидејќи во Елада никогаш го немало дативот (кому му- нему му=м у), тој бил многу потежок за учење и затоа бил отфрлен. Исто така, се одбегнува и генетивот.

Секој народ има еден јазик, а тн.Грци четири.Следи тие биле само за циркус.

Ханс- Лотар Штепан,[26] на стр. 54, пиши: „Филологот, преведувач, реформатор и лекар Адемантиос Кораис околу 1850 год. (по Христа) од старогрчкиот изведе јазик за настава и официјален државен јазик, при што поради неговото ‘братско учење’ си создаде непријатели во православната црква, чиј Патријарх со своето ‘татково учење’, ‘поредокот во времето под турското владеење го сметаше за теолошкио исправен’ “.

„Катаревуса остана јазикот на весниците, законите и науката. Тој во 1911 год., во Уставот беше прогласен за официјален јазик. Дури во 1917 год. Венизелос го воведе Демотике- грчкиот во основните училишта. (Abrados, стр. 288)

Во 1964 год. Централната партија обата јазика ги сметала за рамноправни. Во времето на воената хунта, 1967 год., Катаревуса повторно беше прогласен за службен јазик, а Демотике беше ограничен на првите четири години во основните училишта. Овој јазичен дуализам дури во 1976 год. (уште подоцна од 1944 !) беше тргнат настрана: Демотике стана официјален јазик во образувањето и службите. Но

[25] Geschichte der Halbinsel Morea während des Mittelalters (Штутгарт и Тубингер, 1830-36).
[26] Ханс- Лотар Штепан, Македонскиот јазол, Аз-Буки, 2004.

Катаревуса уште долго време беше јазикот на судовите, црквата и армијата. (стр. 288) И покрај тоа Димотике, иако мачно, се спроведе.

'Секако дека има различни типови на Демотике-грчки ... Јазикот што ние го нарекуваме новогрчки, не е хомоген, бидејќи содржи ... многубројни елементи на стариот висок јазик.' Сè е јасно ?"

Следи имало еден еладски народ ама со четири јазици (тн.Хомеров, коине, катаревуса и димотики). Ова е комедија. А бидејќи четири Еладци со по еден јазик меѓусебно не се разбираат,е трагедија.Значи,Еладците се само едно: трагикомедија.

ФАЛСИФИКАТИ И ЗАГОВОРИ НА РИМ

Фалсификат бил на Рим копјето се кое бил прободен Исус Христос. Тоа било на Рим од VIII век, што го носел Карло Велики, како свето копје на сите цареви, а се чувало во Виена. Него го зел и Хитлер за тој да биде непобедливи. Тоа по војната било вратено назад во Виена- во ист простор и на исто место. ...

Како потврда дека тој век бил век на фалсификати е доказ таканаречената Констатинова Даровница за примат на папата што Рим го направил во 750 година.

Љубомир Кљакиќ,[27] на стр. 239, пиши: „Основно поле на сукобот кое со стотини години пресудно влијаело на карактерот на западноевропското општество и, со текот на европската експанзија од XV век, профилирало (и) на планетарната заедница, есте борбата измеѓу папството и царството за примат во заснована тотална доминација. Овој сукоб околу водството- leadership е битен политички сукоб кој, на жалост, не е темелно истражуван, посебно не внатре на највлијателните струји на мислења со текот на XX век. Истражувањето на француската историја, општеството, културата, револуцијата и улогата на католичката црква, односно нејзините редови а посебно езуитите, која ја објавил Жил Мишле (1798- 1874) и денес уживаат висок углед, а одвај да се надминати. Овој современик на нашиот Вук Караџиќ, близок на нашиот научник и по застапената сродна концепција на историјата одоздола или структурална историја, одел по пат кој го отворил Вико од Scienza nuova. И денес истражувањето на историјата на папската инквизација, која ја обавил Хенри Чарлс Ли на крајот на XX ја сматраа најцеловита.

Обновениот интерес за сукоб на паството и царството околу политичката моќ на локалниот и глобалниот план, е предизвикан во текот на осумдесеттите години на XX век и со сознанието дека тој сукоб не е ствар на минатото како што некои, сосем неосновано, тврдат.[28]

---

[27] Ljubomir Kljakić, Oslobađanje istorije I- III, Prva knjiga, Početak puta, Arhiv Kljakić, Beograd 1993.

[28] Световно- политичкиот карактер на понтификатот на папата Иван Павле II е најавен веќе на самиот почеток, после триесетпетодневната и напрасна смрт на окончаниот понтификат на неговиот злосреќен претходник, Иван Павле I. По многу истраживачи, Карол Војтила 1979. година дошол на столицата на св. Петар после опскурното убиство на неговиот претходник во центарот на Ватикан. Многу опскурни финансиски интереси, како и интереси на моќ довеле до овој злочин. Иван Павле II ги заштитил сите прелати вплетени во овој настан- да се спореди, Дејвид Јенлоп: Во име на на Богот, Нова књига Белград 1968. Иван Павле II, исто така, ги обновил сите облици на класичниот експанзионизам на римокатоличката црква. Обновата на папството и неговите глобални претензии влијаеле на обновените интереси за разматрање на сите димензии на ватиканската политика низ просторот и времето, а посебно во текот на XIX и XX век.

Сукобот на папството и царството околу водството- leadership, отпочнал така што римскиот бискуп, тогаш само еден од христијанските поглавари на Апенинскиот полуостров- Равенска, Аквилејска, Миланска и Сплитска бискупија се борат против неговата супермација сè до X век- годината 496. тргнал во голема обнова на Римското царство. Кловис I, фрначки крал од династијата Меровинги, бил избран како отелотворување на оваа амбиција на римскиот бискуп, одиграл улога на нов христијански цар кој ќе го обедини разбиеното Западно римско царство. Папата го подарил со титулата Novus Constantinus, Нов Константин. Тоа било прво покушување папскиот трон својата политика да ја спроведе со посредство на подложната световна власт. Еден Меровинг случајно не бил избран за оваа мисија. Меровинзите уживале углед на владетели- чаробњаци. Ги викале 'долгокоси кралеви', сматрајќи дека во својата коса носат магиска снага, моќ и врлина, фр. Verta. Преданието наведува дека Меровинзите се потомци на Тројанците, односно балканските Пеласти и дека, во освит на христијанството, од Пелопонез, со долината на Дунав дошле во подрачје на средна Европа. Како аргумент во прилог на ово родословие се наведуваат современите топоними во Фрација- градови Троа, Troyes, Париз, Paris за кои тврдат дека се со тројанско, односно пелазгиско потекло.[29] Старото име на Париз е и Lutes од имети Љутиќ, еден словенски народ. (Лутес од лут до Лутер итн., Р.И.)

Пелазгиското потекло и магијската моќ претставуваат квалифијација со која Меривинзите го остариле своето владеачко првенство. Дури и ако ова предание во сите датали не одговара на чинителите, важно е да се истакне извонредниот углед кој, на тогашниот европски запад, имале овие балкански потомци. Очигледно сеќавањето на врлината на избраните заедници од Балканот уште била свежа во раниот среден век. Не треба нас да не чуди оваа појава. За историските разлози кои до неа довеле опширно сум пишел во пораните поглавја на оваа книга.

Роберт Гревс, на основ на зачуваните трудови на Хомер, Аполониј Роданин, Плиниј, Страбон и други антички писатели, како и на основа на зачуваните документи за Орфичките мистерии, ја публикувал зачуваната верзија на пелазгискиот мит за постанокот на светот.

Кога Еуринома, божица на сите ствари, излегла гола од хаосот, а немајќи на што да се ослони, ги одвоила водата од небото, и играјќи, тргнала према југ, ја стигнал северниот ветер, Северец или Бореј. Од сретнувањето на Еутринома и Бореј настанала змијата Офион која се впушти во љубавна игра со нашата божица. После што ова снесе сеопшто јајце од кое се појавиле сите Еуриномини деца, сите ствари кои постојат: Сонце, Месец, планети и звезди. Земјата со планините, реките, расте-

Белата раса била еден народ со ист јазик варварски=пелазгиски=тн.словенски, на кого Сотер=сотр-сотри, а сотрувачот на непријателот е спасител. Следи тој народ имал иста традиција, исто верување..., кои биле прифатени и од богомилите.

Мноштво богомиле се преселиле низ Италија, Франција... со својот Бодин ...

Следи да се има наследници на Васил I Македонски, од Лео VI, ќерката Ана од Византија со Луј Трети од Провенс (880- 928)- Ана починала околу 912. Нивни син бил Чарлс Константин де Провенс, со титула Гроф од Виена, а починал 963. Се оженил со Туберг де Сенс, и имале четири деца итн.

Отон I го оженил синот Отон II со Теофана од македонската династија...

Се повторува дека „околу 150.000 коњаници и пешадијци мигрирале од Тракија во регионот на Дњепар, за што потврдуваат на стотини ковчезчиња...“.

„за срцбата на главниот јунак, лутиот Ахилеј, кој како пагански ‘господар на Понт’ се ведрел и облачел на Црно Море готово сѐ до појавата на св. Никола“.

Милан Будимир,во насловот Вампиризам во европската книжевност, наведува: „Од Речникот на САНУ сознаваме дека и еден голем лептир се вика волковлакнест. Тоа ќе биде оној лептир кој се вика мртвечка глава. Неговото име Acherontia atropos доволно јасно ја остакнува демонската ономасиологија. Демонскиот карактер на брзиот и виловитиот коњ произлегува веќе од чинителот што тоа животно го има и во Илијада и во нашата народна песна со пророчка моќ. Шарецот на Марко Кралевиќ потполно одговара на Шарецот на дивниот Ахилеј. Иако името Балиос му е поради почетната консонанта што укажува на илирско потекло“.

Бидејќи коњот бил бригиски, а таа била и илирска, врската била со Бригија.

Се наведува и македонскиот светец Ѓорѓија како руски во својот руски грб.

Александар Дугин, „Ново хиперборејско откровење“, Книга втора, „Мистерије Евроазије“, 1999, Белград, на стр. 124, пиши: „Рускиот монархистички грб- Двоглав Орел- во почетокот исто така бил симбол на ‘Сокол-Рурик’, носител на магиската снага Хварена. Една друга поединост повеќе го привлекува вниманието. Москва, престолнина на руската држава и место каде обитува Царот, на својот грб го има Свети Ѓорѓи, Победник кој го убива змејот (грб на Јуриј Долгорак, основач на Москва). Вархарн (бог Хварена) пред сé е бог на Победа (Свети Ѓорѓи исто така е Победник Победоносец). Освен тоа, како што веќе рековме, зборот Вархарн-Вереттрагна значи ‘Убиец на Змија’ (односно Змеј), ‘Убиец Вритре’ и Свети Ѓорѓи обично биле претставени како убијци на Змеј“.

Варезите со својот Рурик биле поврзани со нашиот царски град Цариград.

Следи во Русија, како во Македонија, за Илинден да се заколи и зготви бик.

Во Централната библиотека во Москва се чува древен наративен споменик под името „Московски анали“, чиј автор е летописецот на Русите, т.е. на Московјаните- Јеремија Русо. Во тој летопис стои напишано: „...Русите, односно Московитите потекнуваат од древните Македонци, кои освен со другите земји, владееле и со Египет 276 години...“.[49]

Бидејќи Македонците зборовите ги правеле со в-н-т, ист случај бил кај Русите.Исти знаци на пишување со исти значења имало во Русија, Македонија и Египет.

Руското кнежевство и црква биле во врска со Цар Самоил. Врската била со народната=булгарната Охридска архиепископија, оти имало само црковни народи.

П. Тулајев, стр, 21: „блискиот митрополит Кипријан (со потекло Бугарин)...“

Во прилог се и моите книги во кои се говори, Европјаните биле/се Балканци.

Ото Цирер,[50] стр. 89, во објаснувањето, пиши: „Легенадарниот христијански мученик Георг треба околу 303 како римски офицер да умрел. Неговата змеова борба била во XI век испеана. Крстоносниците го донеле неговото почитување на запад (денес национален светец на Англија)“.

---

[49] Фрањо Баришић, I Порекло Словена (Во предг. Кон книгата на: Мавро Орбини, Краљевство Словена, Белград, 1968), стр. CXLVIII-CXLIX.

[50] Otto Zierer “Große illustrierte Weltgeschichte- Sieg des Kreuzes”, F. A. Herbig Verlagsbuchhandlung, München- Berlin, 1983.

Харолд Ламб, на стр. 438, пиши: „Фантазијата на средновековна Европа го обликувала во романтичен рицар, великодушен во подарувањето на богатства. Алисаундре, како што се чинело тогаш, го барал патот за Рајот. Alixandre le Grant го предизвикал паѓањето на Рим и го поминал патот низ сите народи- дури во една верзија, давајќи ѝ ја Шкотска на Англија ...“.

ПОСЕБНИ СЛОВЕНСКИ НАРОДИ НИКОГАШ НЕМАЛО

Бидејќи се пиши дека Словените дошле од север на Балканот,еве за Скитите:

Херодот, во IV-28, вели: „Целата таа земја за која стана збор е многу студена. Таму осум месеци во годината е таков мраз што, ако во тоа време излееш вода, нема ништо да расквасиш, туку ќе расквасиш само ако запалиш оган. Сè замрзнува, и морето и целиот Кимерски Боспор. Скитите кои живеат од другата страна на каналот одат на воени походи по мразот и, превезувајќи се со коли, ги напаѓаат Синдите што се преку морето. Така, зимата трае осум месеци, а во текот на другите четири месеци е студено. Тамошната зима се разликува во многу нешта од зимата во сите други краишта. Таму, кога е време за дождови, речиси воопшто не врне, а лете дождот не прекратува. Во време кога во други краишта има грмежи, таму нема, а летно време се чести. Ако загрми зимно време, луѓето се чудат и тоа го сметаат за некој божји знак, И ако има земјотрес во скитската, било лете или зима, и тоа го сметаат за божји знак. Нивните коњи лесно ја поднесуваат таа зима, а маските...“.

„31. А за пердувите со кои- велат Скитите- е полн воздухот, па поради тоа не е можно ниту да се види понатаму земјата ниту да се минува низ нив, вакво мислење имам за тоа. Погоре од земјата на Скитите постојано врне снег; лете, се разбира, помалку отколку зиме. Секој, значи, што видел одблизу како паѓа густ снег, знае што зборувам; имено, снежинките личат на пердуви. Поради зимата, која е таква, северно од таа земја просторот е ненаселен. Кога Скитите и нивните соседи викаат пердуви за снежинките, мислам дека тоа е поради сличноста на снежинките со пердувите. На овој начин е извесно сè што се прикажува за најоддалечените земји“.

Следи северот се населувал многу подоцна- па без преселби на тн.Словени.

За некои автори, Словените потекнале од Скитите. Пак, за Херодот I, I, 106, „...Скитите владееја со Азија...“, а во IV, 5 и 10, стои: „Како што прикажуваат Скитите, нивниот народ е најмлад народ...“. Кралевите на Скитите потекнуваат од Херакловиот најмал Скит. Па ова говори дека Скитите биле Балканци и Малоазијци.

Иво Вукчевиќ,[51] на стр. 85, има наслов: „4. СКИТИ, САРМАТИ

Во трудовите на древните географи Скитија е еден од најрастегливите и најлизгави појмови. Во различни времиња тој се однесува на помалку и повеќе на региони кои се простираат од Југоисточна Европа на запад до Централна Азија на исток.Во Европа географскиот појам Скитија се поврзува за два региони,имено за Црноморската степа,каде се развило првото Скитско кралство и,подоцна,Мала Скитија, римска провинција која ги обфаќала земјите јужно од самото устие на Дунав.

КАКО ИЗГЛЕДАЛЕ СКИТИТЕ

Современите грчки занаетчии ги опишуваат Скитите како народ по правило брадати машки, кои носат долга бујна коса, склонето чело, можда повеќе со словенско лице, карактеристично по дебелите обври, длабоко всадени очи и со изразен

[51] Ivo Vukčević, Slovenska Germanija, Pešić i sinovi, Beograd, 2007.

нос. Поскорешните ископувања на скитските гробови нудат занимливи физичко-антрополошки обавестувања. Тоа значи, пиши Renate Rollet, дека ‘во европска Скитија, вклучувајќи го регионот Кавказ, Скитите биле европоиди без ниедно монголско обележје.’ (Die Welt der Skythen, 1980). Ископувањата исто така упатуваат на сличност во граѓата на древните Скити и Срби горштаци од Црна Гора. Rollet пиши: ‘Скитите биле релативно високи. Висината нарочито е приметна при сохранувањето на повисокиот општесвен слој... Често се висини преку 6 стопи (1,80 м), некогаш преку 6,3 стопи (1,90 м), а е познато дека во поедини случаеви достигнувале и 6,6 стопи (2 м)... Овој феномен во потполност може да се согледа на источниот крај на скитскиот свет.’ “

Поголемите тела релативно имале помале површина на кожата во однос на помалите.Токму и затоа поголемите трошат помалку енергија за загревање...,со што се поекономични на ладните скитски простори, како и на височините во Црна Гора.

Историски имало Анти, Венети, Склавини и Словени. При тоа Анти=Анти, Венети=Венети, Склавини=Склавини според област и Словени=Словени од слово.

За да се потврди дека Словени биле Словени, само според слово, а имало и Божјо Слово, како и Логос=Реч=Слово, се доказ Русите. Кога Солунските Браќа биле на тајна мисија во Русија, испратени од македонската династија, тие таму виделе дека Русите пишеле со рецки и затоа се нарекувале Рецкари- „роцки народ“- „роски народ“, но никако Словени. Кога Русите го напаѓале Цариград, 860 година, тие се изјаснале за Словени (Фотиј). Па ова било по мисијата на Солунските Браќа. Следи Русите го прифатиле словото.Пак, тоа не било тн.словенско туку коинско=тн.грчко.

За доказ дека балканските тн.Словени биле балкански Домородци е доказ што на Балканот нема ниедно домашно животно преселено северно од реката Дунав, а преселбите биле само со домашни животни, со коли влечени само со волови.

Наведеното објаснува дека реката Дунав било погранична- северно без домашни животни и земјоделски култури. Коњот и културите станале скитски, а самите Скити биле со балканско-малоазиско потекло со исти богови-со други имиња.

И.Вукчевиќ, стр. 83, пиши: „ДИВИ, СЛОБОДНИ И НЕМААТ ВЛАДЕТЕЛ

Словените како Склавини конечно влегуваат во историските записи како дунавски Склавини во Диалози на Псеудо-Цезариј, компилација од V век заснована на еден дел на изворите од VI век: ‘Склавенои... се диви, слободни и немаат владетел... Меѓусебно се довикуваат како волци кога завиваат.’ Склавеноите, према овој автор, во секој случај се суштинска спротивност на несловенски народ: ‘Фисонци, кои избегнуваат конфликт и покорно се потчинуваат на секој кој наиде.’ “

Стр. 84: „НЕСЕЛБА НА СЛОВЕНИТЕ

Во следниот век Прокопиј Склавеноите ги сместува на долниот тек на Дунав. Према Јордан, ‘населбата на Склавените се шири од градот Новиодунум и од езерото викано Мурсијанско према Гњестар и на север, сè до Вистула.’ Како никогаш не им ласкал на непријателите на Готите, Јордан тврди дека ‘тие имаат бари и шуми за своите градови.’ (Готите биле Монголи со бугарскиот бог Асен..., Р.И.)

СКЛАВИНИ ИЛИ АНТИ

Иако поделени на многу племиња со различни имиња (Quorum nomina licet nunce per varias familias et loca mutentur), пиши Јордан, Венетите повеќето себе се нарекуваат Склавини или Анти: principaliter Sclavini et Antes nominatur.

ЕДНА КРВ И ЕДЕН ЈАЗИК

‘Упркос разлики во имињата и местата’, пиши Јордан, ‘сите Венети, Анти и Склави се една крв и со еден јазик.’

НЕ СЕ РАЗЛИКУВААТ СО ПОЈАВАТА

Запознат како со Антите, така и со Склавините кои како платеници í служеле на византиската војска, Прокопиј, советник на големиот византиски војсководител Велизар, не е во состојба да ги разликува едните од другите: ‘Склавините и Антите не се разликуваат со појавата. Сите тие се високи и јаки, кожата и косата не им е нити светла, нити темна, и сите се црвени во лицето.’ “

Ако би имало било какви словенски народи, нивното потекло би морало да биде познато многу милениуми во старата ера, а не само од V век-паднати од Небо.

Веста за Склавините, ни никако Словени, потекнува дури од почетокот на V- от век од периодот на Псеудо- Цезариј, кој во Диалози, одговорувајќи на 110- то прашање. Изворот ги наведува Склавините и упатува дека тие и Фисонците живееле негде во близината на Дунав и поради тоа се нарекувани Подунавци: οι Σκλαυένοι καμ fυοννι ται, οι καμ Δαυόυβνοι προσαγάρεπυομενοι. Според него, „Тие првите се диви, слободни и без погавар, бидејќи своите водачи и старешини постојано ги убиваат било на гозба било на пат, и се хранат со лисици, диви мачки и меѓусебно се довикуваат како волци кога завиваат...“. (Склавините не биле канибалисти, Р.И.)

Бидејќи тие од разни поводи биле побегнати од Балканот без домашни животни, тие оставени на тие сирови услови морале да се однесуваат како дивјаци.

Како споредба се наведува, околу стогодини подоцна, Прокопиј Цезарски од почетокот на VI- от век, пишел: „Овие народи, Склавините и Антите, не ги владее еден човек, туку од старо време живеат во демократија и затоа кај нив на зеднички собир се решава... за јавните работи... кај овие варвари е земено како обичај од стари времиња...“.

Следи да се разберат два склавински народи: Дивјаци и Питоми. Дивјаците биле варвари, а варварскиот јазик бил пелазгиски=тн.словенски, како и на Скитите.

За склавинските опсади на Солун се битни вестите најзначајниот хагиографски зборник од 548 година:[52]

„На 26 октомври, по обичај, целата земја го празнуваше денот на победоносецот, мученикот Димитрија, кој го сакаше својот град (Солун, Р.И.)...Никаде не се слушаше варварски глас. Меѓутоа, на вториот ден... се запали неговиот сребрен кивот[53]... Масите не се разотидоа (по пожарот, Р.И.)... Еден човек...кој служеше во славната војска на дакијската скринија (државна служба) на перфектурата Илирик ...(кој) започна да вика: ... варвари се појавија ненадејно околу sидот. Сите излезете со оружје... тој виде во полето не многу голема варварска војска, но многу јака, бидејќи беше составена од избрани и искусни борци... тие не би нападнале на еден толку голем град кога не би ги надминувале по својата сила и дрскост оние со кои и дотогаш понекогаш војувале... за противник го имаа одбраниот цвет на целиот склавински народ... кога се појави помошта... варварите беа прогонети и отстапија во масовни групи од оние места во кои беа навлегле. Кога се случиле тие историски

[52] Годината 548 е одредена од Ф. Баришиќ, Чуда Димитрија Солунског како историски извори, Белград 1955, 33-34. Види и Документ I, 5, 23 и бел. 39.

[53] Се мисли на балдахинот под кој се чувало ковчежето со моштите. Индикативно е палењето на кивотот, иако не се кажува како се случило тоа тешко дело кое го возбудило и вознемирило целиот град Солун. Солун бил тема на Христијани со коине, а Склавините=Повеќебожци биле со варварски.

событија и во какви политички услови јасно е посочено во изворот. Тоа се случило три години по смртта на Јустин и стапувањето на престол на победникот Тибериј I, во почетокот на 80- тите години од VI век, точно тогаш 'изврши напад проклетиот народ на Склавините'. Тоа ќе значи дека во услови на династичките промени и нестабилни политички околности и во услови на изгубена контрола врз окупираните територии, се побунил и нападнал 'проклетиот народ на Склавините' ".

Па Склавините говореле само со варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

Во Историја на македонскиот народ (1969)варварска земја била Македонија.

Стр. 148: „...Заземајќи ги раководните места во црквите, тие биле должни-известува Теофилакт- 'со своите молитви и совети' да ја зацврстуваат 'ромејската власт' и 'елинскиот говор' во 'варварската земја' Македонија".

Институтот за национална историја од Скопје- Р.Македонија, во 2000 година ја издаде „Историјата на македонскиот народ". Во том први, на стр. 408, 409 и 485 стои: Наследниците на архиепископот Теодул биле „добри заштитници на 'ромејската власт' во Македонија. Во тоа особено се истакнал ахиепископот Теофилакт Ифест, познат како Теофилакт Охридски, кој бил на чело на Охридската архиепископија кон крајот на XI век и почетокот на XII век". Тој имал негови писма и „две житија за Тиверполските маченици и Климент Охридски". За него Македонија била „варварска земја", Македонците „простаци" и „варвари", нивниот јазик „варварски јазик", името на реката Вардар „варварско", на Кичево исто така „варварско"...„Архиепископот Теофилакт во едно свое писмо отворено признал: Бидејќи живеам меѓу варвари, сум станал простак"...„во варварска земја" Македонија започнале самите да се „варваризираат"...„живеејќи подолго меѓу варварите"...„варварски јазик"...„поварварен"...„варвари"...„по род Македонец" итн. Кон ова да се надоврзе поимот варвари, користен за античките Македонци, како што за Филип Македонски говорел Демостен. Следи да се говори и „по род Македонец".

Во Историјата на македонскиот народ се наведија повеќе автори, но не она што тие го пишеле дека тн.Словените говореле варварски јазик- како Македонците.

Па тој варварски јазик бил истиот јазик на Антите, Венетите и Склавините.

Макс Фасмер за Тесалија истакнува дека „Велегезитаи, чија област во XII и XIII век се викала Велегезас"...„чие образување воочливо се всогласува со името на Антите Тазиархос Доврагезас". Антите и Склавините имале ист пелазгиски јазик.

Макс Фасмер пиши: „Конечно од XV век уште за понатамошниот живот на Словените на Тајгетос како сведок е местото од опишувањето на патувањето на Ласкарис Канонос за Deutschland и северните земји да се спомене, чие постанување Василјев (Buzeskul- Festschrift стр. 397 фф) го поставил во 1412- 1418 година. Таму Гркот (Ромеецот, Р.И.) исто така го опишува опкружувањето на Либек и таа земја ја нарекува Stlavounia. Тој тогаш ја додал забелешката за сродноста на либекските Словени со Зигиотите на Пелопонез": варварски=пелазгиски=склавински јазик.

Значи, Склавините во Пелопонез и оние на Либек биле „сродни". Следи Еладците како Македонците во XV век говореле склавински=тн.словенски. Па овој бил само варварски=пелазгиски=тн.Хомеров=тн.Платонов=тн.словенски. И сé е јасно.

За да се потврди дека никогаш немало Дојденци, Словени, се потврдува и со наводот на Макс Фасмер. Според него, во Елада имало словенски поими од пред да има преселби на Словени. Па варварски=пелазгиски бил само тн.словенски јазик.

Следи народен јазик бил пелазгиски=тн.словенски, а службен тн.византиски коине. Бидејќи од коине бил создаден пелазгискиот тн.старословенски и тој станал службен: коине бил во царската Цариградска патријаршија, а тн.старословенски во народната Охридска архиепископија.

Авторите пишат дека имало тн.Словени: Анти, Венети, Склавини и Словени. Пак, Анти=Анти и Венети=Венети, Склавини=Склавини и Словени=Словени.

Бидејќи Анти имало во Тесалија..., Венети и Венецијанците,а Склавините на трите стари континенти, тие не можеле да бидат Словени од слово,а и Божјо Слово.

Бидејќи Русите за Словени се изјасниле само во 860 година (Фотиј), се потврдува дека Русите дотогаш биле само Рацкари- тие пишеле со рецки, но не слова.

Во Летописот на Монемвасија Аварите крстареле низ Балканот и дошле на Пелопонес.На Балканот немало било какви тн.Словени,а овде се битни Склавините. Кога тие дошле на Пелопонес,таму Склавините веќе ги нашле-тие биле домородни.

Бидејќи Фалмерајер забележал дека Еладците не го говореле хеленскиот јазик коине, кој бил само македонски Птоломејов Александријски јазик, заклучил, дека Хелените изчезнале. Бидејќи тој никогаш не бил еладски јазик, Еладците биле само одродени Склавини=тн.Словени- Склавини имало на трите стари континенти.

Склавините биле Хелени=Повеќебожци, а Ромејците=Христијани. Ова било повод Склавините да се христијанизираат и само така тие станувале едно: Ромејци.

Бидејќи никогаш немало тн.словенски народи, тн.Словени биле политички.

Секој оној кој што пронајде доказ/наод за преселби (растение, животно, кола- дел од кола, колце-дел од колце...пари...сад...) итно да добие Нобелова награда...

Бидејќи ние Македонците последните векови страдаме како Словени, а на Балканот (Пелопонес...) Склавините биле домородни, итно да се прекини расправата за името со Грците кои се одродени Склавини и Цигани од 14-15 век со бузуки

П. Кречмер истакнува: „Ниедно културно богатство не е толку трајно и долговечно како што е јазикот. Особено се непроменливи и постојани имињата на местата, дури и тогаш кога населението се променило“.

Наведеното го потврдил и грчкиот лингвист Тсиоулкас (Чулкас).Тој, во 1907 година, напишал дека Славо-Македонците во Лерин говореле ран Хомеров јазик. Па и затоа тој се „самоубил“- поради вистината многу биле истребени. Бидејќи Еладците биле заведени од Европјаните, тие до денес си го истребуваат својот тн. Хомеров јазик, кој бил варварски=пелазгиски=тн.словенски- венетски=илирски. А ова било само повторување на она што се случило со сите тн.не-словенски народи.

Критјаните во 1913 година го разбирале бугарскиот, но не грчкиот јазик. А ова може да се види и во Букурештанскиот договор,во член V: „...Формално е договорено Бугарија отсега да се воздржи од каква и да е претензија врз островот Крит“. Токму овој Критски јазик бил тн.Хомеров.Следи тн.грчки, а без тн. само грчки.

Ова се потврдува и ден-денес со споредување на тогашни=сегашни зборови.

Не смее да се изуми дека се споредуваат слоговни зборови од различни векови и простори. Споредувањата 100% се точни само ако се споредува коински со тн.словенски збор од ист век и на ист простор- имало мноштво говори.

Следи, ако би имало Словени-Дојденци, нивната ДНК не би била балканска.

Бранко Вукушиќ, на стр. 62, кажува: „„Пелазгите се творци на вичнаското писмо дури и на пораното палеолитско население на Подунавјето, Балканот, Евромедитеранот.Археологот Софија Давидовиќ-Живановиќ тврди дека ‘резултатите на

антрополошките истражувања од винчанските наоди со методот ДНК анализи укажуваат на идентичност на епигенетските карактеристики на Винчанците со претходното автохтоно население со кромањонски одлики од подунавското наоѓалиште Падина, Хајдучка Воденица, Лепенски Вир, Гомолова и подоцна населението на Панонија (Жилиште, Бачки Петровац)'. Тоа го потврдила и младата српска научница Билјана Чуљковиќ со анализата на ДНК материјалот на ѓердапската антрополошка серија стара седум илјади години. Најновите наоди од Винча (5. Маркотиќ: Vinča cultura) го потврдува автохтоното винчанско население и продолжува, не само антрополошки, туку и културни карактеристики сè до современото јужнословенско население". (Никогаш немало народ Словени- за нив нема ниеден доказ/наод, Р.И.)

Па подунавјето било погранично подрачје со северни простори без домашни животни и јужно Балканот со домашни животни. Токму крвната група А на белата раса била стара пред 15.000-25.000 г.п.н.е., дури и многу постара. Таа настанала во Левантот од чумата на говедото и грипот на свињата, кои кај Белците предизвикале маласипаница и грип од кои монголските Индијанци изумреле преку 90%. Ова било повод крвната група А да делува одбојно на животинска храна- вегетријанци, со генетско- географска оддалеченост од југ кон север- кон Подунавјето, а не обратно.

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, пиши: „Со среќа...Према познатата расподелба на психолошките типови, кој го дал геоморфологот и антропологот Јован Цвиќ, Хомеровиот Ахилеј го претставувал виолетен динарски тип...". Следи Јован Цвиќ се бавел со расистичката антропологија.

Во прилог се наведува она што со децении се заведуваат Македонците- дури според черепите. Па ние сме биле мешанци- без потекло. Еве што пиши еден автор:

„Во таквите соединувања, како што покажуваат и посочените податоци од откриената некропола Св. Еразмо во Охрид, постои изедначување на старобалканското и словенското население, бидејќи не може да се утврдат поголеми, односно разгранувачки разлики. Сериозна основа за таквата премисла за постоење на континуитет и симбиоза во врските и за за постојните корелации меѓу староседелците во Македонија и Словените, според податоците од некрополата Св. Еразмо, се потпира на фактот дека во некрополата се откриени скелети кои хронолошки можат да се извојат на две групи: постари скелети од VII-VIII век и хронолошки помлади скелети од IX-XX век. Двете серии според истражувањата на М. Штефанчич, е константирано дека покажуваат извесна разлика во демографскиот и антрополошкиот приказ. Во некрополата е утврдено дека се погребувани две различни популации. Во постарите серии преовладуваат потомци од романизираните илирски и тракиски племиња. Помладата популација од некрополата на Св. Еразмо, предложена како претпоставка од авторот, најверојатно, ја претставуваат Словените, кои во процесот на асимилацијата на домашното балканско население го промениле донекаде незначително својот морфофенотипски изглед. Старата серија морфолошки се карактеризира со кратки, широки и ниски черепи што предимно се бракихрони и тапеинохрони. Помладата серија има потесни, подолги и повисоки черепи кај кои преовладува мезохронијата, но со изразита тенденција кон брахихронија, предимно кај жените, што ќе значи се приближува изразито кон претходната популација".

Па без асимилација,ни дисимилација,ни дивјаци Словени, ни романизирање.

Споредбата не е допуштена затоашто таа не се однесувала за исто време и на исто место порадишто што се јавиле разлики во исхраната, квалитетот на почва-

та во однос на нејзината содржина, pH- вредност од која зависи застапеноста и искористеноста на Са, Р…-составни делови на коските-, начин на исхрана и стандард.

Авторот заборавил дека жените во коските страдаат од недостаток на Са…

Да се спомене, што со старењето,искористувањето на Са многу се снижува...

Освен тоа, покажаните резултати биометриски не се потврдени, како и тоа што во антропологијата се преоѓа директно на t-тест, што не е допуштено, затоашто него му преходи проверка со F- тест со кого се утврдува, дали групите правилно се составени, во спротивно не е допуштен t- тестот. Па следи наводите не се озбилни.

А па според други наоди, тн.словенски (долги черепи) биле ретко застапени.

За потврда дека черепите не смеат да се сметат за доказ се самите Критјани:

Петар Лончар (1961), "Историја на античките Грци", Универзитет во Скопје, зборува дека "антрополозите константирале дека во Старата и Средната минојска епоха жителите на Крит повеќе биле долихокефални; дека во Доцнежната минојска епоха бројот на брахикефалните на Крит многу пораснал, а бројот на долихокефалните опаднал. Мезокефалните во сите минојски епохи се добро застапени". Од наводот на авторот произлегува дека климата се променувала, таа била се потопла и потопла, со послаби ветрови. Истото се однесува за пигментот, кој е потемен во зависност од изложеноста на сонцето, што е потврдено со Критјаните. Дјурант пиши: "Нивната кожа при пороѓај била бела. Дамите, кои се држат во лад, имале светол тен, конвенцијално бледило; ама машките, кои на сонцето создаваат богатства, така се препламнати и румени, да Грците ги викаат како Феничаните Phoinikes- пурпурни, црвенокожци. Главата е повеќе долга отколку широка, цртите се оштри и префинети, коса и очи сјајни, како кај денешните Италијани. Овие Критјани очигледно се огранок на 'медитеранската раса' ".

М. Будимир, во насловот Балкански корени на европската писменост, пиши: „Се разбира дека балканските источници се јавуваат покогакога, нарочито кога е збор за најстарите културни епохи, како посредници измеѓу Европа и Анадолија. Затоа положбата на словенските населби во понтско-карпатската област е поврзана со Анадолија со двојни врски: копнени преку Балканот и поморска преку Понтот".

Бидејќи „положбата на словенските населби во понтско-карпатската област е поврзана со Анадолија",се потврдува,тн.словенски народи се само најголема лага.

Историјата никогаш не познавала било какви словенски народи, оти такви и никогаш немало. Историски имало поими за област: на персиски бил сатрапија, на латински провинција, на коине тема и на пелазгиски=тн.словенски јазик склавина.

Бидејќи досега не се познати сатраписки, провинциски и тематски народи, не можело да има и склавински народи.Значи, склавинските народи биле само лага.

Следи на сметка тн.словенски народи да се шират тн.германски народи, кои историски и никогаш не постоеле, затоашто за мене имало/има: раса=народ=јазик.

На белата раса јазикот бил варварски=пелазгиски=тн.словенски, на кого говорел и Платон. Јустин, „Македонците биле со потекло еден пелазгиски народ", а како Македонци биле Траки и Илири. Херодот ги наведува просторите, каде живееле Траки и Илири. Нивните простори се разликувале со темниот вокал: Траките имале помасовна употреба на темниот вокал отколку Илирите.Ова говори, нивниот јазик бил еден ист само со говорни разлики. Па следи Русите потекнале од Илирија.

Вотсон,[54] на стр. 140, пиши: „Понатаму на Запад, пет години (1809-14), кои словенските и хрватските земји поминале припоени на Напалеоновото француско царство како провинција Илирија,оставила траг барем на образуваното малцинство. Интересот за проучување на словенските наречја и граматика, влијанието на Хердеровите идеји за јазикот во општо, а за Словените посебно, те појавата на романтичниот панславизам, посебно меѓу Чесите, имале одек и во јужнословенските земји на Хабсбуршката Монархија.Истакната појава на тоа доба бил хрватскиот писател Људевит Гај, кој постанал водач на 'илирското движење'. Во својот часопис Даница докажувал како постој еден едини илирски народ со словенски говор од Алпита до Варна. Премда идејата била исклучиво вербална, те немало ни говор за некоја акција за стварање на голема илирска држава, ипак предизвикала отпор на власта во Унгарија, со која Хрватска била обединета под хабсбуршката власт. Митернихт 1843. службено ја забранил употребата на името Илирија".

Според Нестор (11-12 век), Русите потекнале од Илирија- само на Балканот.

Следи тн.строгрчки (коине) од Цариград од македонскиот царски двор бил отстранет од Русија, а останал само реформираниот коине како тн.старословенски.

Па немало потпишан договор меѓу руските кнезови и цариградските цареви. на коине, затоашто тие меѓусебно говореле на варварски=пелазгиски=тн.словенски

Исти знаци за пишување со исти значења имало во Русија, Подунавјети, Балканот и Камен Розета во Египет. Бидејќи во Египет владееле Птоломеите- Македонци, се потврдува, на наведените простори живеел еден ист народ со ист јазик.

Пак, Цар Душан се прогласил за македонски цар, оригинални документи...

„Благочестивиот и Христољубив македонски цар Стефан, српски, бугарски, унгарски, далматински, арбанашки, Унгаро-влашки и независен владетел на многу предели и земји". Ова всушност е запишано во Душаноиот законик, кој бил објавен во Скопје во 1349 година. Документот бил пронајден од познатиот славист Шафарик во манастирот Раваница во Срем, а денес се чува во Националниот музеј во Прага... може да се сретне и во книгата од Љ.Стојановиќ: 'Стари српски записи и натписи- книга трета' (Белград, 1908, стр. 41)".

Па имало само обласни и црковни народи- никако некакви етнички народи.

Милан Будимир во насловот Вукова буна, под III, пиши: „Према сè тоа може поуздано да се тврди дека Вук правилно и промислено го поставил прашањето на својата буна и на сè она што од тоа произлегло за балканските народи. Уверен во вековната балканска симбиоза, Вук се интерсирал не само за Србите и Хрватите, туку и за Власите и Романците, за Грците и Арбанасите, за Бугарите и Македонците, со еден збор, Вук бил прв на вистински балканолог".

Следи Вук Караџиќ ги признал Македонците. Меѓутоа, и денес мноштво српски автори не ги признаваат Македонците, што важи и за бугарски и грчки автори. Пак, што се однесува за епирските Арбанаси- Албанија била на Кавказ, тие биле само Бриги со бригиски гласови, што важело и за епирските Власи. Од друга страна, бидејќи јужно од јурисдикцијата на Пеќката патријаршија сите простори биле на Охридската архиепископија, немало ни Арбанаси, ни Власи, ни Еладци како народ.

Во прилог се наведува и дека во Македонија биле Белград, Смедерево... а во неа во XVIII век немало етнички народи туку само Турци=Муслимани и Грци=Пра-

[54] Hugh Seton- Watson,Nation and States,1977 (Nacija i država,ČGP Delo OOUR GLOBUS,Zagreb, 1980)

вославни- постоела само Цариградска патрјаршија. Ова било повод Вук Караџич да оди во Виена не како Србин- српски народ немало, туку само како Турчин или Грк.

Милан Будимир, во насловот Вукова буна, под III, вели: „Во прилог на изузетна важност на овој општествен термин- а не племенско име- говори и посебната ситуација во неретванското задгрбие, каде В. Скариќ и М. Филиповиќ на просторот од Добој до Коњица утврдиле постоење на старословенска трзне, односно трзин. Така се вика поголемиот простор усред старословенската населба, на кои се приредувани војничките игри и утакмици. Такви војнички игри се опишани не само во Хомеровата Илијада, каде ги приредува Ахилеј во слава на својот погинат побратим Патрокло, туку и во нашата народна песна на која Вук му дава име Смрт на војводата Каице. Тоа сѐ значи дека се српски јуначки песни, со кои се дивела цела културна Европа веќе на почетокот на минатиот век, имале реална подлога во самата општествена организација, од која ни се зачувале само некои лексички и ономастички траги“.

„Антологија на народне поезије“. Приредио Dr. Винко Витезица. III Јуначке песме. Београд. Издавачко и књижарско предузеће Геца Кон А. Д. 12. Књез Михајлова 12. 1937: стр. 128, 36: „Смрт војводе Каице“: „Подиже се господине краљу. Од прекрасне од Мађедоније. Из питома места Смедерева, Од својега двора честитога, Собом води дванаесет војвода; стр. 129...Краљ му божји помоћ називао: „Божја помоћ, Војводо сибињска !“ Војвода му боље одазива: „Здраво, краљу на Мађедоније !...“; стр. 132: Па се краљу под шатором шеће: „Краљу Ђурђу од Мађедоније ! Оди, краљу...“.

Е познато дека името Илирија (Illiric) се употребувало за Јужните тн.Словени, како македонскиот лав во амблемот на македонскиот грб. Па меѓу грбовите на ‘Illiricae gentes’- илирски народ, еден од првите географи на XV век, Enea Silvio Piccolomini, во хералдичките извори редовно се јавува македонски грб. Првиот лав, според досегашните сознанија, како амблем се јавил на печатот на Вук Бранковиќ од Скопје во 1388 година, бидејќи бил семеен амблем на Бранковиќи. (само- ќ=ч)

Па Цар Душан самиот се прогласил за Македонец-исто било и со Бранкович.

Во „Македонски возрожденици и революционери“- Албум, Научен институт за национална историја на македонскиот народ, Скопје, јуни 1950 година, на стр. 13, се наведува Христофор Жефаровик’: „роден е во Дојран во почетокот на XVIII век. Како свештеник распространувал славјански книги низ Македонија и ја напишал прочуената ‘Стематографија’, во која што се дадени образите на славјанските царови и светии. Под сите тие образи се нацртани грбовите на соодветните држави, вклучително и грбот на Македонија. Под секој грб има и по една стихотворба и што се опишува историската судба на соодветниот народ. Книгата е издадена во Виена во 1741 година. Умрел во Москва“.(За виенски потреби како В.Караџич,Р.И.)

Балканците како православни се бореле само против Турците=Муслиманите. Ова говори, тие биле еден православен народ, а во македонските цркви симбол е само дволглавиот орел.Тој бил ромејски, а Православните биле само едно: Ромејци.

Во предговорот се наведува: „...бунтовници- ајдуците. Тие станаа осветници и храбри закрилници на поробените македонски маси. Во албумот се дадени некои од поизвесните ајдуци: Стојо Војвода, Коне Павле, Иљо Војвода и др. Едни од нив паднаа за ослобоувањето на Грција, Србија и Бугарија, како што се например: Кондо Војвода, Аџи Христо, Марко Божар, Ѓ’орги Измирлиев и др.“.

Следи тие се борела само како Православни, а против Турците=Муслимани.

Петар Ичко: „Роден во с. Катарница, Воденско. Учествувал во ослободителното движење на српскиот народ. Тој е еден од раководителите на српското востание. Во 1906 год. бил ополномоштен од српското правителство да склучи мир со Портата во Цариград. Тој мир е известен под името Ичков мир. Но враќајќи се од Цариград за Србија со една турска делегација во 1807 год. тој и целата турска делегација биле убиени во Параќин“. ...

Стр. 25- Кондо Војвода: „Роден во с. Вевчани, Струшко. Во 1806 год. Кондо се јавил во помош на востанатите Срби против Турците. Изработил план за превземање на Белград и сам со 7- 8 другари се втурнал преку една порта во крепоста и им помогнал на Србите, водени од Кара Г’орѓи, да го завземат градот на 30. XI. 1806 година. По една година Кондо пак учествувал во борбите против Турците при Ужица и Лозница, каде и загинал“, …

Следи Калемегдан било ослободен не од Срби- тогаш Срби немало, туку од Кондо Војвода со своите соводачи, сите само Православни=Грци, а таков бил и Вук Караџич, затоашто тој во Виена можел да патува само како Грк=Православен и Турчин=Муслиман. Биле многу Македонци како Грци. Некој треба сите да ги собере.

Бидејќи до 1808 година Македонија била до реката Дунав, што го променал Цојне, имало само Македонци. Следи имало народно предание во кое се говори дека Белград и Смедерево се во Македонија, препеано на современиот српски јазик.

Милан Будимир, во насловот Балкански корени на европската писменост, пише: „Едини излез од оваа апсурдна ситуација...Голема е Вуковата заслуга заправо во тоа што живиот народен говор го подигнал на степен на книжевниот јазик и така го спречил понатамошниот развиток на српскохрватската диглосија или билингвизам, од што уште страдаат некои словенски и балкански народи...“.

Се рече „живиот народен говор го подигнал на степен на книжевниот јазик“.

Бидејќи народот говори без падежно и едноставно, а Вуковиот српски јазик е само наследство на македонскиот тн.старословенски-овој на коине,еве го доказот:

Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, пише: „Песникот на Илијада се сматра основач на најстарата европска книжевност, мада кај Грците несумливо имало и песници пред него. Енциклопедистот со ситен формат Ајлијан знае дека постоела некоја Илијада на јазикот на старите Бруги, најблиски на дарданските сродниви од централниот Балкан...“.

Се говори за „јазикот на старите Бруги, најблиски на дарданските сродници од централниот Балкан“. Па како што било и останало. Следи тоа и да се потврди:

Во прилог се наведува она што Милан Будимир, во насловот Хомерова песна за смртта и љубовта, вели: „ Како песникот ги испреплетил Ахилејевата љубов и омразата ? Досегашните стручњаци...Ахилејевата оправдана лутина и омраза почнува да го напуштаат веќе на почетокот на вториот чин на оваа епска драма, чии протогонисти, жестокиот Ахилеј, како што рековме, во некоја рака прави слика Цвиикевиот виолетен динарски тип и оштра спротивност на потоњиот грчки идеален трезвеник, кој постапува во сѐ ‘сос-меру’, како што кажува епигончиќ гркоманскиот кир- Јања“.

Па следи „сос-меру“ не било во српскиот јазик кој бил само на Вук Караџиќ.

Милан Будимир, во насловот Вукова буна, под IV, пиши: „Неоправдано е, затоа, да се оптужува Вук поради пансрбизам...како панкроатизам на Анте Старчевиќ, кој кажува дека во Шумадија живеат ‘најплеменит дел на народ хрватски’...“.

„После овој преглед Вук го изнесува својот поглед на задачата на повисоката класа во српскиот народ и на негативниот однос на таа класа према народните маси. Тука тој се покажува сосем како реален политичар, далеку од секоја романтика и од младинските илузии и фантазии. Со овој збор, овој револуционер со штул, кој работел за својот народ од пола век и кој ги задолжил Србите сите и секаде повеќе отколку икој пред и после него, не може да се сматра шовинист во прв ред затоа што им сака добро и напредок на сите Срби, на сите Хрвати и на сите муслимани, па се разбира и на оние чија народност во она доба не можело поточно да се одреди. Тоа се гледа на две места во второто издание на неговиот Рјечник. За торлак кажува дека тоа е ‘човек кој нити говори чисто Српски ни Бугарски’, а за Стара Србија читаме: ‘Земја на народот наш од онаа страна на Стара планина. Во гѓекојијите места на Стара Србија, како н.п. во Метохија се говори и денес чисто Српски, а во многу заноси малку на Бугарски’ “.

Х.Р. Вилкинсон, на стр. 62, кажува: „Успехот на Србите имаше следствени репрекусии и во Бугарија. Во 1924 беше печатена првата книга на бугарски мајчин јазик, а по 1835, Бугарите почнаа да ги оформуваат своите печатници. Нивните обиди на полето на националното себе-искажување најдоа адекватен стимуланс во присуство на руските трупи на Балканот за време на првата деката на векот“.

Ханс- Лотар Штепан, на стр. 53, наведува: „По здобивањето со автономија во 1878-1880 год., бугарскиот јазик беше кодифициран. Основата беше источнобугарскиот дијалект (Варна), ‘но во XX век западнобугарскиот дијалект изврши силно влијание’.

Дали ваквиот развој на јазикот ѝ дава право на Македонците да се гледа со посмев ?“.

Македонските преродбеници, бидејќи добро не го владееле говорот од Варна, биле навредувани од Бугарите, дека тие неправилно го говореле бугарскиот јазик, и затоа тие си говореле на брзјачки. Меѓутоа, Македонците не си ги менале своите говори, туки Бугарите кои со два јазици-говори не се еден туку два народи...

Х.Р. Вилкинсон, на стр. 72, кажува: „...Изворите на Лииен исто така го вклучуваат и делата на Ф.К.Л.Х Пуквил, од В.М. Лејк и од В. Јошмус. Како додаток, тој ги употреби и списоците на Муслиманите и рајата, што ги доби од турската влада; но добиената статистика главно се состоеше од некомплетни набројувања на турски и христијански домаќинства и не претставуваше веродостоен извор...“.

Овде има само „Муслиманите и рајата“ или „ турски и христијански“.

Ова говори во тоа време немало етнички турски народ, нити друг балкански.

Следе имало само Муслимани (Турци) и Грци- припадници на Цариградската патријаршија со македонскиот, оти другите цркви со македонскиот тн.старословенски јазик биле укинати. Ова говори дека Православните биле Римјани- Ромејци. Ова говори, тогаш немало еладски етнички народ. Ама и никако ни бугарски народ.

Во прилог се наведува британскиот патеписец Џорџ Фергусон Бовен. Тој во 1849 година ја посетил државата и разговарал со нејзините граѓани. Тој соопштил: „Селаните, како во европскиот дел на Отоманската Империја, така и оние кои живеат на Јонските острови, во прилична мера го беа заборавиле своето потекло и се-

бе не се нарекуваа Грци,туку Романи, т.е. поданици на Римската Империја. Тие, како престолнина на своја нација и религија го сметаа Константинопол, а не Атина“.

Произлегува дека селото Атина немало важност, што го наведуваат и други автори, а главен град на христијанската нација и религија бил Константинопол. Сите тие како граѓани биле само Романи- со заклучокот, немало етнички народи.

За да се потврди дека поимот Словени станал политички е и следниов доказ: Ј.Х.Хан (1865), „Путување кроз поречину ДРИНА И ВАРДАРА“, пиши под XXIV. Варош Охрид. ...„Дека овде по знаење на византиски јазик, Бугарите биле последни“...„Во четири од овие се учи грчки а само една од преградието словенски, оти кај христијанските жители во Охрид грчките симпатии биле далеку надмоќни од другите. Тие сакаат да бидат Грци, а никако Словени, покрај тоа што луѓето во школите морале да го учат грчкиот, а булгарскиот само зборуваат во куќата. При тоа ние во Охрид најдовме само една женска глава која грчкиот го знае; оти за женска школа варошот не е кадар“... (Грци биле...Браќа Миладинови, Прличев..., Р.И.)

Следи имало Бугари- наследство на Охридската Црква- и Грци на Цариградската Црква. Се учело тн.старословенски и грчки (коине). Значи, имало два јазика.

А најбитно било што Охриѓани не биле Словени. Па тие не можеле да бидат Словени, што никогаш и не можеле да го научат. Бидејќи со поделбата на Македонија од 1913 година балканските држави го внеле поимот Словени,сите се Словени.

Меѓутоа, поимот Булгари-потоа Грци, бил црковен, а државен само Ромејци.

Бидејќи во 1865 година бил коине, Григот Прличев пишел само на коине.

Вајганд, на стр. 76, говори, дека вулгарниот грчки го викале „ромајка“.

За Вајганд во1924година во Битола немало грчки јазик,туку вулгарен=булгарен, ромејка, кој се викал ромејка. Пак, тој бил според Рим=Ром, а бидејќи на фригиски и=у произлегол румејка. А Битола бил административен центар на Румелија.

Па кај Вилкинсон, следи фуснота: „Во тоа време само Руми (или Грци) Милет и Исламски Милет, беа признати од страна на Турците, Милет според зборовите на Сер Џон Хоут Симон претставуваше ‘малцинство што беше признаето од владата и од законот на Турците, што уживаше извесни црковни привилегии, училишта и примаа автономија’. Бугарите Милет сé до 1872 не беа признати’ “.

Следи заклучокот, бугарски народ сé до 1872 не можело да има- без Бугари.

Х.Р. Вилкинсон, стр. 85, истакнува: „Во 1870 се појави еден настан од големо значење- Турција ја воспостави автономијата на Бугарската црква со назначување на Бугарската Егзархија. Бугарскиот национален препород беше поспор и се јави многу подоцна од оној на Србите и Грците...“.

Х.Н.Брејлсфорд, на стр. 130, пиши: „...Меѓу Бугарската и грчката не постои ниту најмала разлика било во канонот, обредот, или уредувањето. Единствената разлика меѓу нив е што ‘Грците’ ја признаваат власта на грчкиот патријарх и се пишани во ‘Roum’ Millet, додека пак Бугарите ја отфрлаат неговата превласт, се повинуваат на бугарскиот егзарх, во богослужбата го употребуваат словенскиот јазик и се запишани во бугарски Millet...“.

Следи имало три црковни народи: бугарски, српски и грчки на Цариград.

Х.Р. Вилкинсон, на стр. 115, вели: „...Воодушевените извици кон Милан, ‘Крал на Србија и Македонија’, со што Србите му пожелуваа добар пат на својот монарх кој беше на чело на армијата во 1885, одржуваа важен круг за иднината. Повикот на српските експанзионисти во 1885, сигурни во подршката на Австрија а

преку неа и од онаа на Германија, гласеше ‘кон ‘Егејот’, додека само кусо време пред тоа беше, ‘кон Јадранско Море’...“.

Стр, 164: „...произлегуваше од политичката припадност кон било која од балканските нации, би останале само една аморфна состојба. Ако, тврдеше Цвиќ, македонските Словени требаше да бидат соединети во српската држава, тие многу бргу би станале Срби според својата националност- пророштво што никогаш не се исполни. Нема сомнение дека Цвиќ мислеше на Словените од Ниш и Лесковац кои, пред 1878, ги сметаше за Бугари но кои, откако овие области станаа дел од Србија, станаа добри Срби (види стр. 122-123)“.

Македонци имало Срби-српции (косачи), Бугари=б угари оти ридовите си ги угареле,ама и Арбани=ар (ара=ора-ораница) бани (управители),земјоделци итн. Тие во Врање се бореле за Македонија, ним им се судело-Експресполитика 1989/90 год.

Олга Луковиќ- Пјановиќ,[55] под а) Јован Цвиќ и Срби од почетокот, го наведува него: „Штокавски, кој се дели на старо-штокавски (Македонија), средно-штокавски (Србија североисточно од Стара Србија, одн. Македонија) и ново-штокавски (Далмација, Лика, Кордун, Банија, Славонија, Босна, Херцеговина, Црна Гора, Косово, Метохија, Војводина и Шумадија, со: поддијалекти; екавски, ијекавски, икаквски“. (Македонија била до реката Дунав- говорите биле само македонски, Р.И.).

Се потврдува,во Р.Македонија се говорел стар јазик, до Шумадија среден јазик и во Шумадија откаде почнала Србија нов јазик. И следи замена јазик во народ.

Ова било повод за тн.старословенски Русите да пишат, тој бил стар руски, за Србите стар српски, а Бугарите стар бугарски- за без спор нека си фрлат ждрепка.

Пак, под ѓ) Милош С. Милојевиќ стои: „...А тоа заправо време, на исто место пиши понатаму Милојевиќ; ‘...во делот на Македонија и Тракија, или стара Рашка. Тој се огледа нарочито во оние додатоци кај Бугарите како: сребро то, благо то, пушка та...Ова за дел на македонски Срби и за сите Рашани, или Тракијанци покажува..., дека на нив навлегла буграштина, а не дека тоа им е монголштина... Тоа истото го најдуваме кај Велико-Русите околу Архангелска и Белото, или Леденото Море... Примери за тоа имаме кај Максимовиќ (Год. на сјевер. Сп, 1864, г. II...)“.

Се забележува дека живеел само еден ист народ во Русија и јужно од неа до Дунав, во Подунавјето, на Балканот. Следи исти знаци со исто значење се најдувале во Русија, Подунавјето, Балканот со Македонија и Каменот Розета во Египет.

Иако поимот Срби произлегол од срп, п=б, а според поимот срп за жнеачи-косачи, каде има рамница, Срби имало од Балтичко Море до Сирија и Египет. Ова говори, поимот срб не означувал било како етнички српски народ- па таков немало.

Бидејќи српските автори ги оспоруваат Македонците, нивната црква итн., се наведува, што Милан Будимир, во насловот Вукова буна, пиши: „Вуковата буна не им дала духовна самосвојност само на Србите и Хрватите, кои когакога ги викаат Срби со римскиот закон, туку и на Бугарите, Арбанасите и Власите...“.

Следи никаде ги нема Македонците, кои според Србите биле Срби и Бугари.

На следната страна, тој вели: „Прв Александар Македонски, кој Иван Гундулиќ го вика Лесандар Србљанин, иако мошне добро знаел дека дури ни Александров учител, енциклопедистот Аристотел, не слушнал ни за какви Срби во Македонија, а знаел добро за индоевропските Агатирси во денешен Банат...“.

Следи ...Аристотел...Александар...не познавале Срби ни во денешна Србија.

---

[55] Олга Луковиќ- Пјановиќ, Срби...народ најстарији, Досије, Белград, 1990.

„Имало и пред Вук и пред Ерлангенски ракопис на пеачот и собирач. Бугараштиците веќе од петнаесеттиот век па наваму биле познати со нашите приморски книжевници: Хекторовиќ во Рибањ споменува српско пеење и бележи нешто бугарштици, на кои Бараковиќ и Охмуќевиќ им поклониле доста свои песнички внимание, бидејќи да овој вид на епска песна и метрика со долг стих се одржале сè до во осумнаесетти век. Етимологијата терминот бугараштица, која избива на прморските краишта од балканското задгрбие, не е лесно да се одвои од етниконот Бугарин, од сложеницата бугар-кабаница и од глаголот бугарити, кој потсетува на глаголот цинцарити, ситно да се пресметува (исп. Името Цинцар-планина во западна Босна). Така имаме потполна паралела: Бугар се однесува према бугарити како што Цинцар према цинцарити“.(Угарит: б + угарит = бугарит-бугар=б угар на рид, Р.И.)

Се кажа: „овој вид на епска песна и метрика со долг стих се одржале сè до во осумнаесетти век“.Па до овој XVIII век се одржала народната=булгарната Охридска архиепископија, од која неканонски се отцепила Пеќката црква за време на крстоносните војни кога во Цариград немало цар, кој бил надлежен врз православието. Според некои автори, тн.старословенски јазик бил старобугарски јазик.

Значи, поимите Срби, Арбани (=ар бан) и Бугарин не означувале народи.

